# ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ – СКОПЈЕ

СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА
СТУДИИ НА ПОЛИТИКИ

МАГИСТЕРСКА ТЕМА

**Заробена економија:**
**Економските политики како заборавен дел на македонската приказна за заробената држава**

КАНДИДАТ
Ѓорѓи Пулевски

МЕНТОР
проф. д-р Бранимир Јовановиќ

Скопје,
декември 2020 година

Содржина

АПСТРАКТ....4

1. ВОВЕД .... 7

2. „ЗАРОБЕНАТА ДРЖАВА“ ВО ПОСТОЈНАТА ЛИТЕРАТУРА .... 12

3. ИНДИКАТОРИ ЗА ЗАРОБЕНОСТА НА ЕКОНОМИЈАТА ОД СТРАНА НА КРУПНИОТ БИЗНИС .... 28

3.1. Влада раководена од претставници на крупниот бизнис .... 28

3.2. Странски инвестиции: самонаметнат нео-колонијализам? .... 29

3.3. Данок по мерка на капиталот .... 31

3.4. Работнички (не)права .... 33

3.5. Јавно-приватни партнерства, како прикриен начин за приватизирање на јавното .... 36

3.6. Неказнивост на економски криминали .... 38

3.7. Медиуми слободни да му служат на бизнисот .... 40

3.8. Донации на партии како средство за купување влијание .... 45

3.9. Максимален отпор против минималната плата .... 47

4. ПРОЦЕСОТ НА ЗАРОБУВАЊЕ .... 49

4.1. Стопанските комори, секогаш блиску до власта .... 49

4.2. Сојузот на синдикати, секогаш во скутот на власта .... 56

4.3. Медиуми кои го штитат бизнис интересот .... 59

4.4. Про-бизнис невладини организации .... 60

4.5. Под закрила на меѓународниот фактор .... 62

4.6. Економските факултети – расадници на неолибералната мисла .... 63

5. КАКО Е ОВА ПОВРЗАНО СО ЗАРОБЕНАТА ДРЖАВА? .... 65

5.1. Преку контрола на медиумите до контрола на економијата .... 65

5.2. Нефункционална администрација, лесен плен за бизнисмените .... 68

5.3. Корумпирано правосудство, за неказнување на олигарсите ........................ 70
6. КАКО ОВА ВОДИ ДО ЛОШ ЖИВОТ ЗА ЛУЃЕТО? ............................................ 73
6.1. Економско-социјални политики во прилог на привилегираниот крем .......... 73
6.2. Јавни институции кои не обезбедуваат јавни добра .................................... 77
6.3. Уништување на природата за профити на малкумина................................. 81
6.4. Еднакви можности за сите, малку поеднакви за некои ................................ 85
7. КАКО ДА СЕ ОСЛОБОДИ ЕКОНОМИЈАТА? .................................................... 87
7.1. Редистрибуција од богатите кон сиромашните............................................. 87
7.2. Обезбедување квалитетни јавни услуги ....................................................... 88
7.3. Поголеми државни инвестиции во инфраструктура ...................................... 91
7.4. Индустриска политика.................................................................................... 92
7.5. Економска демократија................................................................................... 95
7.6. Алтернативни економски форми на организирање ....................................... 96
8. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА.............................................................................. 102
9. БИБЛИОГРАФИЈА..............................................................................................109

## АПСТРАКТ

Тема на разработка на овој труд се економските политики како заборавен дел од македонската приказна кога се зборува за заробена држава во контекст на источноевропските авторитарни режими од првите децении на 21 век. Покрај најчесто спомнуваните елементи на заробената држава како владеењето на правото, претераната регулација на медиумите, човековите права итн., трудот укажува на потребата од вклучување на економијата и економските политики во концептот на заробената држава. Всушност, трудот аргументира дека економскиот интерес е главниот мотиватор за заробување на државата со цел да се задржи и зголеми моќта и богатството на економската и политичка елита во Македонија.[1]

Овој труд може да придонесе за проширување на разбирањето на концептот „заробена држава “. Трудот користи квалитативен и теоретско-компаративен пристап на истражување, контекстуализира релевантни теории и мислења за коцептот и изнесува свои согледби за почетоците, развојот и целосното заробување на македонската држава. За потврда на фактите се земени предвид статистики од македонските, европските и светските институции, но и новинарски фактографски написи за верификација на дел од тврдењата во тезата.

Трудот најпрво анализира неколку индикатори за заробеноста на економијата од крупниот капитал како на пр. колку претставници на крупниот капитал има во владите, кој ги крои даночните политики во државата, колку се казнува економскиот криминал во Македонија, анализа на сопствеништвото на големите македонски медиуми итн. Потоа се покажува како се случува и помогнува процесот на заробување преку стопанските комори, синдикатите, медиумите, невладините организации, меѓународниот фактор и образовните институции. Трудот во продолжение ги поврзува најчестите елементи на заробената држава како корумпираното судство, неслободните медиуми и дисфункционалната јавна


[1] Терминот „Македонија“ во елаборатот се однесува на Република Северна Македонија

администрација со економското заробување на Македонија и покажува како тоа доведува до лош и неквалитетен живот на граѓаните.

За подобрување на состојбата, трудот нуди низа на препораки како поголема економска редистрибуција, поголем број на квалитетни јавни услуги и државни инвестиции, промена на сопственичките структури во работните средини, како и алтернативни форми на економско организирање. Дел од сознанијата се дека мерките кои се донесоа во последните две децении во Македонија и кои најмногу придонеле за нејзино заробување, не можат да бидат истите кои ќе ја одзаробат. Потребен е нов економски модел за одзаробување на економијата од елитата, и дека без тоа, одзаробувањето ќе остане недостижен политички идеал.

## ABSTRACT

The subject matter of this paper are the economic policies as a forgotten part of the concept of captured state in Macedonia in the context of the eastern-European authoritarian regimes in the first decades of the 21$^{st}$ century. Besides the most frequently mentioned elements of the captured state, such as rule of law, media overregulation, human rights, etc, this paper argues that there is a need for the inclusion of economy and economic policies within the concept of captured state. In fact, this paper asserts that economic interest is the chief motivator in capturing the state with the goal to hold onto and increase the power and capital of the economic and political elite in Macedonia.

This paper can contribute to the understanding and broadening of the concept of captured state. It uses a qualitative and theoretically-comparative approach to the subject at hand, contextualizes relevant theories and views on the concept, and presents an analysis on the beginnings, the development, and the final stages of the capturing of the Macedonian state.

First and foremost, the paper analyzes a few key indicators of how “captured” the economy and the business elites are in Macedonia, for example, what is the number of representatives of big business in government, who is in charge of drafting tax policies, how much is economic crime punished in Macedonia, who owns the media, etc. The paper then focuses on showcasing how the “capturing” takes place, through the chambers of commerce, media, NGOs, international community, and educational institutions. It further connects the common denominators of the captured state, such as the corrupt judiciary, unfree press, and the dysfunctional public administration with the economic state capture of Macedonia and shows how the effects can be felt in the citizens’ quality of life.

The paper offers a variety of recommendations for improving the condition, such as greater economic redistribution, an increase in the quality of public services and state investments, a change in the ownership structures of the workplaces, as well as alternative forms of economic organization. A big part of the findings of this paper are that the measures that have been adopted in Macedonia in the last 2 days and that contributed to its capture the most can’t be the measures that will de-capture it. There’s a need for a new economic model of de-capture of the economy by the elites, and that without it, de-capture will remain an unattainable political ideal.

# 1 ВОВЕД

Од 2015 година терминот „заробена држава“ е еден од најчесто користените термини помеѓу политичарите, медиумите и аналитичарите. Со него се опишува распространетоста на корупцијата во Македонија и невладеењето на правото, односно во една поширока смисла - системската немоќ и кусок во имплементирањето на политики кои ќе ја изведат државата на европски пат. Покрај овие елементи кои се најприсутни во медиумскиот простор, исто така тематизирани и анализирани се уште неколку елементи на „заробената држава“, како претераната регулација во медиумите, т.е. медиумската неслобода и авторитарното владеење на извршната власт занемарувајќи ги судската и законодавната власт. Независноста на трите власти, владеењето на правото, човековите права и демократијата се конститутивни европски вредности кои ги практикуваат либералните демократски системи во западните држави. Следствено на тоа, државите кои се стремат да станат членки на Европската Унија, или се членки но не ги почитуваат овие вредности, се именувани како „илиберални демократии“, „меки автократии“ и „хибридни режими“. Во дел од овие држави како на пример во Србија и кај нас, европските експерти за да го опишат институционалниот хаос во нивните анализи го воведуваат синдромот „заробена држава“. Нивните препораки за да се „одзароби“ државата се секогаш во рамките и логиката на либералната демократија: независност на судството, ефикасна борба против корупцијата и зајакнување на капацитетите и автономноста на институциите. Во сите овие анализи и дебати недостасува економскиот аспект на заробената држава и како истиот е поврзан со политиките кои се носат во државата и кој има корист од сето тоа.

Заробувањето на државата не е цел сама по себе, туку е пред сѐ средство за остварување на повисока цела - лично богатење на мала група луѓе и подолго задржување на власт. И додека таа мала група луѓе континуирано се богати, мнозинството граѓани осиромашува, или, во најдобар случај, стагнира. Заробената држава е специфичен вид на системска политичка корупција, во која приватните

економски интереси доминираат врз процесите на донесување политички, економски и социјални одлуки. Таа се остварува на тој начин што таа мала група луѓе ги контролира важните политички, економски и социјални процеси и политики. Затоа, заробувањето на државата не смее да се сведе само на проблем со владеењето на правото, нефункционалните институции, медиумите  и граѓанското општество. На тој начин, сликата е нецелосна. Се поставува погрешна дијагноза, а терапијата што се пропишува ги третира симптомите, а не болеста. Дури и во студиите каде што се препознава економскиот аспект на заробената држава, препораките кои се даваат за надминување на синдромот се во најмала рака неразумни затоа што ги промовираат неолибералните политики кои ја влошија ситуацијата во многу земји, посебно во нашиот балкански регион после распаѓањето на социјалистичкиот систем. Дејвид Харви го опишува неолиберализмот како политички проект дизајниран за зајакнување на моќта и богатството на елитите, земајќи од придобивките и од трудот на работниците. Ваквиот нерамномерен трансфер е еден од главните причинители што Македонија секогаш се наоѓа на дното на листите кои мерат различни аспекти на политичкиот систем и општествениот живот. Всушност, ние сме епитом дека ваквите политики не функционираат, т.е. само ја дозаробуваат државата.

Ваквото деградирање во Македонија може да се илустрира низ неколку примери од владејачки партии со номинално различни идеолошки премиси но сепак исти неолиберални постапки. Во 2007 година, конзервативната влада на ВМРО-ДПМНЕ донесе низа поволности за крупниот бизнис како намалување на персоналниот данок на доход, данокот на добивка, намалување на социјалните трансфери, релокација на средства од буџетот кон непродуктивни трошоци и др. Ефектите од овие политики кои беа наменети за стимулирање на бизнис климата беа катастрофални за мнозинството од народот, додека мал дел од овој период го зголеми своето богатство. Тоа може да се види од податоците за распределбата на доходот, според кои Македонија е една од најнееднаквите земји во цела Европа и земјите од бившиот СССР. Владата на СДСМ која дојде по оваа влада на ВМРО-ДПМНЕ, во 2019 година воведе прогресивен данок со цел да има правична даночна редистрибуција, да се подобри општествена кохезија, намалат социјалните разлики

и да има подобри јавни услуги. Но, мерката беше прекината по само една година поради наводната неефикасност, иако во моментот на прекинувањето, приходите од прогресивниот данок ги надминуваа очекувањата.

Неолибералните политики, преку огромната нееднаквост која ја генерираат, креираат и дисторзиран политички систем, односно систем на нееднаков пристап до политичка моќ, при што мал број луѓе имаат огромна политичка моќ, а најголем дел од граѓаните остануваат без политичка застапеност. Социолозите и политиколозите токму ваквата незастапеност, т.е. кусокот на демократија ја наведуваат како една од главните причини за појавување и прифаќање на радикално десни партии и неофашистички и неонацистички движења.

Проблемите кои неолиберализмот ги креира станаа евидентни глобално во последните години, особено по економската криза од 2007-2008 година. Оваа криза беше криза на неолиберализмот, затоа што се јави како директна последица на неолибералните политики кои се водеа секаде во светот по 1980-тите. Со оваа економска криза стана јасно дека ваквиот глобален економски систем е нестабилен, односно продуцира сериозни кризи, па голем дел од економската и политичка наука почна критички да го преиспитува.

Сепак, мерките кои се преземаа како одговор на кризата во земјите кои беа најпогодени од оваа криза, под притисок на моќните финансиски компании, беа продолжение на мерките кои доведоа до кризата, односно, беа истите неолиберални мерки, само издигнати на уште повисоко ниво. Наместо подобра регулација на финансискиот систем и повисоки даноци за богатите и за големите компании, најпогодените држави од кризата почнаа да имплементираат „мерки на штедење“, со кои се кратеа трошењата на државата во сите сфери, вклучувајќи ги и образованието, здравството и социјалната заштита, се зголемија даноците, но за обичните луѓе, а не за богатите, и се приватизираа преостанатите јавни услуги.

Ова понатаму продуцираше појава на нови еманципаторски грас-рутс движења, насекаде во светот, кои се залагаа за социјална правда. Овие движења, како Occupy Wall Street, движењето „ние сме 99%“ и сл, на површина извадија и поинакви политички сили, како Берни Сандерс во Америка, Џереми Корбин во Британија, Сириза во Грција и Подемос во Шпанија. Ваквите случувања покажуваат дека луѓето нема лесно да продолжат да ги прифаќаат овие политики кои создаваат мал број милијардери, а огромна армија на сиромашни луѓе и средна класа во рапиден пад. Па сепак, 10 години по овие појави, ниедна од овие политички сили не успеа да оствари реална политичка моќ. Сириза во Грција успеа да дојде на власт, но потоа само продолжи со неолибералните политики кои ги водеа и претходниците.

За да се сменат работите, потребни се нови и поинакви економски и социјални политики.

Политиките за редистрибуција, т.е. реформата на даноците може да бидат битна алатка за намалување на нееднаквоста која е причинител на потешко одржлив економски раст, за обезбедување повисоки социјални трансфери и за намалување на сиромаштијата. Покрај најдискутираниот прогресивен данок на доход, исто така и данокот на добивка, како и данокот на имот и наследство треба да претрпат измени за да може да се обезбедат можности за намалување на разликите и подобрување на животот на сегашните и следните генерации.

Обидите за комерцијализација и приватизација на јавните услуги треба да сè поретки. Јавните услуги ја прават државата видлива за нејзините граѓани и вложувањето во овие услуги ја зголемува шансата за реализирање на човечкиот потенцијал во државата. Македонија традиционално вложува малку во образованието, здравството и патната инфраструктура и како директна последица на кратењата во јавните услуги граѓаните се приморани и да платат повеќе и да добијат полоши јавни услуги. Зголеменото реализирање на капиталните инвестиции и дисциплината во одржување на квалитетот и нивото на јавните услуги значително може да го подобрат животот на нашите граѓани.

Проактивната улога на државата во индустриските политики преку поттикнување на инвестиции во прецизно насочени индустрии може да биде една од водечките развојни политики во земја мала како нашата. Ваквата политика која ќе биде ослободена од коруптивните практики, што е чест случај кај нас, може да ја придвижи економијата по пат од кој ќе имаат бенефит мнозинството граѓани. Историјата на индустриската стратегија во Македонија покажува дека владите немаат јасна перспектива за неа, и кога се носи ваква битна политика тие ја носат стихијно, партиски или поради притисок на меѓународната заедница.

Зголеменото вклучување на работниците во сопственоста над ресурсите во фирмите во кои работат и поеднакво одлучување за како тие ќе се користат е вистински тест за демократијата на дело во работните простори. Економската демократија може подобро да ги заштити работниците, да ги спречи или намали корпоративните политики, и да дозволи поефикасно искористување на профитот во самата фирма т.е. самите работници. Алтернативните економски форми на организирање се уште една успешна практика за раководење на фирмите по демократски принципи. Формите преку кои може да се примени ваквото организирање се многубројни: целосно до минорно работничко сопственишто на акциите во фирмата, заедничко управување на фирмите од страна на потрошувачите и работниците, кооперативи и етички банки. Во земја како што е нашата, каде што имаме голема  невработеност, нестабилни работни места и недоволно инвестирање, новите форми на економска организација кои имаат богата историја на нашите простори значително може да ги подобрат нештата.

# 2. „ЗАРОБЕНАТА ДРЖАВА“ ВО ПОСТОЈНАТА ЛИТЕРАТУРА

Во светски рамки, една од најраните дефиниции и востоличување на терминот „заробена држава“ може да се сретне во студија од 2000 година на Светска Банка, која ги анализира антикорупциските политики на земјите во транзиција. Според студијата, феноменот на „заробена држава“ се однесува на „*дејствија на поединци, групи или фирми во јавниот и приватниот сектор за да се влијае врз формирањето на закони, регулативи, декрети и други владини политики во нивна сопствена корист кои резултираат во незаконското и нетранспарентно обезбедување приватни поволности на јавните службеници. На пример, влијателен „олигарх“ на чело на моќна финансиско-индустриска група може да поткупи законодавци за да поставaт бариери за влез во одреден сектор. Алтернативно, државата може да биде заробена за да им служи на приватните интереси на политички лидер кој ја обликува рамката на реформите за да обезбеди своја приватна контрола врз клучните ресурси*“.[2]

За опишувањето и именувањето на политичките системи во Источна Европа се користат повеќе етикети како „илиберална демократија“, „хибриден режим“, „нов авторитаризам“, „стабилократии“, „компететивна авторитарност“, итн. Земајќи ги во обѕир сите аналитичко-теоретски поими во однос на владеењето во Источна Европа, да се дефинира терминот „заробена држава“ и да се стави во правилна рамка, станува голем предизвик. Во однос на балканскиот регион, има повеќе автори кои се битни за контекстуализирање и анализирање на специфичниот модел на управување во процесот на заробување на државата. Флориан Бибер, посочува дека иако сегашната шема на Западен Балкан има сличности со глобалниот тренд на авторитарните режими во однос на клиентелизмот и распоространета корупција, таа си има свои особености во процесот на демократска трансформација на

[2] World Bank, (WB). (2000). Anticorruption in Transition: A Contribution to the Policy Debate. World Bank Publications http://documents1.worldbank.org/curated/en/825161468029662026/pdf/multi-page.pdf [02 јануари 2020 година]

регионот, т.е. дисторзијата на демократските процеси. Тој наведува два испреплетени предуслови кои се потребни за да се појават нови компететивни авторитарни режими во регионот: неуспехот на реформските влади во почетокот на новиот милениум остро да раскинат со авторитарните практики и да воспостават професионални, транспарентни и демократски институции, и недоволната трансформативна моќ на надворешните чинители кон кои се стремиме, како на пример Европската Унија. За Бибер, заробената држава е дел од механизмите за управување во компететивните авторитарни режими, заедно со (зло)употребата на политичка криза, национализмот и општо идеологијата, контрола врз медиумите, слабата опозиција и легитимитетот од надворешниот фактор.[3]

Еден од најраните специфични примери и дефиниции за „заробена држава“ во Балканот, дава Весна Пешиќ во нејзината анализа за Србија во 2007 година. Таа најпрво истакнува дека заробената држава не треба да се поистоветува со корумпирање на админстрацијата туку со институционалната и правна немоќ на социјалниот систем. Пешиќ ја дефинира заробената држава како „група или социјален слој надвор од државниот систем, кои вршат критично влијание врз државните институции и политиките за свои интереси против јавното добро“ и ги посочува политичките партии во Србија како главни заробувачи на државата апроприрајќи ги јавните и државни ресури.[4]

Елементите на заробена држава може да се разликуваат дури и во соседни земји, така што Србија, Црна Гора, и останатите земји на Балканот си имаат свои оригинални елементи на заробеност. Некои од посебностите во Македонија ги има разработено Институтот за општествени и хуманистички науки, Скопје, во рамки на неколку свои студии. Според студијата на Шишовски и Лечевска, една од специфичностите кај нас е прекумерното регулирање на законодавството заедно со големите казни кои потоа вака поставени се злоупотребуваат за политички

[3] Bieber, F. (2019). The Rise of Authoritarianism in the Western Balkans (New Perspectives on South-East Europe). Palgrave Pivot Publishing.
[4] Pesic, V. (2007),*State Capture and Widespread Corruption in Serbia*, p. 1. http://aei.pitt.edu/11664/1/1478.pdf [02 јануари 2020 година]

притисок врз компаниите, институциите (на пр. образовните инстанци) и медиумите.[5] Студијата на Блажева и коавторите ги додава и интервенциите во законот за работни односи за да се комплицира остварувањето на правото на штрајк и синдикално организирање, и контролата врз бизнисот, во технологијата на управување во македонската заробена држава.[6] Тие истакнуваат дека во случајот со Македонија има повеќе заробувачи на државата, како големи компании кои преминале во посед на новите олигарси, јавни функционери кои прават законски измени за личен или бенефит на семејството, но сепак главниот заробувач во Македонија е јавниот функционер кои работи за бенефит на партијата и со тоа ја поматува границата помеѓу партијата и државата. Ваквата констелација ѝ дава прекумерна моќ на извршната власт наспроти законодавната и судската. Овие две власти се субординирани и служат како еден вид на финална потврда на законите кои ќе им овозможат зголемена контрола и централизација на власта за подолго и посигурно владеење.

Во пошироката јавност во Македонија терминот „заробена држава“ се актуелизираше во 2015 година, кога извештајот на Европската Комисија за напредокот на државата истакна:

„*Од мај, опозицијата организираше демонстрации за да протестира против недостатокот на транспарентност и заробеноста на државата од страна на владата*“ (European Commission, 2015a, стр. 8).

Уште поекспліцитен беше извештајот од наредната година, во кој се нотираше:

---

[5] J. Šišovski, K. Lechevska. (2015). Technology of State Capture. Overregulation in Macedonian Media and Academia. Published by Institute of Social Sciences and Humanities – Skopje. http://www.isshs.edu.mk/wp-content/uploads/2017/07/TECHNOLOGY-OF-STATE-CAPTURE-Overregulation-in-Macedonian-Media-and-Academia.pdfl [02 јануари 2020 година]

[6] Блажева, А., Боровска, В., Лечевска, К., Шишовски, Ј. Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, ИОХН-С. (2015). *Слобода на изразување, здружување и претприемништво во заробена држава: Македонија во 2015* http://www.isshs.edu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Слобода-на-изразување-здружување-и-претприемништво-во-заробена-држава-Македонија-во-2015.pdf [02 јануари 2020 година]

*„Демократијата и владеењето на правото постојано се доведувани во прашање, особено поради заробеноста на државата, што влијае на функционирањето на демократските институции и на клучните подрачја на општеството* (European Commission, 2016, стр. 4).

Проблемите детално се елаборираат во „Извештаите на Прибе“, подготвени од страна на Сениорската експертска група, ангажирана од страна на Европската комисија и водена од поранешниот директор во Комисијата, Рејнхард Прибе. Првиот извештај е изработен по повод аферата со нелегалното прислушување и е објавен во јуни 2015 година.[7] Во него се нотираат низа клучни недостатоци и потребни реформи во сферите на:

- Следењето на комуникациите;
- Судството и обвинителството;
- Надворешниот надзор од страна на независни тела;
- Изборите и
- Медиумите.

Во вториот извештај, подготвен во септември 2017 година, по смената на власта, се дава осврт на прогресот направен по првиот извештај и повторно се забележуваат клучни области за реформа од полето на владеењето на правото: [8]

- Правосудството;
- Спроведување на законите и обвинителството;
- Независните тела (регулаторни, супервизорни, надзорни);
- Медиумите и граѓанското општество.

---

[7] European Commision, EC. (2015). *The former Yugoslav Republic of Macedonia: Recommendations of the Senior Experts' Group on systemic Rule of Law*, ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf [02 јануари 2020 година]

[8] European Commision, EC. (2017), *The former Yugoslav Republic of Macedonia:Assessment and recommendations of the Senior Experts' Groupon systemic Rule of Law*, ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/2017.09.14_seg_report_on_systemic_rol_issues_for_publication.pdf [02 јануари 2020 година]

Извештаите и сами нотираат дека нивниот фокус е ограничен на само неколку области и дека тоа не значи дека итни реформи не се потребни и во други области, па сепак, јавните дебати по прашањето за итните реформи кои ѝ се потребни на државата по смената на власта скоро без исклучок се сведуваа само на прашањата третирани во извештаите и заробувањето на државата го сведуваа на проблеми со изедначувањето на партијата и власта, владеењето на правото, претераното законско регулирање итн. Врската помеѓу заробената држава и економијата речиси воопшто и да не се третира. Низ ваква економска призма сметам дека треба да се продлабочи дефиницијата за заробена држава со истражување на економските аспекти на овој феномен во контекст на авторитарните режими на источно-европските општества.

Дури и во дел кај научните студии се согледува кусокот на економски анализи. Во дел од нив се споменува како одредени моќни групи ја користат власта и законите за богатење, но кога се зборува за феноменот и решенијата за македонската заробена држава, фокусот е многу малку на економските политики. Поповиќ[9] зборува за процесирање на случаите со висока корупција и намалување на толеранцијата кон нив, а Митевски за ресетирање и прочистување на државните органи и раскрстување со политизацијата и депрофесионализацијата на институциите.[10] Ceka (2018) зборува за воспоставување нова демократија и борба со корупцијата.[11] Keil (2018) препорачува поголема вклученост на ЕУ во борбата со авторитарните лидери во Македонија и регионот.[12]

---

[9] Поповиќ, М. Институт за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје, ИДСЦС. (2015). *Демографија на корупцијата: поглед кон „заробената држава“.* idscs.org.mk/wp-content/uploads/2015/09/demografija-na-korupcijata-pogled-kon-zarobenata-drzhava.pdf [02 јануари 2020 година]

[10] M. Mitevski. (2018) Captured State. Understanding the Macedonian Case. Published by Friedrich-Ebert-Stiftung.

[11] Ceka, Besir. (2018, April). *“Macedonia: A New Beginning?”,* Journal of Democracy 29 (2): 143–157. muse.jhu.edu/article/690082 [02 јануари 2020 година]

[12] Keil, S. (2018). *‘The business of state capture and the rise of Authoritarianism in Kosovo, Macedonia, Montenegro and Serbia’*, Southeastern Europe 38 www.schoeningh.de/view/journals/seeu/42/1/article-p59_59.xml?body=contentSummary-35539 [02 јануари 2020 година]

Единствените две студии кои малку повеќе се осврнуваат на врската помеѓу економијата и заробената држава се Блажева и коавторите (2015), во која се третираат казните врз малите фирми како еден од методите за контролирање на фирмите и за заробување на државата, и извештајот на SELDI (2016), во кој се зборува за неплаќањето даноци и за сивата економија како важен дел од коруптивните тенденции и од заробувањето на државата. [13][14] Иако овие аспекти несомнено се важни, тие не даваат темелен и сеопфатен одговор на предметното прашање, не ги опфаќаат битните прашања за генезата и мотивите на заробената држава, за процесот на заробување и за економските политики кои треба да се водат за да се сменат работите.

Економските аспекти се клучни за заробената држава. Според Енциклопедијата Британика, заробената држава се дефинира како „*доминација на креирањето на политиката од страна на приватна, честопати корпоративна моќ*“ (Kjaer, 2018).[15] Според Transparency International, заробената држава е „*една од најзастапените форми на корупција, при што компании, институции или моќни индивидуи користат корупција, како купување закони, измени, уредби или пресуди, како и нелегални донации на политичките партии и кандидати, за да влијаат на политиките на земјата, правниот систем и економијата во нивен личен интерес*“ (Martini, 2014).

Во дел од светската литература за примерите за заробена држава се спомнуваат и економските аспекти, иако генерално гледано има повеќе фокус на веќе општоприфатените фактори за заробена држава. Кога се спомнуваат препораките

---

[13] Блажева, А., Боровска, В., Лечевска, К., Шишовски, Ј. Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, ИОХН-С. (2015). *Слобода на изразување, здружување и претприемништво во заробена држава: Македонија во 2015* http://www.isshs.edu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Слобода-на-изразување-здружување-и-претприемништво-во-заробена-држава-Македонија-во-2015.pdf [02 јануари 2020 година]

[14] The Southeast Europe Leadership for Development and Integrity, SELDI. (2016). *Shadow Power: Assessment of Corruption and Hidden Economy in South East Europe.* seldi.net/fileadmin/public/PDF/Publications/Shadow_Power/SHADOW_POWER_FINAL_2016.pdf [02 јануари 2020 година]

[15] Kjaer, A. M. www.brittanica.com. (2007). *State capture*. www.britannica.com/topic/state-capture [02 јануари 2020 година]

за решавање на заробената држава, најголем дел од авторите сугерираат либерално-демократски мерки како реформи во правосудството и поголема транспарентност, но исто така дел од нив предлагаат и поголеми неолиберални мерки како би се намалил партискиот кронизам и непотизам.

Една од ваквите студии е на *Kosova* Democratic Institute (2018)[16], за косовските полу легални фирми за чакал. Имено, поради инвестициите во инфраструктурата, Косово кое има природно изобилство на чакал, почна да го екстрахира истиот во големи количини. Иако имаше само 20 фирми со ваква лиценца, над 178 фирми вршеле ископување на чакал. Поради неказнивоста на фирмите и неконтролираното екстрахирање настана големо дисторзирање на реките и планините кое доведе до аерозагадување и нарушување на екосистемот. Па така, во 2012 година Министерството за животна средина на Косово беше приморано да стави вето на сите екстрахирачки операции. Но и покрај забраната, која се чини дека беше само декларативна, голем дел од фирмите продолжија со вадење на чакал - и во најголем дел - ситуацијата остана иста. Во неколку истражувања на независни медиуми се дојде до заклучок дека дел од фирмите се во сопственост на луѓе со силни семејни или лични врски со политичките партии на власт. Во 2016 година, судот осуди 41 фирма која вкупно требаше да плати 385.000 евра, но до 2018 година само 10% од сумите се исплатени. Ова е одличен пример за заробена држава, затоа што покажува дека фирмите за чакал имаат политичка заштита, дека владата е вмешана во бизнисот, дека регулаторните тела и инспекторите се неефикасни, дека судскиот систем е бавен, и дека заради лично богатење на мала група на луѓе, страда целото општество, но и природата. Притоа, вината за ваквата состојба не е во индивидуални недостатоци, односно поединци кои примаат мито, туку заробеноста се гледа низ системската и структуралната природа која низ подолг период им овозможува на луѓето со политичка, социјална и економска моќ да влијаат на одлуките за да задоволат свои потреби. Авторите на студија во

[16] *Kosova* Democratic Institute (*KDI*). (2018). *State capture in Kosovo: The political economy of gravel*. http://kdi-kosova.org/wp-content/uploads/2018/10/Political-Economy-of-Gravel_Research-Report.pdf [02 јануари 2020 година]

препораките на крајот споменуваат поголема транспарентност при финансирање на партии, реформи во судството и омоќување на институциите, но не спомнуваат ништо за економските политики, иако е евидентно дека проблемот е од економска природа.

Економските политики се спомнуваат во студијата на Пешиќ (2007) за Србија, во која се елаборира врската помеѓу политичката и бизнис елита во која бизнисмените ги финансираат политичарите, а за возврат партиите ги регулираат пазарите и носат закони по нивна мерка.[17] Сепак, во решенијата што се предлагаат, авторката сугерира поголеми или т.н. вистински неолиберални мерки како на пр. „процедури за приватизација, договори за слободна трговија и ефективни стратегии за продажба на акции на јавни компании".

Според професорката по политичка економија на Лондонската школа за економија, Аби Инес (Innes, 2014[18]), заробената држава во Европа може да се сретне во две форми. Првата е партиски заробената држава во која партиите ја ре-политизраат државата за да воспостават политичко едноумие (Унгарија, Полска), додека втората е корпорациски заробена држава во која јавната моќ и ресурси се насочени за исполнување на приватни цели и коруптивна промена на легислативите за политичко влијание (Бугарија, Чешка). Аналогно на ова, можеме да кажеме дека примарната цел на корпорациската заробена држава е финансиско збогатување на одредени групи, додека примарната цел на партиската заробена држава е политичкиот монопол.

Истражувачите Dimitrova и Buzogany (2013)[19], пишувајќи за своите земји Бугарија и Романија анализираат како може ЕУ да помогне за ослободување на државата, и

---

[17] Pesic, V. (2007),*State Capture and Widespread Corruption in Serbia*, p. 31. http://aei.pitt.edu/11664/1/1478.pdf [02 јануари 2020 година]
[18] Innes, A. (2013). *The Political Economy of State Capture in Central Europe*. JCMS: Journal of Common Market Studies, 52(1), p. 88–104 onlinelibrary.wiley.com/doi/abs/10.1111/jcms.12079 [02 јануари 2020 година]
[19] Dimitrova, Antoaneta and Csongor Aron Buzogany, (2014). "Post-accession policy-making in Bulgaria and Romania." p. 17. onlinelibrary.wiley.com/doi/abs/10.1111/jcms.12084 [02 јануари 2020 година]

аргументираат дека улогата на ЕУ во однос на имплементирање на прогресивни политики не може да се игнорира, но дека сепак најважниот дел во однос на оваа борба се домашните фактори како граѓанските движења и политичките партии.

Препораките за надминување на заробената држава кои Transparency International ги дава се однесуваат на подобрување на јавниот сектор, поголема одговорност на политичките елити, како и комплетно модифицирање на односот помеѓу државата и бизнисот. Дел од нивните економски решенија се „поголема економска компетитивност и поголема либерализација на економијата“[20]. Всушност, како решенија против заробената држава, Transparency International предложи економски мерки кои Македонија ги применуваше во годините кога стана познат пример за заробена држава. Како што ќе биде елаборирано подолу во текстов, таквите економски политики се погрешен одговор на проблемот на заробената држава, затоа што токму тие политики всушност доведуваат до заробување на економијата и државата. Кога фокусот е целосно на: креирањето подобра бизнис клима, намалувањето на даноците, дерегулацијата на цените и пазарите, моќта се концентрира кај компаниите. Работниците и сиромашните се ослабнуваат и остануваат без заштита, а државата останува без средства за да ги извршува своите функции. Дури и кога државата создава регулаторни тела за да ги надгледува и контролира крупните бизниси, тие со нивната диспропорционална моќ преку лобирање и подмитување почнуваат да ги контролираат самите регулаторни тела што требаше да ги регулира нив. Во економската теорија, овој феномен во 1971 година добил свој официјален облик - „заробување на регулаторите“.[21] Во некои случаи, компаниите со големи суми ги корумпираат директно и лицата со најголема власт па регулаторните институтици се спречени објективно да ја завршат својата работа. Во други случаи, регулаторите поради слаботото државно финансирање на ваквите институции ги немаат целосно ресурсите за да бидат

[20] Martini, M. (2014), „State capture an overview“, Transparency International, p. 4. www.transparency.org/files/content/corruptionqas/State_capture_an_overview_2014.pdf [02 јануари 2020 година]
[21] Stigler, G. J. (1971). *The Theory of Economic Regulation. The Bell Journal of Economics and Management Science, 2(1), 3.* doi.org/10.2307/3003160 [02 јануари 2020 година]

професионални во своето поле. Ваквите практики ги рушат основните постулати на капитализмот за отворен пазар и фер натпревар затоа што корпорациите со најголема моќ успеваат да ги променат регулаторните политики по своја волја што во пракса значи дека можат да ги контролираат цените и законските регулативи за натпревар во своето поле. Моќта да се направи сево ова може да го имаат само најголемите компании што евентуално оди на штета на помалите компании кои не можат да се натпреваруваат со тие што го држат монополот над пазарот. Но најголема штета трпат самите граѓани кои остануваат незаштитетни на работните места, имаат непроверен квалитет на прехранбените и козметичките производи и дубиозни еколошки стандарди во големите фабрики кои може да предизвикаат загадување на почва, вода и воздух.

Ваквите политики се всушност типични неолиберални економски политики, кои почнаа да се применуваат од крајот на 1970-тите, откако британската премиерка Маргарет Тачер и американскиот претседател Роналд Реган со теоретска поткрепа од „Чикашката школа" предоводена од Милтон Фридман, започнаа со огромни намалувања на даноците за богатите, рушење на синдикатите, дерегулација на пазарите, приватизација на јавните компании, аутсорсирање и стимулирање конкуренција во сферата на јавните добра и услуги а од другата страна на Пацификот, кинескиот претседател Денг Ксијаопинг во 1978 година ги имплементира првите значајни политики кон либерализација на комунистичката економија. Ваквите епохални промени не се случуваат сосема случајно, тие беа најзначајните почетни постапки кон светскиот проект наречен глобализам, термин кој за голем дел од левите економистите е синонимен со неолиберализам.[22] Се разбира дека имплементирањето на овие политики не беше во ист момент со идентични фази во секоја земја, но секоја земја си најде свои причини зошто да ги прифати овие мерки. Дел од нив ги имплементираа поради пропаѓањето на Советскиот социјализам, дел од нив поради стагнирањето на развојните политики, а воглавно западните европски земји ги прифатија поради кризата на кејнзијанизмот.

[22] Harvey, D. (2005): *A Brief History of Neoliberalism*. Oxford: Oxford University Press., p. 2.

За неолибералниот проект да функционира требаше да се направат огромна низа промени во меѓународните трговски договори, меѓународните финансиски институции, интерните економски политики на национално ниво и граѓанското општество. Уште една драстична промена што го карактеризира овој систем е активирањето на меѓународниот правен систем за заштита на правата на странските инвеститори. Светската банка во 1964 година во Токио и покрај силното опонирање од 21 земја воглавно од Латинска Америка, сепак ја усвои резолуцијата за воспоставување механизам за решавање на споровите помеѓу инвеститорите и државите. Имплементирањето на ваквата резолуција се официјализира преку формирањето на меѓународниот суд познат како International Centre for Settlement of Investment Disputes (ICSID). Иако ICSID е основан во 1966 година, дури кон крајот на 90-тите почнале масовно да се активираат клаузулите за заштита на странските инвестиции и да има огромен број на корпорации кои ги тужат владите. Па така – од крајот на 90-тите па сè досега, пола од сите земји во светот се тужени од различни корпорации затоа што владата го раскинала договорот со нив и поради тоа тие ги изгубиле парите што ги инвестирале, како и очекуваните профити во иднина.[23] Во Европа над 200 организации, синдикати и социјални движења се групирани во сојуз „STOP ISDS" кој повикува на демонтирање на меѓународниот систем кој ги штити инвеститорите дури и кога тие им штетат на човековите права, демократијата и природата. Овие судски процеси најчесто се активираат кога владите сакаат да применат некоја попрогресивна политика или сакаат да го спречат загрозување на животната средина и животите на населението. Една од најголемите казни што ја има пресудено овој суд се случи во 2012 година кога на Еквадор им беше наредено да плати рекордна сума од 1.8 милијарди долари затоа што го прекинал договорот за експлоатација на нафта со американската корпорација „Окцидентал петролеум". Нашата земја можно е да биде во ваков судски процес ако се остварат намерите на канадската рударска компанија „Еуромакс Рисорсис" кои

---

[23] Provost, C., Kennard, M. The Guardian. (2015, June), „*The obscure legal system that lets corporations sue countries*" www.theguardian.com/business/2015/jun/10/obscure-legal-system-lets-corportations-sue-states-ttip-icsid [03 јануари 2020 година]

најавија меѓународна арбитража поради одлуката на Владата еднострано да го раскине договорот за концесија за Иловица, Струмичко.[24]

Важен елемент на неолиберализмот е финансијализацијата, која е  процес на структурна реконструкција на капитализмот, при што финансискиот капитал се трансформира во фиктивен и виртуелен капитал и се раздвојува од реалната, продуктивна сфера. Финансијализацијата ги измести основните постулати на однесување на капиталистичката акумулација, вклучувајќи ги корпорациите, банките и работниците. Со намалена регулација на трудот и на финансиските пазари се овозможи огромно влијание на приватниот финансиски сектор, зголемено тргување со акции, кредитни шеми, хипотеки и нивните рејтинзи, така што преку овие методи се создаде огромен капитал без да има реалистична продукција.[25] Додека во минатото менаџерите на компаниите како и сите други вработени имаа фиксна плата и бонус, сега со новите достапни методи за тргување на берза, акцизи, дивиденди, манипулаторски шеми за неплаќање на данок и даночни раеви, овие суми енормно пораснаа и создадоа огромна класна нееднаквост, посебно помеѓу менаџерите на крупниот бизнис и нивните работници. На пример, во Америка во 1970 година, разликата во плата помеѓу првите 100 извршни директори и просечен работник беше 45:1 а  во 2015 е дури 829:1.[26] Овие профити секогаш се прикажуваат како доказ за економскиот раст и доброто функционирање на економијата, но во суштина новостекнатиот капитал завршува кај многу мал број на луѓе кои успеваат да станат финансиски моќни дури и од многу држави во светот. На пример, директорот на компанијата Амазон, Џеф Безос со неговите 143 милијарди долари вреди повеќе од целиот бруто-домашен производ на земја со 46 милиони жители како Украина а неговото богатство е поголемо од БДП-то на Исланд, Луксембург и Кипар заедно.[27]

---

[24] Фактор.мк (2019, октомври), „*Еуромакс ќе се жали, најавува и арбитража*“, faktor.mk/ekskluzivno-euromaks-kje-se-zali-najavuva-i-arbitraza [03 јануари 2020]
[25] Lapavitsas, C. (2013*) The financialization of capitalism: ‘Profiting without producing’*, City, 17:6, 792-805. www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/13604813.2013.853865 [03 јануари 2020]
[26] Leopold, L.. (2015). *Runaway inequality: an activist's guide to economic justice*. The Labor Institute Press; 2nd edition
[27] The World Bank (2018), *GDP data*. data.worldbank.org/indicator/NY.GDP.MKTP.CD?most_recent_year_desc=true [03 јануари 2020]

Важен конститутивен елемент на неолиберализмот е и дерегулацијата на пазарите, и на труд и на производи. Со дерегулација на пазарот на труд први на удар се работниците. Работничките права како на пр. договорите на неодредено време, синдикалното здружување и правото на штрајк, безбедноста при работа, навременото исплаќање на платата, заштитата од мобинг и од бркање од работа, се првото нешто што се крати со неолибералните политики наметнати од бизнисмените, под изговорот дека државата мора да остане конкурентна за домашните бизнисмени и странските инвеститори. Во ваквата констелација, во која работниците се лошо третирани и земаат ниски плати, елитите рапидно го зголемуваат своето богатство и се создава огромна нееднаквост. Апсурдноста на ваквата нееднаквост може најдобро да се забележи преку дисбалансот во богатството во светот во 2017 година, кога најбогатите 8 луѓе на светот поседувале исто колку и најсиромашните 3,8 милијарди луѓе.[28] Тука излегува на површина една од главните контрадикции на неолиберализмот - тој постојано зборува за економски раст, но растот кој го генерира не е раст за сите, туку е раст за мала група на привилегирани, додека најголем дел од луѓето имаат стагнација.

Политиките на дерегулација на пазарите на производи и услуги се штетни за потрошувачите и за граѓаните воопшто. Преку помалата регулација на превозот, на пример, потрошувачите добиваат полоши транспортни услуги и помала безбедност. Без критериуми и стандарди за хигиена и квалитет, потрошувачите добиваат помалку квалитена храна, што понатаму создава бројни други здравствени и социјални проблеми. Помалата регулација на фабриките води до уништување на природата, на шумите, на реките, на воздухот, што понатаму резултира и со климатски промени.

[28] Oxfam International (2017, January). *Just 8 men own same wealth as half the world*. www.oxfam.org/en/pressroom/pressreleases/2017-01-16/just-8-men-own-same-wealth-half-world [03 јануари 2020]

Во ваквиот поставен неолиберален систем, ослободувањето и успехот се гледа низ призмата на индивидуалните слободи и вештини во претприемништво, кои може да бидат единствено реализирани преку приватната сопственост, „слободните“, т.е. нерегулираните пазари и слободната трговија.[29] Социјалните релации во неолибералното општество делумно се валоризираат во зависност од индивидуалноста, компетитивноста за остварување на поголем профит, успешноста во акумулирање на материјални добра т.е. консумеризмот, и тие се неколку од главните социолошки обележја на оваа идеологија која владее со нашата планета во последните 40 години. Хегемонијата на неолибералната етика која инхерентно се смета за централна вредност на цела цивилизација се зацврстува преку новите мрежи од невладини организации, фондации, неформални образовни конференции, официјални образовни установи, медиумите, амбасадите. Оваа етика која пропагира влади со мала моќ во општеството и доминација на приватниот сектор ја епитомизира еден од татковците на американскиот капитализам Дејвид Рокфелер кој во една прилика изјави „затоа што владите и онака треба да ги замени нешто, ми се чини дека бизнисот е логичната замена“.[30]

Но, иако неолиберализмот заговара дерегулација на пазарите, односно *одвојување* на државата од бизнисот, тој всушност се сведува на *освојување* на државата од страна на бизнисот, за да може бизнисот да ги остварува своите интереси, односно, да може да владее. Во неолиберализмот бизнисот ги контролира властите, наместо обратно, и преку таквата контрола креира политики на помала регулација на пазарите, т.е. неолиберална регулација за нивните профити да се зголемуваат, при што ова се остварува на штета на работниците, животната средина и потрошувачите.  Мантрите за „креативноста и визијата на индивидуалецот“ и „економска дерегулација“ се само идеолошки превез кога ќе се земат предвид обемните интервенции кои ги прави неолиберализмот во  речиси секоја област од социјалниот живот. Ваквите ригидно регулирани економски и социјални релации се

---

[30] David Rockefeller (1999), "New Rules of the Game: Looking for New Leadership", Newsweek, 1 February 1999, p. 41

водат од премисата на насушноста на профитот, интеграцијата на глобалната бизнис елита, фискална дисциплина, субординација и гетоизација на сиромашните и поддршка на финансиските интереси на најбогатите земји, на чело со Америка.[31] Финансијализацијата во неолиберализмот продолжува да функционира по било која цена, па макар и уништување на природните ресурси, дисбаланс на еко системот и нарушување на квалитетот на живот. Неолибералистичките практики кои навидум нудат економски раст, намалување на невработеноста и осовременување и збогатување на сите земји кои ќе ги прифатат овие политики всушност го прават спротивното – ја зголемуваат сиромаштијата, невработеноста и вработеноста со несигурни или лоши услови, создаваат драстични разлики помеѓу периферијата и центарот. И кога и да се побунеле во минатото, периферните земји од субсахарска Африка и Латинска Америка поради насилното или суптилно одземање на нивната земја, ужасните животни услови во кои бил отежнат пристапот до храна, вода, здравство, образование, чист воздух, превоз и други јавни услуги, законите кои биле менувани во полза на неолиберализмот го ограничувале правото на протестирање и алтернативни видови на организација. Неолиберализмот во овие земји, исто како и претходните форми на капитализмот, ја дозволувал слободата на протест сѐ додека не се довеле во прашање неговите постулати и резултати, а ако не се почитувале правилата, полицијата, воените а некогаш и паравоените сили биле тука да ги дисциплинираат и спречат народите во искажување на својата волја. Кога и тоа не функционирало, преку странски и домашни интервенции се организирале убиства и државни удари на суверени лидери на земји кои биле избрани од своите граѓани на фер и демократски избори.[32] Ова е една од главните причини поради кои кога зборуваме за неолиберализам мора да зборуваме и за империјализам. Репресивните мерки кога се протестира исклучиво против неолиберализмот често се користат и во „оазите“ на капитализмот. Еден познат пример се протестите против Светската Трговска Организација во Сиетл, Америка во 1999 година, кои сега се познати како „Борбата

[31] Saad Filho, A., Johnston, D (2005) 'Introduction to Neoliberalism: A Critical Reader.' In: Saad, A and Johnston, D, (eds.), *Neoliberalism: A Critical Reader.* London: Pluto Press, p. 1-6.
[32] Хикел, Џ. (2017). *„Поделба: краток вовед во глобалната нееднаквост и нејзиното решавање“*. Аз-Буки, Скопје.

за Сиетл“ и  на кои беа уапсени над 500 протестирачи и беа повикани два батаљони на војската да го растурат протестот кој броеше над 40 000 луѓе. Во поново време, бруталните елементи на репресија во Америка можеа да се проследат за време на протестите организирани од „Црните животи вредат“ против расната дискриминација и полициската бруталност, предизвикани од убиството на афроамериканцецот Џорџ Флојд во Минеаполис. Таму, иако се создаде слика дека протестите беа милитантни и опасни, истражувањата кои опфатија 7 305 демонстрации покажаа дека најголем дел од протестирачите беа ненасилни.[33] Но, и покрај мирната природа на протестите, полицијата употреби сила кон повеќе од 100 новинари, уби 9 протестирачи на „Црните животи вредат“ и приведе повеќе од 14 000 учесници.[34] Во Европа исто така, движењето на „жолтите елеци“ во Франција, кое го крена својот глас против зголемените даноци, кратење на пензиите и глобализмот, на протести кои броеја до 300 000 присутни беше соочено со огромна полициска сила и како резултат на тоа загинаа 11 луѓе, а над 4000 беа повредени. Дури и кога не се бара правдата и промената на системот преку улица и протести туку на институционален пат како што беше на грчкиот референдум на кои 61,31 процент од гласачите се изјасниле против предлозите од меѓународните кредитори на Грција за услови за структурни реформи кои беа само еуфемизам за неолиберализам, центрите на моќ од Германија и глобалните финансиски институции преку ултиматум кон грчката влада ја игнорира волјата на народот и сепак успееја да ги имплеменетираат мерките.

---

[33] Chenoweth, E., Pressman, J. Washingtin Post, WS. (2020, October). *This summer’s Black Lives Matter protesters were overwhelmingly peaceful, our research finds* www.washingtonpost.com/politics/2020/10/16/this-summers-black-lives-matter-protesters-were-overwhelming-peaceful-our-research-finds/ [10 ноември 2020]

[34] Armed Conflict Location & Event Data Project, (ACLED) (2020, October). *US Crisis Monitor* acleddata.com/special-projects/us-crisis-monitor/ [10 ноември 2020]

# 3. ИНДИКАТОРИ ЗА ЗАРОБЕНОСТА НА ЕКОНОМИЈАТА ОД СТРАНА НА КРУПНИОТ БИЗНИС

## 3.1. Влада раководена од претставници на крупниот бизнис

Еден од главните индикатори за заробеноста на македонската економија од страна на крупниот бизнис е тоа што на клучни економски позиции во секоја Влада во последните 15-ина години се поставувани претставници на бизнисот. За време на владеењето на СДСМ во периодот 2002-2006, Хари Костов беше премиер, а Минчо Јорданов заменик претседател на владата задолжен за економски систем. Потоа, во времето на ВМРО-ДПМНЕ (2006-2017), Владимир Пешевски беше заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, а Веле Самак и Бил Павлески министри. Ваквата пракса продолжи и во Владата на СДСМ од 2017 година, кога Кочо Анѓушев стана заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, но и подоцна, кога Нина Ангеловска беше назначена за министерка за финансии. Ниедно од овие лица претходно не фигурале во партиите и не биле промовирани во изборните програми или кампањи. За споредба, во ниедна влада до сега немало претставник на некој синдикат.

Притоа, присуството на претставниците на бизнис заедницата во владите не е симболично, туку манифестира реална политичка моќ. Најдобра илустрација за ова е смената на министерот за финансии, Драган Тевдовски, во јуни 2019. Тевдовски важеше за левоориентиран социјалдемократски економист и спроведе повеќе реформи во фискалната сфера и во сферата на транспарентноста на државниот буџет - го врати прогресивниот данок кој го укина ВМРО-ДПМНЕ во 2006 година, воведе данок од 15% на капиталните добивки од тргување со акции и на каматите од штедните влогови и беше еден од главните поддржувачи на социјалната реформа која се воведе во 2019 година, со која се зголемија средствата за социјална заштита. Левичарските економски политики имаа за цел да ги намалат

сиромаштијата и нееднаквоста преку поголема распределба, но беа некомпатибилни со интересите на крупниот бизнис, чиј директен претставник во владата беше вицепремиерот за економски прашања, Анѓушев. Веднаш по смената на Тевдовски, бизнис заедницата се огласи со своето задоволство за потегот,[35] а бргу потоа на неговото место беше назначена Нина Ангеловска, која на таа позиција дојде како член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, најголемата комора во државата, истата комора во која потпретседател беше Кочо Анѓушев, која и го предложи него за вицепремиер.

### 3.2. Странски инвестиции: самонаметнат нео-колонијализам?

Втор индикатор за доминацијата на крупниот бизнис е тоа што, независно од различниот идеолошки предзнак помеѓу партиите кои ги воделе македонските влади во изминатите 30-ина години, владите секогаш имале ист став по прашањето на странските директни инвестиции (СДИ). Тие секогаш биле гледани не само како главен, туку и како единствен можен двигател на економскиот раст и генератор на нови работни места во државата. Кулминацијата се чини беше достигната во времето на Никола Груевски, кога беа назначени неколку министри за привлекување странски инвестиции, беа оформени нови владини институции за странски инвестиции (Агенција за странски инвестиции, Дирекција за технолошко-индустриски развојни зони), беа отворени 15-ина зони во кои странските компании можеа лесно да отворат фабрики, беа донесени закони со кои странските инвестиции се ослободуваа од даноци и добиваа огромни државни субвенции за градење на фабриките и државни грантови за образување на работниците, беа ангажирани бројни промотори по земјите од „белиот свет“ за земјата да се промовира како „инвестициски рај” и земја со евтина работна сила, беа давани

---

[35]Делимитов, К.  Дојче Веле. (2019, јуни). *Заев го „исчисти“ Тевдовски, ќе ги среди ли и финансиите*.  www.dw.com/mk/заев-го-исчисти-тевдовски-ќе-ги-среди-ли-и-финансиите/a-49327249?maca=maz-VEU_libertas-20249-html-copypaste [03 јануари 2020]

огромни суми пари за државата да се рекламира на најголемите странски медиуми и сл.

Ваквите политики беа гласно критикувани и од страна на СДСМ додека беше во опозиција, кога партијата најавуваше дека ќе води поинакви политики кога ќе дојде на власт[36]. Сепак, откако дојде на власт, СДСМ направи само козметички промени по ова прашање. Да, владата на СДСМ уште во првите неколку месеци објави колку пари биле потрошени за странските инвестиции од страна на претходната влада[37], но продолжи да троши пари на ист начин и за исти работи. Единствено беа намалени рекламите по странските медиуми и економските промотори се ставија во рамки на дипломатските претставништва, наместо да бидат самостојни како претходно. Но, Владата повторно имаше неколку министри за странски инвестиции, странските компании и понатаму беа ослободени од даноци и ги добиваа истите привилегии како порано, земјата и понатаму се промовира како инвестициски рај по разни светски форуми. Организирањето на работниците во синдикати во странските компании и понатаму е невозможно, поради стравот од губење на работата, а за време на владата на СДСМ дури имаше и ваков пример, односно пример кога работници кои синдикално се организираа останаа без работа, „согласно Уставот и законите“, односно, не им беа продолжени договорите за работа, кои беа на определно време[38].

Притоа, оваа пракса на фетишизирање на странските инвестиции не е феномен само во Македонија, туку е регионален феномен. Сите земји од регионот беа и сè уште се во натпревар помеѓу себе, која од нив ќе понуди подобри услови за инвеститорите, со цел да привлечат повеќе инвестиции во својата земја. Ваквата

---

[36] За живот, СДСМ. (2016, ноември). *План за живот во Македонија* http://zazivot.mk/wp-content/uploads/2016/11/Plan_za_zivot_vo_Makedonija.pdf [03 јануари 2020]
[37] Влада.мк. (2017, септември). *За 10 години потрошени 225 милиони евра од претходната влада за политичко шоу, наместо за економски раст* vlada.mk/node/13391 [03 јануари 2020]
[38] Фокус.мк.(2017, август). *На протест ќе се кренат работниците од странската инвестиција „КСС“ во Кичево* http://fokus.mk/na-protest-ke-se-krenat-rabotnitsite-od-stranskata-investitsija-kss-vo-kichevo/ [03 јануари 2020]

„трка кон дното“ укажува дека проблемите на современиот капитализам, а и одговорите на нив, се глобални, а не национални.

### 3.3 Данок по мерка на капиталот

Рамниот данок беше едно од главните обележја на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ од 2007 до 2017. Претходно, до 2007 година, персоналниот данок на доход имаше 3 стапки, 15% (до 360.000 денари годишно), 18% (до 720.000) и 24% (над 720.000). Откако ВМРО-ДПМНЕ во 2007 година го воведе рамниот данок, најпрво со стапка од 12% во 2007 и конечно со стапка од 10% во 2008 година, најголем бенефит добија најбогатите. Тоа се гледа и од движењето на учеството на најбогатите 1% од населението во вкупниот доход. Така, ако во 2007 година најбогатите 1% учествуваа со 6,3% во вкупниот доход во Македонија, во 2010 година тој процент изнесуваше 12,2%. Рамниот данок го намали и нивото на буџетски приходи, од кои полза имаат пред сè посиромашните, така што во 2016 година Македонија заедно со Ирска, Косово и Албанија имале буџетски приходи од околу 28% од БДП, што е најниско во Европа. Ваквите последици од имплементација на рамниот данок, со нагло зголемување на богатството на малкумина и намалување на средствата кои се издвојуваат за посиромашните, ја засилија нееднаквоста помеѓу социјалните класи во Македонија, т.е. ја зголеми привилегијата на најбогатите.

Владата на СДСМ, предводена од нејзиниот главен поборник на прогресивниот данок, министерот за финансии Тевдовски, го врати прогресивниот данок, почнувајќи од 2019 година, воведувајќи втора стапка од 18%, за доходот кој надминува 90.000 денари месечно или 1.080.000 денари годишно. Сепак, новиот прогресивен данок беше далеку поблаг од оној што го имаше државата претходно. Во 2006 година, највисоката стапка изнесуваше 24%, додека до 2000 година, таа беше 35%. Дополнително, предизборното ветување на СДСМ за изборите во 2016 година беше дека „оние кои се во групата на 5% граѓани со највисока годишна

даночна основица ќе им се воведе даночна стапка од 18%“[39],додека прогресивен данок кој беше воведен ги опфати само 1% од најбогатите. Дека прагот беше поставен толку високо поради притисок од бизнис заедницата може да се заклучи и од една изјава на поранешниот бизнисмен и сегашен вицепремиер за економски прашања, Кочо Анѓушев. Имено, кога министерот за финансии Тевдовски во една прилика изјави дека се размислува прагот да биде поставен на ниво од околу 1000 евра месечно (60.000 денари), Анѓушев јавно се спротивстави на ова, тврдејќи дека тој праг е премногу низок и ќе ги исели високообразуваните кадри.[40]

Покрај оваа отстапка за смена на прагот за оданочување од 1000 евра на 1500 евра, главната отстапка т.е. целосно напуштање на прогресивниот данок дојде откако новата министерка за финансии Нина Ангеловска во ноември 2019 година го стави во мирување прогресивниот данок до 2023 година, затоа што, според неа, биле изгубени 50% од приходите што можеле да се соберат од прогресивниот данок. Но податоците од првите 9 месеци покажуваат подобри резултати дури и од ветените кога се воведуваше данокот. На годишно ниво буџетските импликации од воведувањето на прогресивниот данок во Македонија се очекуваа да бидат 25 милиони евра или 0.25% од БДП.[41] По само 9 месеци од 2019 година, кога беше најавено укинувањето на прогресивниот данок, ефектите од персоналниот данок ги надминуваа очекувањата и изнесуваа 27 милиони евра.[42]

И додека данокот на личен доход беше прогресивен макар и само една година, корпоративниот данок на доход, т.е. данокот кој го плаќаат компаниите на

---

[39] За живот, СДСМ. (2016, ноември). „*План за живот во Македонија*“, страна 48. http://zazivot.mk/wp-content/uploads/2016/11/Plan_za_zivot_vo_Makedonija.pdf [03 јануари 2020]

[40] Анѓушев кон Тевдовски: „Јас само отворив дилема дали 1.000 евра е можеби низок праг и дали може ќе ги дестимулира младите луѓе кои стигнале до таа плата. Ценам дека треба да водиме грижа за младите високообразовани кадри и да ги стимулираме да останат во Република Македонија.“. Фокус.мк. (2018, март). *Македонската економија помеѓу визија и дилема: Предизвици на економските политики* http://fokus.mk/angushev-kontra-tevdovski-lichno-mislam-deka-pragot-treba-da-bide-povisok-od-1000-evra/ [03 јануари 2020]

[41] Министерство за финансии на РМ. (2018, октомври) *Воведување праведен данок во РМ* (стр. 22). https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2019/11/праведен-данок-во-РМ.pdf [03 јануари 2020]

[42] Министерство за финансии на РМ, *Извршување на Буџет на РСМ за 2019 година*. finance.gov.mk/files/u12/CG%2012.2019%20web%20MK.xls [04 јануари 2020]

неинвестираната добивка, остана рамен на 10% и тој воопшто не беше во план за менување, ниту во изборната програма на СДСМ. Ваквата стапка од 10% е далеку пониска од европскиот просек од околу 20% или од една од најкапиталистичките земји Америка, каде, и покрај намалувањето од последните години, овој данок изнесува 21%. Со ваквиот низок данок, големите компании во Македонија кои најчесто имаат монопол или олигопол, го зголемуваат своето богатство и го прошируваат својот капитал, а со тоа и - влијанието во општеството. Сепак, ниедна влада досега немала намера да се спротивстави на ова. Владата на Заев и самиот тој, лично декларативно се залагаа за фер и праведно општество, левичарска социјалдемократска влада, но и тие попуштија под силниот притисок на капиталот и стопанските комори.

Ваквата даночна политика има битна улога во неправедната распределба на богатството во државата, руинирано државно здравство и образование и високата сиромаштија, но исто така и покажува дека во Македонија, економските политики се водат така за да им одговараат на богатите и моќните, а не на сиромашните или на јавното добро.

### 3.4. Работнички (не)права

Работничките права во Македонија се меѓу најниските во Европа. Според најновиот извештај на Меѓународната конфедерација на синдикатите[43], Македонија е оценета како земја во која систематски се кршат работничките права, што значи дека Владата и/или компаниите прават сериозни напори за сузбивање на колективниот глас на работниците. На ранг листата од извештајот, само Грција, Турција и Украина од европските држави се полошо рангирани од нас.

---

[43] International trade union confederation, ITUC. (2019, June).
*Ituc global rights index*, p. 8. www.ituc-csi.org/IMG/pdf/2019-06-ituc-global-rights-index-2019-report-en-2.pdf [04 јануари 2020]

Освен што се ниски, работничките права во државава континуирано се намалуваат, независно која партија е на власт, што е убаво документирано во студиите „Обезвреднување на трудот“ и „Обезвреднување на трудот – 2“.[44][45]

Последиците од ова се јасно видливи. Според податоците од извештајот на Македонското здружение за заштита при работа, во 2018 година дури 33 лица починале од повреди стекнати при работа, што е еднакво на 4,3 смртни случаи на 100.000 вработени, што е безмалку три пати повисоко од европскиот просек од 1,6.[46][47] Студијата на „Гласен текстилец“ за условите за работа во текстилната индустрија наоѓа дека дури 40% од работниците во таа дејност се вработени на определено време, 60% работат по 50 часа неделно и 70% од тие што работат прекувремено не се платени за тоа[48]. Земјата има една од највисоките стапки на сиромаштија во Европа – околу 22% од населението се сиромашни, а сиромаштијата не ги одминува ни оние кои работат - стапката на сиромаштија кај вработените изнесува дури 9%. Во 2017 година, Македонија со 14% во однос на учество на најбогатите 1%  во вкупниот доход има највисока нееднаквост во цела Европа. Во истата година, дури 70% од македонските граѓани имаа месечен доход под 297 евра, што е далеку од просечната плата од 377 евра за таа година.

---

[44] Савески, З., Апасиев, Д., Василев, К. и Ковачевски. А. Движење за социјална правда – Ленка, ДСПЛ. (2010). *Обезвреднување на трудот - анализа на трудово-правната легислатива во периодот на транзицијата* http://lenka.mk/wp content/uploads/2012/10/obezbrednuvanje_na_trudot.pdf [04 јануари 2020]

[45] Краљевски, М., Лутовски, Д., Костовски, И. Левичарско движење Солидарност, ЛДС. (2016). *Обезвреднување на трудот - 2 : анализа на трудово-правнатал егислатива во периодот 2010-2014* www.rosalux.rs/sites/default/files/publications/Obezvrednuvanje_na_trudot.pdf

[46] Македонско здружение за заштита при работа, МЗЗПР. (2019). *Годишен извештај за 2015 - смртни случаи, повреди и несреќи при работа* https://mzzpr.org.mk/wp-content/uploads/2019/04/годишен-извештај-за-несреќи-за-2018-година-финален.pdf

[47] European Commision, EC. (2018). *Accidents at work statistics* ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Accidents_at_work_statistics

[48] Гласен Текстилец, ГС. (2019, мај). *На повеќе од 70% од текстилните, кожарските и чевларските работници не им се исплаќа прекувремената* работа. https://glasentekstilec.wordpress.com/2019/05/10/на-повеќе-од-70-од-текситлните-кожарски  [04 јануари 2020]

Постојаната „флексибилизација“ на трудот направи македонските работници да имаат голема несигурност и незаштитеност на нивното работно место, а во исто време владата да се рекламира низ светот како земја со најевтина работна сила.

Критиката дека синдикатите се анахрона институција која не може да се справи со неолиберализмот и современите трендови во капитализмот е особено значајна за Македонија, затоа што во државата е често застапена праксата за вработување со краткорочни договори, т.е. договори на определено време. Ова практично го оневозможува синдикалното здружување на работниците, затоа што во таков случај, на работниците не им се продолжува работниот однос откако ќе им истече договорот за вработување, и „сѐ е согласно Уставот и законите“. Ваквата пракса е особено присутна кај странските инвестиции. За време на ВМРО-ДПМНЕ, имаше пример кога работници од една странска инвестиција останаа без работа заради наводно ненајавено организирање штрајк[49], а многу сличен пример имаше и за време на новата влада на СДСМ, кога работници од една странска инвестиција останаа без работа поради синдикално организирање[50], токму поради тоа што беа вработени со договори на определно време. Во Програмата за работа на постојната Влада на СДСМ е ставено дека ќе се донесе нов Закон за работни односи, со кој максималниот период за вработување со договор на определно време ќе се скрати од сегашните 5 години, на 6 месеци, но овој закон уште не е донесен, речиси четири години по доаѓањето на власт.

Втор сериозен проблем со синдикализмот е неговата затвореност и „пожолтеност“, односно, тоа што големите синдикати во Македонија секогаш биле блиски со некоја партија и што истите се затворени за промени. За да се подобри ова, неопходен е поголем синдикален плурализам и раст на независните синдикати во последните

---

[49] Јовановиќ, Б. Институт за општествени и хуманистички науки. (2017, февруари). „*Вистинската цена на евтината работа сила*“, стр. 48-50. http://www.isshs.edu.mk/wp-content/uploads/2017/06/ВИСТИНСКАТА-ЦЕНА-НА-ЕВТИНАТА-РАБОТНА-СИЛА.pdf [04 јануари 2020]

[50] Фокус.мк.(2017, август). *На протест ќе се кренат работниците од странската инвестиција „КСС“ во Кичево* http://fokus.mk/na-protest-ke-se-krenat-rabotnitsite-od-stranskata-investitsija-kss-vo-kichevo/ [05 јануари 2020]

години. Како една мерка за да се постигне ова, во програмата на постојната влада се ставено дека ќе се олесни регистрирањето синдикати, односно дека ќе се овозможи синдикатите да можат да се регистрираат само во Централен регистер, како и дека колективните договори ќе станат задолжителни за сите правни субјекти со над 20 вработени, па сепак, новата Влада повторно не го направи ова.

### 3.5. Јавно-приватни партнерства, како прикриен начин за приватизирање на јавното

Јавно-приватно партнерство (ЈПП) е неолиберална идеја, според која приватниот сектор се вклучува во обезбедување јавни услуги. Според поборниците на ЈПП, целите се да се понудат поефикасни јавни услуги, да не се оптоварува многу државниот буџет, да не се зголемуваат даноците поради тоа, како и државата да не се задолжува за обезбедување нови капацитети за јавни услуги. Сепак, овие оправдувања се повеќе теоретски, додека праксата покажува дека јавно-приватните партнерства се само маска за приватизација на јавните добра, а со тоа и нивно претворање во инструмент за генерирање профит на мала група моќници. Најдобар пример е здравството, каде што приватизираното здравство има за цел единствено да генерира повеќе профит за бизнисмените, а не и да биде услуга за граѓаните, односно, да обезбеди бесплатни или евтини квалитетни здравствени услуги за сите граѓани, што е основната цел на постоењето на здравствен систем.

Во Македонија договори за ЈПП се често нетранспарентни, и нивното имплементирање или неимплементирање останува неказниво. Досега двете најголеми партии кај нас го фаворизираат овој метод секогаш кога некое претпријатие ќе има проблеми со функционирањето. На овој начин, македонските влади со својата безидејност или немање желба за зачувување на јавните услуги ја префрлаат грижата за проблематичните сектори во приватни компании кои неретко се истите компании кои служат како донатори за партијата која е на власт.

Познат е примерот со општина Битола, која е една од првите општини која раскина договор за ЈПП. Имено, тие во мај, 2019 година, по 6 години стопанисување решија да не му го продолжат договорот за паркинзи на приватното претпријатие „Стентон градба“ тврдејќи дека „не се испочитувани барања од договорот и дека наместо да се среди сообраќајниот метеж во градското јадро станал уште поголем.“[51]

Сепак, и покрај ваквите лоши искуства со ЈПП, тие продолжуваат да бидат присутни во јавните политики во Македонија. Најдобар пример е тенденцијата за ЈПП во здравството на моменталната Влада, која во 2018 година детската кардиохирургија ја префрли во приватната клиника „Жан Митрев“, а нарача физибилити студии за уште неколку сегменти во јавното здравство: Службата за итна медицинска помош, Домашната посета, ЈЗУ Универзитетски Институт за позитронско – емисиона томографија, здравствени услуги за интегрирано менаџирање и иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции и Градската општа болница „8 Септември“. Ова е сосема спротивно од изборната програма на СДСМ, во која како ударен слоган во делот за здравството стои: „Ќе овозможиме квалитетно јавно здравство достапно за сите“[52]. Овој пример е уште една илустрација за тоа дека бизнис интересите пенетрираат и доминираат во сите сфери на општествениот живот.

Праксата на ЈПП во македонското здравство е всушност долго присутна. Според податоците од системот „Отворени финансии“, приватната болница „Систина“, чиј косопственик е еден од најбогатите бизнисмени во државава, Орце Камчев, секоја година од државата добива околу 17 милиони евра за разни услуги[53]. Во последните 10-ина години, болницата добила вкупно околу 100 милиони евра од

---

[51] Здравковска, Ж. Слободна Европа. (2019, мај ) „*Со паркинзите во Битола веќе нема да стопанисува приватен концесионер*“. www.slobodnaevropa.mk/a/29928454.html [22 јаприл 2020]
[52] За Живот, СДСМ. (2016, ноември), „*План за живот во Македонија*“, стр. 7. http://zazivot.mk/wp-content/uploads/2016/11/Plan_za_zivot_vo_Makedonija.pdf [22 јаприл 2020]
[53] Министерство за финансии на РСМ. (2020). *Отворени финансии.* open.finance.gov.mk/mk/search?recipient=&payer=&term=%D1%81%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0&payerEDB=&recipientEDB=&global_btn=global [17 ноември 2020]

државата, што е приближно еднакво на износот на финансиски средства кој е потребен за целосно реновирање на постојниот клинички центар[54].

Во поново време, втората влада на СДСМ предводена од Зоран Заев, најави ЈПП или целосна приватизација на повеќе државни компании како: ТЕЦ Неготино, Македонски железници – Транспорт, Еурокомпозит и Македонски пошти. Во случајот со Македонски пошти, главната причина за обидот за приватизација се долгогодишните милионски загуби. Но, според ревизиорските извештаи имало бројни прекршувања на законот кои долго време не биле санкционирани. Дел од услугите биле незаконски приватизирани, има сомнеж дека дел од финансиските извештаи и пропратните документи што ги приложувале биле лажни, имало незаконски унапредувања на работни позиции и многу други криминални активности кои немаат врска со конкурентноста, ефикасноста или државната сопственост на компанијата.[55]

### 3.6. Неказнивост на економски криминали

Неказнивоста на крупните бизнисмени и политичарите кои беа и се вклучени во економските криминали е само уште еден доказ за моќта и премолчениот договор на економско-политичките елити. Со осамостојувањето на Македонија во 1991 година започна транзиција на општествениот капитал во приватен капитал, и во тој процес голем број на фабрики отидоа под стечај, а огромен број на работници останаа на улица. И додека, ваквата приватизирачка постапка беше легализирана и предводена од Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, продажбите на фабриките и фирмите по многу ниска цена не биле и сè

[54] Фактор.мк. (2016, октомври) *Тодоров најави изградба на нов Клинички центар од 128 млн. евра*. faktor.mk/todorov-najavi-izgradba-na-nov-klinichki-centar-od-128-mln-evra [17 ноември 2020]

[55] Гаџовска Спасовска, З. Радио Слободна Европа. (2020, октомври). *Поштата гореше, ја ограбуваа, никој не одговара, па ќе се продава.* www.slobodnaevropa.mk/a/кривична-пошта-приватизација/30899890.html [17 ноември 2020]

уште не се предмет на кривична постапка. И по 29 години, после стагнацијата со Специјалното Јавно Обвинителство кое не успеа по 4 години од неговото формирање да се справи со крупните криминални на претходната власт и бизнисмените до нив, заклучкот останува ист - во Македонија економско-политичките елити од двете страни на идеолошкиот спектар се  недопирливи за правдата. И транзициска и сегашна.

Од претходната власт најголем белег во поглед на економски криминал со сериозни индиции за вмешаност на власта остави случајот со штедилницата ТАТ која е најголемата пирамидална финансиска измама во историјата на Македонија. Преку неочекуваното затворање на штедилницата беа оштетени 13 000 граѓани со вкупен износ близу 60 милиони евра. Иако, тогашниот премиер Бранко Црвенковски изјави дека има сомневања дека во аферата се вмешани лица од тогашната власт, освен директорката на штедилницата ТАТ која доби 3.5 години затвор, никој друг не беше осуден.[56]

Орце Камчев е уште еден пример за политичар и бизнисмен кој е гонет од судските власти, но не завршува во затвор, туку напротив - стекнува огромно богатство. Камчев во 90-тите беше потпретседател на младината на СДСМ, за потоа да ја напушти сосема политиката и да ги менаџира фирмите од својот татко. Во 2005 година, тој беше гонет за даночно затајување поврзано со даночна пирамида. Откако неколку месеци се криеше во странство, сам се пријави во притвор, но таму одлежа само една ноќ оти платил кауција од 60 илјади евра за да се брани од слобода.  За време на владеењето на ВМРО ДПМНЕ од 2006 до 2016 година преку блиски односи со власта започнува разни компании и за тоа време станува најбогат Македонец според магазинот Форбс со 23 милиони евра лично богатство. Во 2018

[56] Вечер.мк. (2020, јануари). „ *ДОСИЕ ТАТ: Иста партија, иста власт и милионите евра кои ги снемува* “. vecer.mk/node/473367 [22 јаприл 2020]

година, Специјалното Јавно Обвинителство објави случај против него поради злосторничко здружување и перење пари.[57]

Еден од најсимптоматичните примери за правна недопирливост е случајот на поранешниот премиер од редовите на СДСМ, Владо Бучковски. Тој во 2008 година беше осуден на 3.5 години затвор поради злоупотреба на службена положба при набавките на резервни делови на армиските тенкови, а во кои според Обвинителството го оштетил буџетот за повеќе од два милиони евра. Веднаш потоа, второстепениот (Апелациски) суд ја укинува пресудата поради пропусти во постапката. Во повтореното судење, Основен суд му доделува 3 години затвор, а Апелациски суд го осудува Бучковски како виновен со намалена казна од 2 години затвор. Но тој, не одлежува ни ден во затвор, затоа што Врховниот суд прво во 2015 година му ја одложува казната за издржување на затворска казна, за во 2017 година да ја поништи одлуката и да го врати по трет пат судењето одново. Конечно, во 2019 година јавниот обвинител извршил преквалификација на делото со што настапила застареност на кривичното гонење и со тоа Бучковски остана на слобода иако во повеќе наврати за истиот случај различни судови и судии го осудија за виновен.[58]

## 3.7. Медиуми слободни да му служат на бизнисот

Медиумите во Македонија, особено телевизиите кои сѐ уште доминираат со своето влијание во јавниот медиумски простор, имаат испреплетени и нераскинливи релации со бизнис елитата. Таквата констелација во која бизнисмените ги поседуваат медиумите нема за примарна цел обезбедување слобода на говор, подобрување на демократијата, заштита на јавниот интерес или давање простор на

[57] Унковска, С. Инбокс7. (2019, август). *„Профил – Орце камчев: хроника на една спектаколарна трансформација од обвинет за криминал во жртва на корумпирани институции“* inbox7.mk/archives/7335 [24 април 2020]
[58] Маглешов, В. А1он. (2019, ноември) *„Државата ќе му ги плати адвокатите и на Бучковски за 12 години – застареле „Тенковските делови“* a1on.mk/macedonia/drzhavata-kje-mu-gi-plati-advokatite-i-na-buchkovski-za-12-godini-zastarele-tenkovskite-delovi/ [24 април 2020]

„обичниот“ човек наспроти моќниците, туку само развој на бизнис и политички интереси.

Епитомизацијата на испреплетеноста помеѓу бизнис елитата, медиумите и власта е македонскиот бизнисмен и политичар - Љубисав Иванов Ѕинго, кој беше неформален сопственик на националната ТВ Сител. Формално, сопственик на ТВ Сител е Рударско индустрискиот комбинат „Силекс“, акционерско друштво во кое Ѕинго бил претседател на Управен одбор и генерален директор. Истото акционерско друштво покрај телевизијата е основач на компании во сферата на земјоделството, рударството, трговијата и финансиите, па дури и на фудбалски клуб. Ѕинго исто така беше претседател на Фудбалската Федерација на Македонија, претседател на Социјалистичката партија на Македонија и долгогодишен пратеник во собранието. Во ТВ Сител, не само сопственикот, и новинарите директно беа поврзани со власта и ползуваа финансиски интереси од нив во замена за ширење на вести кои ја зацврстуваат позитивната перцепција помеѓу гледачите. Еден од најстарите новинари во оваа телевизија, Драган Павловиќ Латас, кој беше многу близок до владата на ВМРО ДПМНЕ во периодот од 2006 до 2016, заработи кривична пријава од СЈО поради бесправна градба на земјиште од 317 хектари во време на тогашната власт. Иако, од првостепениот суд доби ослободителна пресуда, апелациskиот суд ја укина пресудата поради суштинска повреда на постапката и ја врати на повторно судење во Основниот суд Скопје 1. Исто така, во 2018 година, главната уредничка во ТВ Сител, Ивона Талевска, беше осудена на две години условна казна затвор затоа што во периодот од 2008 до 2014 година како управителка на консултантска фирма затаила над 50 000 евра данок.[59]

Канал 5 е уште една влијателна национална телевизија која е основана од бизнисмен и политичар. Борис Стојменов е еден од основачите на најголемата десничарска партија во Македонија - ВМРО ДПМНЕ и Министер за финансии во

[59] Нова Тв. (2019, февруари). *„Ивона Талевска осудена на 2 години условна казна за даночно затајување*“novatv.mk/ivona-talevska-osudena-na-2-godini-uslovna-kazna-za-danochno-zatajuvane/ [09 мај 2020]

владата на ВМРО од 1997 до 1998 година. Тој заедно со неговото семејство, покрај Канал 5, поседуваат штедилница, консалтинг агенција и печатница.

Двете гореспоменати телевизии беа перцепирани како главните медиумски бастиони на ВМРО – ДПМНЕ. Сегашниот премиер Зоран Заев, во 2015 година објави аудио разговори во кои сопствениците и уредниците на двете телевизии договараат прилози, цензура и гости во емисии. Заев истата година овие телевизии ги нарече „најголем политички непријател за нас како опозиција“.[60] Но, по доаѓањето на власт на СДСМ во 2016 година, ТВ Сител и Канал 5 почнаа да добиваат најмногу финансии токму од СДСМ. Еден пример е вториот круг на локалните избори во 2017 година. За закупување на простор и реклами, СДСМ иим сплати 155 000 евра на Сител и 106 000 евра на Канал 5, а пак ТВ Телма која во јавноста беше перцепирана како наклонета кон СДСМ доби помалку, 80 606 евра.

Сеад Кочан во јавноста стана познат по случајот „Труст“ во кој што СЈО го обвини дека заедно со други фалсификувале документи за да добијат тендери за ископување на јаглен во рудникот Суводол во Битола во 2011 година. Кочан, покрај другите бизниси, во 2015 година отвори телевизија со име Нова која за многу кратко време стана една од најдобрите телевизии во однос на опрема и рејтинг. Телевизијата имаше прецизно уредувачка политика која одеше во прилог на ВМРО-ДПМНЕ, партија која беше на власт кога Кочан го доби тендерот за кој беше осуден.[61] ТВ Нова западна во финансиски проблеми откако почнаа судските проблеми на Сеад Кочан за кој беше осуден на 6 години затвор, за брзо потоа – по неколку месеци и неговата телевизија да отиде под стечај.

ТВ Телма која во периодот од 2011 до 2016 година важеше за главен медиумски критичар на власта, исто така е во сопственост на еден од најбогатите бизнисмени

---

[60] СДСМ. (2015, декември). *„Заев: Ќе ги искористиме сите механизми да спречиме изборна корупција* http://www.sdsm.org.mk/News.aspx?idNews=135&lng=1&cat=1 [09 мај 2020]

[61] Апостолов, В. Призма. (2017, мај). *Како се известуваше за „најмироѕубивиот насилен влез во Собрание“* prizma.mk/kako-se-izvestuvashe-za-najmirolubiviot-nasilen-vlez-vo-sobranie/ [09 мај 2020]

во државата - Андреја Јосифовски кој својот капитап го стекнал како долгогодишен директор на нафтениот гигант „Макпетрол“. Јосифовски во 2011 година беше обвинет од финансиска полиција за незаконско прелевање на капитал од Макпетрол во Командитното друштво со акции Оилко, фирма која ја поседува Макпетрол.

1ТВ беше национален телевизиски медиум кој беше основан во 2018 година од страна на БМЈ медиа груп во кој директор беше Миле Јовановски, таткото на шоуменот Бојан Јовановски. Капиталот за основање на телевизијата и тогаш, но и сега сè уште не е откриен во јавноста. 1ТВ со својата програма и новинарска екипа важеше за блиска до власта. Бојан Јовановски се декларираше како директор на телевизијата и јавно се среќаваше со речиси цел владин врв. Во јули 2019 година, неформалниот сопственик на 1ТВ, Бојан Јовановски беше уапсен и доби 30 дневен притвор поради наводно перење пари и примање награда за противзаконско влијание. Тој беше осомничен дека уценувал бизнисмени со инкриминирачки снимки и влијание во СЈО за нивни позитивни пресуди а за возврат барал милионски суми. Дел од фирмите што се осомничи дека ги уценувал имаа закупено постојан рекламен простор во ударни термини токму во неговата телевизија. Јовановски во јуни 2020 година е осуден на 9 години затвор затоа што според судот го искористил своето влијание врз главната обвинителка на СЈО, Катица Јанева и изнудил пари од Орце Камчев. Слично како и ТВНова, и 1ТВ набргу пропадна после обвиненијата на нивниот сопственик.

ТВ 24 Вести важи за прилично балансиран известувачки медиум во Македонија. Но и таа, припаѓа на бизнисмен, Роберт Димитров, кој во јавноста е познат како човекот што ја предводи кабелската и интернет империја Телекабел. Тој во 2015 година поради физичка пресметка беше осуден на 6 месеци затвор, а тоа според него беше

казна од тогашната власт поради неговата некооперативност, т.е. одбивањето да ѝ служи на тогашната власт.[62]

Пред постоењето на приватните телевизии, во Македонија единствен телевизиски сервис беше јавниот сервис наречен Македонска радио телевизија (МРТВ). Јавните радиодифузни сервиси претставуваат фундамент на секој медиумски поредок на секоја европска земја што се смета за слободна и демократска. Во Македонија со либерализација на пазарот и стартот на приватните телевизии во медиумската сфера во кој голем дел од новинарите направија трансфер во приватните телевизии, МРТВ почна да се соочува со сериозни проблеми. Покрај трансферот на персоналот, на МРТВ сè потешко ѝ беше да воспостави финансиска независност од Владата поради неефикасното наплаќање на радио-дифузната такса што веќе не ни се плаќа. Поради финансиските проблеми, МРТВ не можеше да ја обнови својата техника но и да понуди квалитетен јавен сервис. Сите овие елементи, плус континуираната партиско-политичка интерференција во работењето на МРТВ направи оваа телевизија полека но сигурно да го загуби својот макотрпен граден идентитет на квалитетен и сериозен медиум. Во 2008 година, владејачката ВМРО-ДПМНЕ сакаше и да го затвори единствениот јавен сервис. Измените усвоени од страна на Собранието по брза постапка на 19 август 2008, ја отворија можноста јавниот сервис да отиде во стечај и ликвидација, но Европската комисија не даде зелено светло за овие измени поради тоа што тоа ќе биде удар за демократијата во земјата и кај сите членки на ЕУ не се предвидува стечај или ликвидација на јавниот радиодифузен сервис.

Потврда за падот на МРТВ може да се потврди и преку анкети и статистики. Едно од нив е истражувањето на публиката порачано од Советот за радиодифузија во 2013 во кое се потврдува дека „нивото на довербата во вестите на јавниот радиодифузен сервис е доста ниско во споредба со некои комерцијални

---

[62] МКД.mk. (2015, април). *Роби Телекабел: Вие за мене сте мали деца, неспособни, неизживеани искомплексирани типови!* www.mkd.mk/makedonija/politika/robi-telekabel-vie-za-mene-ste-mali-deca-nesposobni-neizzhiveani-iskompleksirani [11 мај 2020]

радиодифузери: само 8,3 проценти од интервјуираната популација (со возраст над 18 години) изјавиле дека најмногу им веруваат на вестите на МТВ.“[63]

СДСМ во нивната изборна програма за парламентарните избори во 2016 година ветуваше дека МРТ ќе биде целосно непристрасна и независна од политички, комерцијални и други влијанија, за да ја остварува својата информативна улога во интерес на јавноста во Македонија. Сепак, повеќе од 3 години по доаѓањето на власт, нивната Влада не направи ништо во овој поглед. Иронијата оди дотаму што не беше сменет ни директорот на телевизијата, поставен од претходната власт, иако беа сменети речиси сите директори на јавни претпријатија.

Неразвивањето на јавниот сервис, во ситуација кога доминантните медиуми во државата се приватни и работат во интерес на крупниот бизнис, може да се толкува како уште еден индикатор за економската заробеност на државата.

### 3.8. Донации на партии како средство за купување влијание

Врската помеѓу парите, моќта и партиите е нераскинлива. Двата најголеми извори за финансиите на една партија се членарината и донациите. Донирањето финансии или други услуги кон политичките партии во Македонија не секогаш се прави поради идеолошка усогласеност или симпатизерство. Ако се погледне како се движат донациите кон партиите кога се на власт и кога се во опозиција може да се забележи дека секогаш донациите се драстично поголеми кон партијата на власт, било да е таа со десен или лев идеолошки предзнак. На пример, во 2014 година, кога СДСМ е во опозиција, од парични донации добила 546.000 денари од 20 донатори, а ВМРО-ДПМНЕ, која е на власт, 101.878.226 денари од 2145 донатори. Во 2018 година, кога СДСМ е на власт, има 1495 донатори, а ВМРО-ДПМНЕ, која е во

[63] Македонски институт за медиуми, (2014, септември). „*Зошто е важен интегритетот на медиумите*“, стр. 108.
mim.org.mk/attachments/article/824/zosto_e_vazen_integritetot_na_mediumite_MK_v2.pdf [11 мај 2020]

опозиција, само 8. Уште еден коруптивен феномен во врска со спонзорирање на партии и влијание се обелодени во 2011 година кога Државниот завод за ревизија го објави извештајот за донации на партии во кој се гледа дека на Демократската унија за интеграција (ДУИ), меѓу другите донатори се и: Министерството за земјоделство, општините Чаир и Врапчиште, Казнено-поправен дом Струга, АД Македонски пошти и други. Оваа практика ДУИ ја продолжи до 2016 година кога Антикорупциска комисија заклучи дека тоа е злоупотреба на јавни фондови, но ЈО сè уште нема поведено постапка за овој случај.[64]

Неретко се случува една фирма или човек да биде блиска или да донира за една партија во еден циклус, па за друга партија, во друг циклус. На пример, бизнисменот Минчо Јорданов, кој е еден од најбогатите бизнисмени во Македонија најпрво беше заменик претседател на владата задолжен за економски систем во владата на СДСМ на Владо Бучковски од 2002 до 2004 година, за потоа во време на ВМРО ДПМНЕ неговата градежна фирма „Бетон“ да „донира“ 7 750 000 милиони евра на ВМРО ДПМНЕ[65].

Орце Камчев, исто така, важи за човек кој соработува или ја поткупува било која партија која може да го заштити неговиот интерес. Во објавен разговор на социјалните медиуми, Христијан Мицковски, лидерот на ВМРО ДПМНЕ признава дека партијата во 2017 година финансиски тонела во долгови и дека немала пари да плати сметки. Орце Камчев ја помогнал партијата и ги подмирил долговите, а за возврат Мицковски и ВМРО ДПМНЕ го кочеле Законот за Јавно обвинителство за да го спасат Камчев од делото „Империја“ отворено од СЈО против Камчев и уште неколкумина други бизнисмени кои вршеле финансиски измами.[66]

---

[64] Трпковски, Г. Призма.мк, (2020, мај). *„Финансирањето на партиите е терен без контрола“* prizma.mk/finansiraneto-na-partiite-e-teren-bez-kontrola/ [15 мај 2020]
[65] Специјалното Јавно Обвинителство донацијата на Јорданов ја смета за незаконска затоа што во моментот кога неговата фирма вршеше услуги за државни органи, односно работи на тендери, не смеела да донира на политичка партија.
Апостолов, В. Призма.мк, (2017, мај). *Зошто палатата на ВМРО-ДПМНЕ оди под мраз*. prizma.mk/zoshto-palatata-na-vmro-dpmne-odi-pod-mraz/ [15 мај 2020]
[66] Нова ТВ (2020, јуни). *Нова „бомба“: Мицкоски му помагал на Камчев за „Империја“* novatv.mk/nova-bomba-mitskovski-mu-pomagal-na-kamchev-za-imperija/ [03 јули 2020]

Причините се повеќе од јасни - субјектите што донираат купуваат остварување на интереси. Уште еден пример за донации водени од свои лични интереси е случајот со Арбер Исаку. Со 300 илјади денари, 44-годишниот правник Арбер Исаку решил со финансиски средства да придонесе за победа на Демократската унија за интеграција на предвремените избори одржани во април 2014 година. Тој фигурира како еден од 13-те донатори во извештајот на Државниот завод за ревизија[67]. На тие избори, ДУИ освои 19 пратеници и продолжи да биде партнер во владата на ВМРО-ДПМНЕ. Две години потоа, Исаку беше избран за член на Советот на јавни обвинители, институција која законски треба да нема ниту една допирна точка со политичките партии.

### 3.9. Максимален отпор против минималната плата

Кога во 2012 година се донесе законот за минимална плата, Македонија беше една од последните земји што воведе задолжителна минимална плата во регионот. Зголемувањето на минималната плата секогаш е дочекано негативно од бизнис секторот со изговор дека минималната плата ќе ја намали атрактивноста на македонските фирми и ќе донесе нови давачки за кои фирмите не се подготвени.[68] Владата на ВМРО ДПМНЕ воведе многу ниска минимална плата во јануари 2012 година во износ од 8.050 денари за сите сектори, освен за текстилниот и кожарскиот сектор, каде минималната плата беше 6.263 денари. Во последната година во владеењето на ВМРО ДПМНЕ, минималната плата порасна само за 2000-3000 денари плус - во 2016 година минималната плата изнесуваше 10.080 денари за сите сектори, а 9.000 во текстилната и кожарската индустрија.

---

[67] Scoop.mk,(2016, мај). *Годишен извештај за членарина и донации*. http://scoop.mk/wp-content/uploads/2016/11/3_DUI_Donacii_2015.pdf [03 јули 2020]
[68] ПресингТв (2019, февруари). *Минималната плата ќе се зголемува – бизнисот против*. pressingtv.mk/ekonomija/minimalnata-plata-kje-se-zgolemuva-biznisot-protiv/ [03 јули 2020]

Минималната плата конечно доби единствена сума која важи за сите сектори во 2017 година, по доаѓањето на СДСМ на власт, кога беше покачена на 12.000 денари нето. Но, и ова покачување имаше дамка – заедно со него, во законот беше воведена и одредба за „нормираниот учинок“, односно, беше предвидено дека минималната плата нема да важи за оние работници кои нема да ја остварат работната норма. Оваа одредба беше воведена во последен момент, под притисок на бизнис заедницата, и со противење на синдикатите и практично им овозможуваше на фирмите да ја избегнат новата повисока минимална плата. Одредбата за нормираниот учинок подоцна беше укината од страна на Уставниот суд, по претставка од Сојузот на синдикати на Македонија, но сепак го илустрира отпорот кој бизнис заедницата го има кон покачувањето на минималната плата.

На крајот на мандатот на СДСМ минималната плата достигна 14.500 денари, што е 5.500 денари повеќе отколку кога тие дојдоа на власт, но сепак е пониско од ветувањето во нивната предизборна парламентарна кампања, дека до 2020 година ќе ја покачат минималната плата на 16 000 денари.[69] Но и последното покачување на минималната плата беше следено со своевидна дамка, односно, беше следено со владина мерка за субвенционирање на придонесите за плати за фирмите кои ќе ги зголемат платите. Со оваа мерка, државата ги плаќа придонесите за фирмите кои ќе ги зголемат платите на своите вработени, меѓу кои и оние опфатени со повисоката минимална плата. Така, последното покачување во голема мера се сведува на тоа платите на работниците да се покачат не на сметка на профитите на фирмите, туку на сметка на државниот буџет, кој го полнат самите работници.

[69] За живот, СДСМ. (2016). *Повисоки плати за да живееме подобро*. zazivot.mk/plati/ [03 јули 2020]

# 4. ПРОЦЕСОТ НА ЗАРОБУВАЊЕ

## 4.1. Стопанските комори, секогаш блиску до власта

Првиот актер во процесот на заробување на економијата се стопанските комори. Нивното влијание се реализира според правилото - секогаш со секоја власт, никогаш против никоја. Ова се огледа во тоа што коморите соработуваат, па дури и изразуваат поддршка на владите дури и кога има очигледно општествено незадоволство кон нив, како што беше случајот со владите на Груевски. Познати се примерите кога Стопанската комора на Македонија организираше бизнис средби на кои Груевски беше главен гостин, при што тој држеше маратонски говори во кои ги воспеваше своите достигнувања, не само на полето на економијата, туку и на секое друго поле, а присутните бизнисмени му аплаудираа. На првата ваква средба, организирана од страна на Стопанската комора на Македонија во септември 2012 година, во присуство на околу 700 компании, вклучувајќи ги и 250-те најголеми, во општествена клима во која доминираат затворањето на А1 телевизија и убиството на Мартин Нешковски, Груевски држи говор од 10.000 збора (20 страници А4 формат), во кој истакнува дека има одлична соработка со стопанските комори. Во говорот се спомнуваат и теми кои немаат никаква врска со бизнисот или работењето на коморите, како на пример, демографијата, на која владите на Груевски во тие години посветуваат особено внимание, преку проектот „трето дете“, рекламите за многудетни семејства и сличните мерки[70]. На истата средба, претседателот на Стопанска комора на Македонија, Бранко Азески, истакнува дека „во ова кризно време повеќе од неопходно е да се остварува и да јакне јавно-правниот дијалог“.[71]

---

[70] Влада. (2012, септември). *Обраќање на премиерот Груевски на средбата со бизнис заедницата и стопанските комори* vlada.mk/node/4469 [06 јули 2020]

[71] Стопанска комора на Македонија, СКМ. (2012, септември). Бизнис Инфо, *На самото место*, бр.108, стр.3.http://www.mchamber.org.mk/upload1/bilteni/191_1.pdf [06 јули 2020]

На втората ваква средба, овојпат организирана од трите големи комори заедно (Стопанската комора на Македонија, Сојузот на Стопански комори и Стопанската комора на северозападна Македонија) во септември 2013, во слично бизнис опкружување и уште поспефицична општествена клима во која доминираат протестите на СДСМ од таа година, Груевски држи двочасовен говор (14.000 збора, 29 страници А4 формат), во кој повторно ја истакнува одличната соработка со коморите, а не пропушта шанса да ги истакне и проектот „Скопје 2014“ и спорот со Грција[72]. На истата средба, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески изразува задоволство што средбите со претседателот на Владата стануваат традиција и истакнува „можам да констатирам дека во изминатиот период имаше позитивни процеси“[73], не појаснувајќи притоа дали позитивните процеси на кои мисли се однесуваат на „црниот понеделник“, односно на насилното исфрлање на пратениците на опозицијата од Собранието во декември 2012.

Познат е и случајот кога во февруари 2015 година, само неколку дена откако претседателот на тогаш опозициската СДСМ, Зоран Заев, почна да ги објавува „бомбите“, Стопанската комора на Македонија, прославувајќи годишнина од своето работење, во присуство на претставникот на Владата и тогашен министер за финансии, Ставрески, истакнува дека „Стопанската комора на Македонија, како најголем репрезент и застапник на интересите на стопанството ја цени за исклучително значајна соработката што ја остварува со Министерството за финансии при Владата на Република Македонија“, дека „Министерството за финансии при Владата на Република Македонија успеа да се наметне како вистински партнер на бизнисот“ и дека „натамошното унапредување на партнерството на Министерство за финансии со бизнис-заедницата, преку уште потесни форми и облици на заедничко делување и соработка и натаму останува

[72] Влада, (2013, септември). *Обраќање на премиерот Никола Груевски пред стопанските комори* vlada.mk/?q=node/7275&language=mk [06 јули 2020]
[73] Стопанска комора на Македонија, СКМ, (2013, септември*). Актуелно,* Бизнис Инфо, бр.148, стр. 4. http://www.mchamber.org.mk/upload1/bilteni/230_1.pdf [06 јули 2020]

како еден од главните приоритети и определби на Стопанската комора на Македонија“.[74]

Притоа, Стопанската комора на Македонија не е единствената комора што експлицитно го поддржува Груевски. Втората најголема комора, Сојузот на стопански комори, би можело да се каже дека е уште поексплицитна, затоа што останува негов поддржувач и во подоцнежните години, дури и кога тој не е веќе премиер. Така, во февруари 2016, еден месец по повлекувањето на Груевски од премиерската функција, тој остварува средби со Сојузот на стопански комори, на која Митко Алексов, извршен директор на комората, истакнува дека „соработката е од голема важност за членовите на сојузот“ и дека „треба да продолжи и во иднина“.[75]

Поддршката која оваа комора му ја дава на Груевски не се однесува само на економијата, туку и на многу од неговите политички одлуки. Така, во април 2008 година, кога Груевски го подготвува теренот за предвремени избори со цел да има поголемо мнозинство во парламентот, тогашниот претседател на Сојузот на стопанските комори, Венко Глигоров, дава отворена поддршка за таквата идеја по заедничката средба со премиерот, истакнувајќи дека „изборите се секогаш добри, а предвремените избори се доблест ако се иницирани од страна на една партија која моментално е на власт“.[76]

Од трите големи комори во државата, единствено Стопанската комора на северозападна Македонија почнува да го критикува режимот на Груевски, но дури во подоцнежните години од владеењето, кога тој е целосно делегитимиран. Така,

[74] Стопанска комора на Македонија, СКМ, (2013, февруари). *Министерството за финансиина Република Македонија, Перманентно партнерство со бизнис-заедницата*. Бизнис Инфо, бр.211, стр 15. http://www.mchamber.org.mk/upload1/bilteni/290_1.pdf [06 јули 2020]

[75] Пулс24. (2016, февруари) *Никола Груевски денес заедно со економскиот тим одржа работен состанок со Сојузот на Стопански комори на Македонија*. puls24.mk/nikola-gruevski-denes-zaedno-so-ekonomskiot-tim-odrza-raboten-sostanok-so-sojuzot-na-stopanski-komori-na-makedonija/ [06 јули 2020]

[76] Идивиди. (2008, април). „Средба на премиерот Груевски со претставници на Сојузот на стопански комори (ДПЛ). http://www.idividi.com.mk/vesti/makedonija/437239/ [06 јули 2020]

тие ја критикуваат намерата на Владата да издаде еврообврзница од 650 милиони евра во 2016 година, при што нивниот тогашен директор, Фатмир Битиќи, во едно интервју изјавува „ние како комора не можеме да дадеме поддршка на задолжувањата и на трендот на непродуктивни трошења, и тоа му беше најавено на министерот за финансии.“[77] Сепак, и оваа комора изразува поддршка на Владата во претходните години, и таа се јавува како организатор на годишните средби на Груевски со бизнис заедницата, а на крајот на 2013 година, нејзиниот тогашен претседател, Мендерес Кучи, по средба со министерот за финансии Ставрески, изјавува: „Резултатите се тука. Скептиците остануваат да бидат секогаш скептици, но ние како бизнис заедница сакаме секогаш да бидеме оптимисти.“[78]

И покрај сето ова, и покрај тоа што стопанските комори несомнено го поддржуваа владеењето на Груевски, во мај 2017 година, кога станува јасно дека претседателот на СДСМ, Зоран Заев, ќе го добие мандатот за формирање на новата Влада, во јавноста се појавуваат информации дека вицепремиерот за економски прашања во таа влада ќе биде предложен токму од стопанските комори.[79] Ова доаѓа како изненадување, бидејќи воопшто не е спомнато во изборната програма на СДСМ[80] и во јавноста веднаш се појавуваат бројни реакции, особено од страна на помалите и независните синдикати[81]. Сепак, реакциите не успеваат да променат ништо и мандатарот Заев навистина за вицепремиер за економски прашања номинира претставник на бизнис заедницата, односно, Кочо Анѓушев, кој дотогаш се наоѓа на позицијата потпретседател на Стопанската комора на Македонија.

---

[77] Фактор.мк. (2016, јули). *Му кажав на министерот Миновски дека нема да поддржиме непродуктивни задолжувања!* faktor.mk/mu-kazhav-na-ministerot-minovski-deka-nema-da-poddrzhime-neproduktivni-zadolzhuvana [08 јули 2020]

[78] Вистиномер.мк. (2013, декември). *Рецензија: Економски успешна година – и Владата и бизнисмените задоволни* http://vistinomer.mk/retsenzija-ekonomski-uspeshna-godina-i-vladata-i-biznismenite-zadovolni/ [08 јули 2020]

[79] Р.Ф. Фактор.мк. (2017, мај) *Кочо Анѓушев нов вицепремиер за економски прашања?!* faktor.mk/kocho-angjushev-nov-vicepremier-za-ekonomski-prashanja [08 јули 2020]

[80] За живот, СДСМ. (2016, ноември). *План за живот во Македонија* http://zazivot.mk/wp-content/uploads/2016/11/Plan_za_zivot_vo_Makedonija.pdf [08 јули 2020]

[81] Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници, ССНМ. (2017, мај). *Синдикатите се против вицепремиер од бизнис заедницата* https://ssnm.org.mk/soopstenija/синдикатите-се-против-вицепремиер-од [08 јули 2020]

Кочо Анѓушев претходно нема никаква врска со СДСМ. Тој за првпат е назначен на државна функција во 2000 година, во времето на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ на Љубчо Георгиевски, кога доаѓа на тогашната висока функција помошен генерален директор за производство и управување во тогашното државно Електростопанство на Македонија (ЕСМ). На таа функција останува до 2002, кога по доаѓањето на власт на СДСМ, станува директор на ЕФТ Македонија, којашто е дел од меѓународната групација ЕФТ која работи во 22 држави во регионот на Југоисточна Европа. За време на владеењето на тогашното СДСМ работи тивко во енергетскиот бизнис, а по доаѓањето на власт на ВМРО-ДПМНЕ во 2006, повторно станува актуелен, кога неговата фирма станува еден од најголемите трговци со струја во државата[82]. Уште во 2008 година, „Утрински весник“ пишува за афери поврзани со него и со трговијата со струја. наведувајќи:

*„Нетранспарентниот увоз на 578 милиони киловат-часа електрична енергија за задоволување на дефицитарните потреби на потрошувачите во Македонија за годинава, „тежок“ 52 милиона евра, е уште еден зрел случај за Антикорупциската комисија. Имено, од четирите фирми-понудувачи што учествуваа на тендерот за бараните количини електрична енергија, Комисијата на АД МЕПСО деновиве одлучи целото количество енергија да го набави само од српската трговска фирма ЕФТ и тоа по цена од 91 евро за мегават-час. Застапник на сега веќе моќната српска компанија ЕФТ (која веќе обезбеди и 90 проценти од потребната енергија за работењето на големите индустриски потрошувачи) е велешкиот бизнисмен Кочо Анѓушев, кој во времето на владата на Љупчо Георгиевски ја извршуваше функцијата помошник на генералниот директор за производство во поранешното електростопанство.*

---

[82] Фактор.мк. (2013, февруари). *Кочо Анѓушев ја напушти ЕФТ, фирмата која е најголем увозник на струја во Македонија!* faktor.mk/kocho-angushev-ja-napushti-eft-najgolemi/izboren-molk-vo-makedonija- [08 јули 2020]

*Неговите бизнис-релации со актуелните раководства на МЕПСО и на ЕЛЕМ и не се некоја новина“*[83]

Набргу потоа Кочо Анѓушев почнува да инвестира и во мали хидроцентрали[84] и до 2013 година станува станува еден од најбогатите Македонци, како што наведува Форбс[85]. Истата таа година станува и претседател на Македонската енергетска асоцијација. За неговата близина со тогашното ВМРО-ДПМНЕ јавно се говори, па дури и се споменува и како нивен потенцијален кандидат за градоначалник. На 14 ноември 2012 година, во пресрет на локалните избори од 2013 година, дневниот весник „Фокус“ објавува текст со наслов „Дали ВМРО ДПМНЕ ќе го кандидира „електричниот милионер“ за градоначалник на Велес?“, наведувајќи го Анѓушев како можен предлог на ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Велес.

Во времето на Никола Груевски, тој станува и дел од раководството на Стопанската комора на Македонија, поточно, нејзин потпретседател, односно, своевидна десна рака на Бранко Азески, кој како претседател на Комората постојано ја истакнува одличната соработка со владите на Груевски.

Сепак, и покрај тоа што бизнис подемот на Анѓушев, случајно или не, се случува за време на ВМРО-ДПМНЕ, тоа не го спречува да биде предложен за вицепремиер за економски прашања во владата на СДСМ во 2017 година, токму од страна на Стопанската комора на Македонија.

Историјатот на Бранко Азески е исто толку индикативен како и оној на Кочо Анѓушев. Во младите години, важи за истакнат комунист, а дури бил и претседател на

---

[83] Утрински. (2008, јануари) *Нетранспарентен увоз за познат* трговец time.mk/arhiva/?d1=01&m1=01&y1=1991&d2=31&m2=12&y2=2012&all=1&fulltext=1&timeup=2&show=1&q=%D0%B0%D0%BD%D1%93%D1%83%D1%88%D0%B5%D0%B2&read=149b8a0fc95fc2e [08 јули 2020]

[84] Станковиќ, С. Глобус магазин. (2010, април). *Се што ќе фати ќе позлати* http://www.globusmagazin.com.mk/?ItemID=A60E11132C92BD43A76773AD485041C8 [08 јули 2020]

[85] Маглешов, В. Макфакс. (2017, мај). *Кочо Анѓушев, најбогатиот трговец со струја, станува вицепремиер за економски прашања* https://makfax.com.mk/daily-news/кочо-анѓушев-најбогатиот-трговец-со-с [08 јули 2020]

југословенската комунистичка младина[86]. По распадот на СФРЈ, влегува во бизнис водите, при што најзначајна позиција му е што бил директор на хотелот „Александар Палас“ (во сопственост на фирмата „Фершпед“), од отворањето на хотелот во 1998 до 2003 година. Во Стопанската комора на Македонија е од 1990, а нејзин претседател станува во 2005, за време на СДСМ.[87] Иако неговата кариера несомнено укажува на своевидна близина со СДСМ, тоа не му пречи отворено да го поддржува Груевски како претседател на Комората, дури и во годините кога неговото владеење е сериозно компромитирано.

Ова не е првпат стопанските комори да имаат свои претставници на високо позиции во извршната власт иако претходно не секогаш биле инволвирани со партијата која доаѓа на власт. Хари Костов кој беше премиер на Р. Македонија во 2004 година, беше и претседател на Здружението на банкарството и осигурувањето при Стопанската комора на Македонија.

Минчо Јорданов кој е сè уште потпретседател на Стопанската комора на Македонија, служеше како заменик претседател на владата задолжен за економски систем во владата на СДСМ.

Близината на коморите со власта се огледува и во бројот на средби кои тие ги остваруваат со државните функционери. Најиндикативен е примерот на новиот претседател на државата, Стево Пендаровски, кој на функцијата стапи на 12 мај 2019 година. Во првите 4 месеци од извршувањето на таа функција, тој остварува дури 9 средби со стопански комори или други слични здруженија - со Македонската банкарска асоцијација на 30.9, со Американската стопанска комора во Македонија на 20.9, со Советот на странски инвеститори на 17.9, со Стопанската комора Македонија – Турција (МАТТО) на 5.9, со Стопанската комора за информатички и

---

[86] Крамарска, С. Глобус магазин. (2009, јануари). *Десен левичар или лев десничар во политиката* http://www.globusmagazin.com.mk/?ItemID=D0FADFB95F2E2E438D2E5205A8D2C897 [08 јули 2020]
[87] Дневник. (2005, март). *Бизнисменот Бранко Азески на чело на Стопанска комора* time.mk/cw/b391b25bb1/azeski-nov-pretsedatel-na-stopanskata-komora-na-makedonija.html [11 јули 2020]

комуникациски технологии (МАСИТ) на 20.8, со „Македонија – 2025“ на 14.8, со Стопанската комора на Северо-Западна Македонија на 24.7, со Сојузот на стопански комори на Македонија на 22.7, со Стопанската комора на Македонија на 19.6. Во тој период не остварува ниту една средба со синдикат или некоја слична организација/здружение[88]. Дополнително, во неколку наврати по средбите со бизнис заедницата, Пендаровски изјавува дека нема да потпише закон за кој бизнис заедницата смета дека е штетен[89].

И додека сите македонски претседатели остваруваат средби со стопанските комори, официјални средби со преставниците на работниците речиси и да нема. Иако ингеренциите на претседателот се ограничени во однос на заштита и подобрување на работничките права, останува фактот дека дури во 2019 година за прв пат во историјата еден претседател оствари официјална средба со Сојузот на синдикати на Македонија.[90]

## 4.2 Сојузот на синдикати, секогаш во скутот на власта

Ако за стопанските комори може да се каже дека стануваат блиски до секоја власт и дека на тој начин ги шират своите интереси, за Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ), најголемиот синдикат во државата, може да се каже дека седи во скутот на секоја власт и ги застапува интересите на власта.

---

[88] Претседател на Република Северна Македонија, Медиа Центар http://pretsedatel.mk/medi%d0%b0/ [11 јули 2020]
[89] Чачкова, И. Сител. (2019, јули). *Бизнисмените бараат помош, Пендаровски им вети дека нема да потпишува штетни закони* sitel.com.mk/biznismenite-baraat-pomosh-pendarovski-im-veti-deka-nema-da-potpishuva-shtetni-zakoni [11 јули 2020]
[90] Претседател на РСМ. (2019, ноември). „*Посета на претседателот Пендаровски на Сојузот на синдикати на Македонија*“ pretsedatel.mk/посета-на-претседателот-пендаровски-3 [11 јули 2020]

ССМ, кој треба да е бедем на работничката класа и да ги застапува интересите на работниците, кај нас бил секогаш корумпиран од страна на секоја власт, со ставање за претседател на човек кој е близок до власта и кој ќе можат да го контролираат кога работниците ќе сакаат да остварат повеќе права за нив. Поради синдикалните отстапки што ги прават пред капиталот и моќта, довербата и членството во синдикатите константно се намалува: во 1993 година имаше 364.000 членови, за во 2015 година да изнесува само 66.386 членови.

Еден од таквите полтронски примери е Живко Митревски кој беше претседател на ССМ од 2010 до 2017 година. Тој беше често гледан со премиерот Груевски, важеше за човек кој е поблизок со власта одошто со самото членство на ССМ и имаше скандал со купување на скапи автомобили и гардероба. Запаметен е по тоа што не одржа ниту еден протест и ги суспендираше првомајските протести со објаснување дека подобро е да се разговара со власта отколку да се протестира.[91] Уште еден неодамнешен пораз и доказ за корумпираноста на ССМ се случи во 2015 година кога СОНК како еден од најголемите гранкови синдикати во ССМ го забрани најавениот генерален штрајк на просветните работници поради постигнување на взаемно прифатена спогодба со владата иако работниците веќе беа решени да излезат на улица. Тие наредниот ден јавно го искажаа своето незадоволство од донесената одлука за забрана на штрајкот, со што само се продлабочи недовербата во раководството во еден од најголемите синдикати.[92]

Ситуацијата во однос на организирање протести и штрајкови не се подобрува и со новиот претседател, Дарко Димовски. За претходниот претседател Живко Митревски, тој изјави дека „немаше храброст да организира протести за 1 Мај“, па веднаш по земањето на раководството започна со организација на првомасјкиот протест со порака дека преговори со власта се неопходни, но протестот на улица

---

[91] Делимитов, К. Дојче веле. (2015, мај) *Синдикална битка на македонски начин*. www.dw.com/mk/синдикална-битка-на-македонски-начин/а-17605018 [11 јули 2020]

[92] мкд.мк. (2014, септември) „*Професорите и наставниците од Охрид се против одлуката за штрајк на СОНК*“. www.mkd.mk/makedonija/politika/profesorite-i-nastavnicite-od-ohrid-se-protiv-odlukata-za-shtrajk-na-sonk [11 јули 2020]

има своја порака и тежина.[93][94] Но досега во својот мандат, Димовски освен протестот за 1 Мај не се одлучува на вадење на членството на улица, туку само често разговара со новата влада на СДСМ, доставува барања, предлози и потпишува меморандуми. Можности ССМ да поддржи или организира социјални протести имаше многу, на пр. во јули и август 2020 година имаше протести за зголемување на цената на струјата кои се одржуваа во шест градови низ Македонија и беа ко-организирани од независни синдикати. ССМ одлучија да не учествуваат ниту да повикаат на поддршка за овие протест, туку само оствариja средба со владини преставници од енергетскиот сектор. Димовски и ССМ остануваат пасивни и на многу други владини одлуки кои директно го влошуваат животот на работниците, на пр. кога владата најави зголемување на приватизациите на државните компании, што за работниците значи намалување на работничките права и во најлош случај бркање од работа.

Поради промоцијата на земјата како инвестициски рај, во фирмите со странски инвестиции нема ниту еден официјално формиран синдикат којштo реално дејствува. Уште еден отежнат момент за парализата на синдикатите е честите договори на определено време. Имено, работник може да се вработува со договори на определено време до 5 години и со таква неизвесност работникот поради својата безбедност не го гледа синдикатот како сојузник.

Во изминатите години се креираа независни синдикати и групации на истите кои се секогаш критични кон власта, но поради законската легислатива која не ги легитимира како репрезентативни тие остануваат со ограничен ефект.

---

[93] Јовановски, З. 360 степени.мк. (2018, април) *По години на полтронство кон власта, најголемиот синдикат ССМ првпат излегува на првомајски протест* [360stepeni.mk/po-godini-na-poltronstvo-kon-vlasta-na/](360stepeni.mk/po-godini-na-poltronstvo-kon-vlasta-na/) [11 јули 2020]

[94] Х.С. Фактор.мк. (2020, мај). *Интервју Дарко Димовски: Нема отстапување, не дозволуваме откази за работниците, а државна помош за работодавците* [faktor.mk/intervju-darko-dimovski-nema-otstapuvanje-ne-dozvoluvame-otkazi-za-rabotnicite-a-drzavna-pomosh-za-rabotodavcite](faktor.mk/intervju-darko-dimovski-nema-otstapuvanje-ne-dozvoluvame-otkazi-za-rabotnicite-a-drzavna-pomosh-za-rabotodavcite) [11 јули 2020]

### 4.3. Медиуми кои го штитат бизнис интересот

Во процесот на економското заробување на државата важно влијание имаат и медиумите, преку создавање на наратив кој оди во прилог на крупниот бизнис. Ова можеби и не е чудно, знаејќи дека главните медиуми во Македонија се во сопственост на бизнисмени, но сепак се коси со основниот принцип на база на кој треба да функционираат медиумите според либералната концепција – да бидат заштитници на јавниот интерес.

Медиумите во Македонија скоро секогаш известуваат пристрасно кога се дискутира некоја мерка која го засега односот на моќта помеѓу работниците и газдите, како прогресивен данок или минимална плата.

Медиумските дискусии за прогресивниот данок се типичен пример за тоа. Кога се најави неговата имплементација, известувањето одеше во две насоки - едни известуваа неутрално со изјави „ЗА“ и „Против“, а кај другите медиуми можеше да се види директен напад кон оваа мерка. Тие известуваа како прогресивниот данок ќе предизвика одлив на мозоци и компании, како ќе удри по штедачите, земјоделците, берзанските играчи, банките, како нема ништо праведно во прогресивниот данок и се разбира дека ова ќе биде промашена инвестиција.[95][96][97] Во ниеден медиум не можеше да се прочита анализа или известување кое оди во прилог на прогресивниот данок.

Слично е и со минималната плата. Во медиумите често можат да се прочитаат негативните коментарите од бизнис заедницата против минималната плата. Тие

---

[95] Зиков, Љ. Капитал. (2018, ноември) „*Зошто прогресивниот данок не е добар, и нема ништо да смени*!?“, kapital.mk/zoshto-progresivniot-danok-ne-e-dobar-i-nema-nishto-da-smeni/ [12 јули 2020]
[96] Хаџиспиркоска Стефанова, И. Сител. (2019, јуни) „*Прогресивен данок - многу врева за ништо*“. sitel.com.mk/progresiven-danok-mnogu-vreva-za-nishto [12 јули 2020]
[97] Мета.мк. (2018, ноември). „*Прогресивниот данок може да предизвика одлив на мозоци и компании*“. meta.mk/progresivniot-danok-mozhe-da-predizvika-odliv-na-mozotsi-i-kompanii/

секогаш добиваат простор во медиумите да истакнат како „фабриките ќе се затворат“ ако се покачи платата и сл.[98]

Некои редовни колумнисти во медиумите како Зоран Јовановски кој е главен советник на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија за економски прашања, одат до таму во бранењето на работодавците при што тврдат дека „за разлика од порано кога имаше многу работници, а малку работни места, па моќта на избор беше кај работодавачите, сега има малку работници, а многу работа и моќта премина кај работниците.“[99] Ваквата хегемонска поставеност на мислата во медиумите, прави сѐ потешко и потешко да се прифатат прогресивни идеи во јавноста.

### 4.4 Про-бизнис невладини организации

Бројни невладини организации кои се занимаваат со економски политики во Македонија со своето делување придонесуваат да се зацврсти про-бизнис наративот. Неколкуте такви гласни организации постојано го шират про-бизнис дискурсот во општеството и секогаш се спротивставуваат на политиките кои не им одат директно во прилог на бизнисмените.

Еден таков пример е Фајнанс тинк (Finance think), Институтот за економско истражување и политики. Уште пред да се презентира предлогот за прогресивен данок, без да се знаат неговите детали, тие излегоа со став дека тој ќе има мали ефекти врз буџетот.[100] Друга таква организација која беше отворено против прогресивниот данок беше „Епицентар Интернационал“ која бараше одлагање на

---

[98] Плусинфо. (2019, февруари). „*Илјадарка плус во џебот на текстилецот може да ја затвори фабриката*“ plusinfo.mk/илјадарка-плус-во-џебот-на-текстилецо [12 јули 2020]
[99] Плусинфо. (2019, април). „*Зголемување на минималната плата про и контра*“ plusinfo.mk/зголемување-на-минималната-плата-про [12 јули 2020]
[100] МКД. (2017, јули). „*Анализа на Фајнанс тинк: Прогресивниот данок ќе има мали ефекти на буџетот*“. www.mkd.mk/makedonija/ekonomija/analiza-na-fajnans-tink-progresivniot-danok-kje-ima-mali-efekti-na-budzhetot?utm_source=daily.mk&utm_medium=daily.mk [12 јули 2020]

прогресивниот данок на 5 години, поради наводно отежнување на работењето на фирмите.[101]

Слично е и со минималната плата. Откако Владата на СДСМ ја зголеми минималната платат на 12.500 во септември 2017, Фајнанс тинк излезе со став дека натамошно зголемување на платата на ниво од 13.000 денари би било неодржливо и би претставувало опасност по работните места[102]. Во нивниот коментар немаше ништо за тоа колкави се профитите на компаниите. Искуството покажа дека не се во право – вработеноста не беше намалена ни кога минималната плата се зголеми на 14.500 денари, но тоа не ги спречува повторно да ги напаѓаат ваквите про-социјални и про-работнички мерки.

Ваквите невладини организации се сесрдно поддржувани од големи и моќни фондации и агенции, како USAID во својата агенда отворено се залагаат за бизнис ориентиран развој и раст на приватниот сектор.[103] Тие ги помагаат Стопанските комори и невладините организации кои се баваат со економија во нивното лобирање и продуцирање на јавни настани и анализи за подобри бизнис регулативи. Еден од таквите проекти кој е финанансиран од УСАИД е бизнис агрегат интернет страница која е создадена во партнерство со четири стопански комори - Сојуз на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија и МАСИТ во која може да се прочитаат вести за либерализација на поштенската индустрија, текстови против прогресивен данок и против зголемување на минимална плата.[104]

---

[101] 24. (2018, декември). „*Туристичкиот сектор против воведување прогресивен данок*“. www.24.mk/details/turistichkiot-sektor-protiv-voveduvanje-progresiven-danok [12 јули 2020]
[102] М.В., Академик. (2019, мај). „*Фајнанс тинк“ за најавите за зголемување на минималната плата* akademik.mk/fajnans-tink-za-najavite-za-zgolemuvane-na-minimalnata-plata/ [12 јули 2020]
[103] The United States Agency for International Development (USAID). (2020, април). *Advancing enterprise-driven growth* www.usaid.gov/north-macedonia [12 јули 2020]
[104] Бизнисрегулатива. (2019, јули). *Либерализацијата на услугите потенцијал за развој на поштенската индустрија* biznisregulativa.mk/mk-MK/Pages/Find/3540 [12 јули 2020]

### 4.5 Под закрила на меѓународниот фактор

Меѓународниот фактор, амбасадите, меѓународните организации, скоро секојдневно се присутни во македонските медиуми. Тие најчесто даваат сугестии како да се подобри состојбата во земјата за полесно и побрзо да пристапиме кон евроатлантските интеграции. И додека од нив може да се слушнат препораки за реформи во правосудството, департизација, непотизам, соработка меѓу партиите и слобода на говор, тие ретко зборуваат за теми како социјални политики, економска еднаквост, борба против сиромаштијата, работнички права. На пример, во екот на 2015 година, кога премиерот Груевски ја губеше поддршката од меѓународниот фактор, тогашните критики спрема Груевски беа насочени кон еродирање на судството, медиумите, администрацијата, безбедносните служби. Сублимираните критики беа преточени во документ кој беше изработен од страна на претставниците на Европскиот Парламент, како и амбасадорите на ЕУ и САД во Република Македонија, наречен „Итни реформски приоритети“ и тој детектираше 10 елементи кои треба да се подобрат. Само една точка беше околу економското управување, но таа беше во насока на зајакнување на финасиските државни институции, финансиска отчетност и подобро управување со државните финансии.[105] Странските, те. нивните инвестиции е едно можно објаснување зошто амбасадите и меѓународниот фактор не ги тематизираат политиките за кои говориме. Нивниот капитал и максимизацијата на профитот би се намалиле ако трудовите политики во однос на работен договор на дело, синдикално организирање, минимална плата се подобрат во корист на работникот.

И дел од меѓународните финансиски институции, како Меѓународниот монетарен фонд, со нивните препораки ја зацврстуваат неолибералната политика во Македонија. ММФ во својот годишен извештај за 2019 година го критикуваше зголемувањето на минималната плата, со образложение дека наводно може да

[105] Секретеријат за европски прашања (СЕП). (2015, јуни). „*План на активности за реализација на итните реформски приоритети*“. https://www.sep.gov.mk/data/file/PARIRP/План на активности за реализација на итните реформски приоритети 2015 (Работен документ).pdf [12 јули 2020]

доведе до пораст на невработеноста.[106] Слично, тие препорачаа да се зголеми старосната граница за пензионирање, иако Македонија има меѓу најкратките животни векови во Европа по пензионирањето[107].

## 4.6 Економските факултети – расадници на неолибералната мисла

Најголем дел од економските  експерти и професори во Македонија како и сите други погореспоменати елементи ја перпетуираат неолибералната мисла со нивните анализи и изјави во медиумите и образовните институции. Тие со нивниот авторитет прават прогресивните економски политики и размисли потешко да се прифатат меѓу граѓаните и да се створи притисок врз владата за нивно потенцијално имплементирање. При најавата за воведување на прогресивниот данок, академската фела беше една од најгласните противници. Деканот на Факултетот за Туризам и Угостителство (ФТУ) од Охрид, Цветко Андреевски истакна дека прогресивниот данок ќе влијае негативно врз приватните станоиздавачи.[108] Бројни професори како Борче Треновски, Трајко Славевски, Горан Петрески од катедрите на Економски факултет при УКИМ, беа исто против прогресивниот данок, под изговор дека Македонија е земја во развој, па прогресивниот данок ќе го закочи развојот.[109] Овој неолиберален континуитет помеѓу академската економска заедница трае од самата независност на Македонија. Кога некои професори ќе истакнат поинакво мислење кое се коси со неолибералната хегемонска мисла, тие често се маргинализирани или неприсутни

---

[106] Лидер. (2019, февруари). *„ММФ: Македонија скапо ќе ја плати цената за новото зголемување на минималната плата“.* lider.com.mk/ekonomija/mmf-makedonija-skapo-kje-ja-plati-cenata-za-novoto-zgolemuvanje-na-minimalnata-plata/ [15 јули 2020]

[107] Фактор.(2019, ноември). *ММФ: Да се зголеми старосната граница за пензионирање во Македонија* faktor.mk/mmf-da-se-zgolemi-starosnata-granica-za-penzioniranje [15 јули 2020]

[108] 24. (2018, декември). „*Туристичкиот сектор против воведување прогресивен данок*“. www.24.mk/details/turistichkiot-sektor-protiv-voveduvanje-progresiven-danok [15 јули 2020]

[109] Капитал. (2015, ноември). „*Богатите да плаќаат поголем данок… да или не?*!“. kapital.mk/bogatite-da-plakaat-pogolem-danok-da-ili-ne/ [15 јули 2020]

во медиумите. Таков е случајот со професорот од Економски факултет при УКИМ кој стана министер за финансии, Драган Тевдовски. Тевдовски беше еден одд ретките универзитетски професори кои се залагаше за леви екомонски политики. Тој без официјална причина беше отстранет од владата по две години од вршење на неговата функција. Тевдовски беше главниот поборник на социјал-демократски економски политики во Владата на Заев и важеше за еден од министрите со најдобар рејтинг помеѓу македонскиот народ.

# 5 КАКО Е ОВА ПОВРЗАНО СО ЗАРОБЕНАТА ДРЖАВА?

### 5.1. Преку контрола на медиумите до контрола на економијата

Заробеноста на медиумите е една од главните поенти на извештаите на Прибе. Слободата на медиумите исто така е битен предуслов за евроинтеграциите, тоа може да се прочита и во годишните извештаи на Европската Комисија. Во Македонија јавниот медиумски сервис е сведен на нула а сопствениците на најмоќните приватни медиуми имаат испреплетени врски со политичката елита. Преку оваа спрега се држи контрола на јавниот дискурс за темите што ќе се пласираат и начинот на кој ќе се обработуваат. Таа токсиочна симбиоза нема за цел да придонесе за поголема јавна транспарентност и критичко известување туку да се задржи статус-квото и со тоа бизнис-политичката клика да продолжи да ги остварува своите финансиски и политички интереси.[110]

Контролата на медиумите се прави на повеќе начини, почнувајќи од поставување на уредници и новинари кои ќе ги извршуваат инструкциите на сопствениците на телевизијата поради личен бенефит или страв да не ја изгубат својата работа, па сѐ до прекумерни казни за новинарите и уредниците. Новинарите кои објавуваат прилози или на друг начин ги загрозуваат бизнис интересите на економската и политичка елита се под закана за губење на нивното работно место или во најмала рака се соочуваат со ограничување на нивната професионална слобода. Долга е историјата на контрола на медиумите и задушувањето на независното новинарство. Еден од најпознатите случаи е случајот со новинарот Томислав Кежаровски кој беше осуден на 4.5 години затвор поради наводно откривање на идентитетот на заштитен сведок. Во извештајот на ОБСЕ за слободата на

[110] Мајхошев. А. Годишен зборник УГД Штип. (2016) „*Слобода на медиумите*“, стр. 4. http://eprints.ugd.edu.mk/14951/3/AM%201.pdf

медиумите во 2013 година, случајот на Кежаровски е посочен како единствениот пример на притворен новинар во Југоисточна Европа.

Друг ваков пример е случајот со весниците Утрински Весник, Вест и Дневник кои во 2003 година беа купени од германската корпорација ВАЦ и нивната македонска филијала МПМ на чело со поранешниот министер и бизнисмен Срѓан Ќерим и од 2012 година и бизнисменот Орце Камчев со неговата компанија „Орка Холдинг“. Во 2017 година гореспоментатите весници беа затворени откако фирмата МПМ отиде во стечај. Во овој период од 14 години, во овие весници имаше тенденциозно отпуштање на новинари и менување на уредници кои не се потчинуваа на инструкциите на сопствениците кои пак беа бизнис партнери на тогашната влада. Еден таков пример е случајот на основачот и главен уредник на весникот Вест, Горан Михајловски, на кој не му беше продолжен договорот во 2015 година после 15 години работа. Тој, подоцна ги обвини сопствениците дека не успеале да го зачуваат весникот од политичката криза и да го заштитат јавниот интерес.[111]

Што се однесува до глобите, од 2005 година тие почнуваат вртоглаво да се зголемуваат а автоматски со тоа и притисокот врз медиумите. Од 1995 година до 2005 година биле изречени 46 глоби, а од 2005 година до 2014 година биле изречени дури 306.[112] Еден од најпознатите случаи на драконско казнување е случајот од 2014 година кога уредниците на неделникот „Фокус“, Јадранка Костова и Владо Апостолов се осудени на казна од 9000 евра поради текст кој е окарактеризиран како клевета кон тогашниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање - Сашо Мијалков.

И по смена на власта во 2016 година, бизнис интересите и политичката моќ во некои случаи повторно ја загрозуваа транспарентноста во новинарското известување.

---

[111] Фактор. (2016, јануари). *Вети зголемен тираж: горан петрески го наследи Горан Михајловски во „вест“!* faktor.mk/veti-zgolemen-tirazh-goran-petreski-go-nasledi-goran-mihajlovski-vo-vest [15 јули 2020]

[112] Инфограм. *Закон за радиодифузна дејност и Закон за аудио и аудиовизуелни услуги* infogram.com/zakon-za-radiodifuzna-denost-i-zakon-za-audio-i-audiovizuelni-uslugi-1gqnmxjyrj6qplw [15 јули 2020]

Еден од таквите примери е случајот со забранетиот прилог на новинарот во 1ТВ, Христијан Баневски. Тој правел истражување за квалитетот на флашираните води, но прилогот често бил најавуван но никогаш не бил пуштен затоа што, според него, сопственикот на телевизијата Бојан Јовановски сакал само да ги заплашува компаниите, со цел тие да започнат да се рекламираат во телевизијата. Кога една од главните компаниии кои продаваат вода започнала да се рекламира, прилогот никогаш повеќе не беше ни најавуван ни пуштен.[113] Уште еден обид за запирање на критичката мисла се случи во неделникот Фокус во 2019 година. Имено, поради серија на критички текстови против власта поради кои беше опоменат, главниот и одговорен уредник на неделникот „Фокус", Зоран Димитровски, без никакво образложение и најава беше разрешен од неговата функција во ноември 2019 година.[114]

Уште еден начин на контрола и корупција кој не може да се занемари е владиното рекламирање во медиумите. Индиректната државна контрола во медиумите се случува преку платено рекламирање на дел од иницијативите на владата. На пример, во 2013 година, владата потроши вкупно  20 510 000 евра само за реклама во телевизиите[115]. Со ваквиот тип на рекламирање се создава зависност и пристрасност во известувањето. Ова го потврдува и Здружението на новинари во нивниот заклучок на студијата од 2016 година: „сознанијата упатуваат на  тоа  дека повеќе се  вложува во медиумите кои  според начинот на  информирање покажуваат поддршка и  наклонетост кон  Владата, а  помалку се  поддржуваат медиумите кои се критички настроени кон   владината политика".[116]

---

[113] 1ТВ. (2019, декември). „*Баневски: Боки 13 се мешаше во уредувачката политика*". tv21.tv/mk/banevski-boki-13-se-meshashe-vo-ureduvachkata-politika/ [15 јули 2020]

[114] Слободен печат. (2019, ноември). „*Зоран Димитровски – Жоро разрешен од позицијата главен и одговорен уредник во „Фокус*". www.slobodenpecat.mk/zoran-dimitrovski-zhoro-razreshen-od-poziczijata-glaven-i-odgovoren-urednik-vo-fokus/ [15 јули 2020]

[115] Заробена држава. *Само од владино рекламирање во 2013 телевизиите заработиле 20 510 000 евра* http://www.zarobenadrzava.net/10601072108210901086108010761080З.html [27 август 2020]

[116] Здружение на новинари на Македонија (ЗНМ). (2015). „*Јавните пари во медиумскиот простор*" civicamobilitas.mk/wp-content/uploads/2018/03/Javnite-pari-vo-mediumskiot-prostor-maj-2015.pdf [11 септември 2020]

Ваквата поставеност прави состојбата со македонските медиуми да е на самото европско дно споредено со другите земји. Едно од најрелевантното светско рангирање на медиумските слободи како што е Индексот за слобода на печатот во 2013 година ја става Македонија на најниско скалило на Балканот, поточно на 123-то место од вкупно 180 земји вклучени во истражувањето.[117] Ако се спореди состојбата од 2009 година кога Македонија беше на 34 место, само за 4 години Македонија забележа пад од фрапантни 89 места. Во 2019 година Македонија се наоаѓа на 95-то место, но е далеку од состојбата во која што се наоѓаше пред 10 години.

## 5.2 Нефункционална администрација, лесен плен за бизнисмените

Партизацијата и непотизмот при вработување во јавната администрација се една од најчесто дискутираните теми во нашата јавност и се разбира во партиските предизборни полемики и програми. Секоја власт е обвинувана дека вработува свои партиски членови и блиски луѓе кои стануваат сигурно гласачко тело заедно со своите семејства. Најголемиот бран на вработувања во јавниот сектор беше во периодот од 2005 до 2015 година кога бројот на вработени се зголеми за 36 150 лица, што е зголемување од околу 27% или вкупно 129 600 вработени државни службеници.[118]

Една од причините за енормно вработување во јавниот сектор, покрај зголемување на гласачкото тело, е и намерното деградирање на јавниот сектор, односно намерата тој да се направи нестручен и непрофесионален, со што се онеспособува да делува објективно и стручно, односно наместо истиот да работи во јавен интерес, тој станува сервис на различни центри на моќ. Бившиот министер за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, го потврдува токму

---

[117] Reporters without borders. (2015). *World Press Freedom Index* rsf.org/en/world-press-freedom-index-2013 шѓ [11 септември 2020]
[118] Центар за управување со промени. (2017) „*Колкав и каков јавен сектор имаме?*“, стр. 14. cup.org.mk/publication/Kolkav_i_kakov_javen_sektor_imame_MK.pdf [11 септември 2020]

тоа со изјавата дека „голем број на луѓе беа долго време држени на најниски нивоа во администрацијата, иако поседуваа искуство и компетенции за унапредување.“[119]

Состојбите и трендовите во последните неколку години се сменети во одредена мера. Денес, според последниот Годишен извештај за податоците од Регистарот на вработените во јавниот сектор, јавниот сектор официјално има 132.068 вработени, што значи од 2015 до 2019 година имаме зголемување само за 2 468 нови вработени. Со законските измени кои беа направени во 2014, односно со донесувањето на Законот за административни службеници, вработувањето во јавниот сектор е значајно отежнато, слично како и унапредувањето и уназадувањето. Дополнително, платите се поставени на релативно ниско ниво. Овие измени ја прават работата во јавниот сектор целосно неатрактивна, што предизвикува голем број од квалитетните вработени во јавниот сектор да заминуваат во приватен сектор. Дополнително, квалитетот на новите вработувања, поради неатрактивните услови за работа, исто така е низок, што уште повеќе ја влошува состојбата во јавниот сектор, го спречува истиот да биде чувар на јавниот интерес и ги прави вработените подложни на корупција.

Законските измени од 2014 беа сесрдно поддржани од бизнисмените, кои се први на кои им одговара јавниот сектор да не биде функционален, за да можат тие непречено да ги задоволуваат своите интереси.

Со ваквата доминација или парализа над јавната администрација, извршната власт и економската елита блиска до нив може целосно да ги креира, извршува и остварува јавните политики по нивен диктат и во нивна полза, што од друга страна резултира со недоверба од страна на граѓаните дека владите можат ефикасно да се справат со корупцијата.[120]

---

[119] ЈанакиЗнае. (2019, мај). „*Јавна дебата за реорганизација на јавната администрација*“ janakiznae.mk/јавна-дебата-за-реорганизација-на-јав [11 септември 2020]

[120] Во период од 15 години, Европска комисија во три наврати - 2005, 2010 и 2015 година - ги мереше перцепциите за нивото до кое јавните овластувања се користат за остварување приватни интереси, вклучувајќи ситни и крупни облици на корупција, како и „заробување“ на државата од страна на елити и приватни интереси. Според ова мерење, од земјите во регионот најголем

### 5.3 Корумпирано правосудство, за неказнување на олигарсите

Прва работа на која се помислува кога ќе се каже заробена држава е корумпираниот правосуден систем. И во извештаите на Прибе најголемо внимание се посветува на ова, како и во извештаите на Европската Комисија за напредокот на земјата.

Корумпираниот правосуден систем овозможува неказнето да поминуваат најголемите економски криминали, и токму тоа е и главната причина за отсуството на реформи во оваа сфера. Распространетата корупција за време на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ беше ставена на виделина со прислушуваните разговори кои ги објави опозицијата во 2015 година, а потврда на тоа даде извештајот на Прибе објавен истата година каде особено се согледува во врска со назначувањето, унапредувањето и разрешувањето на судии и обвинители. Во објавените разговори, можеше да се слушне како водечките лица од тогашната власт на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, министерка за внатрешни работи Гордана Јанкуловска, министерот за правда, Блерим Беџети и директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање Сашо Мијалков ги именуваат или одобруваат новите судии и обвинители, водат евиденција за нивното судење и помагаат за судски пресуди во нивен интерес.[121] Со ваквата контрола, т.е. корупција во судството, немаше ниту еден крупен капиталист гонет за криминал, освен тие што се спротивставуваа на власта, како што е случајот со сопственикот на најгледаната телевизија во тој момент, А1 ТВ - Велија Рамковски. Специјалното Јавно Обвинителство (СЈО) кое беше основано токму поради испитување на индикациите за криминал од објавените аудио разговори заврши неславно по големиот скандал по кој главната

---

пад се бележи во Македонија, од 53,08 во 2010 година, за пет години се спушта речиси 10 процентни поени, на 42,36, ниво пониско за пет процентни поени во однос на 2005 година. Центар за управување со промени. (2017, јануари). „*Колкав и каков јавен сектор имаме?*“, стр. 39. http://www.cup.org.mk/publications/Kolkav_i_kakov_javen_sektor_imame_MK.pdf [11 септември 2020]

[121] Вистиномер. (2016, јануари), „*Прислушувани разговори – сет 12: Корупција во судството*“ vistinomer.mk/prislushuvani-razgovori-set-12-koruptsija-vo-sudstvoto/ [11 септември 2020]

специјална обвинителка Катица Јанева беше обвинета за злоупотреба на својата службена положба и примање награда за противзаконито влијание.

Во поновата историја во Македонија речиси и да нема случаи на т. н. висока корупција, а уште помалку нивна судска разврска. Груевски беше осуден на 2 години затвор за примање награда за противзаконито влијание за случајот „Тенк“, но пред да ја отслужи казната во ноември 2018 година им избега на властите во Унгарија и таму доби азил, додека уште еден екс-премиер од редовите на СДСМ, Владо Бучковски беше ослободен од обвинението за злоупотреба на функција поради застарување на делото за кое беше осуден од Основен и Апелациски суд три пати за исто дело. Една од најголемите надежи за правната држава беше СЈО, но по отворањето на судскиот процес против Катица Јанева, мандатот и сите случаи што ги отвори СЈО се префрлија во Јавното Обвинителство, а СЈО беше креирано токму поради корупцијата, непрофесионалноста и пристрасноста на ЈО. Со ваката разврска на СЈО, голем дел од обвинетите политичари и моќни бизнисмени ја перпетуираа својата страна на приказната дека обвиненијата против нив се конструирани додека тие се чесни и чисти во своето делување.[122] Највпечатиливи примери за ваквиот пресврт се двајцата бивши функционери за СДСМ, почесниот конзул на Србија Силјан Мицевски и Јордан Камчев. Мицевски долги години е еден од главните играчи во градежниот бизнис во регионот, а Орце Камчев како што е споменато погоре е познат по својата бизнис империја и офшор сметки. Двата бизнисмени иако беа осомничени во бројни финансиски афери, не поминаа ни ден во затвор, дури испаднаа жртви и борци за правда додека јавните обвинители седнаа на обвинителна клупа.[123]

Како и секоја влада, така и владата на СДСМ, меѓу другото, дојде на власт со ветување за зајакнување на правниот систем и правната држава. Но статистиката

---

[122] Апостолов, В. Призма. (2019, декември). *„Кој со каква приказна во „Рекет“* prizma.mk/koj-so-kakva-prikazna-vo-reket/ [14 септември 2020]

[123] Б.Г. Дојче Веле (2019, декември). „ *Камчев: Јас сум жртва која се бори за правда во земјата* “ https://www.dw.com/mk/камчев-јас-сум-жртва-која-се-бори-за-правда-во-земјата/a-51560379 [14 септември 2020]

за нови случаи и пресуди во областа на организиран и сериозен криминал го демантира тоа. Во 2014 година бројот на кривични дела во оваа област изнесуваше 190, додека во 2019 заклучно со октомври бројката изнесува 74, со тоа што во 2017 година имаше најголем пад на нови случаи со 54. Слична е и ситуацијата во повеќе аспекти на останатите органи за гонење на организиран криминал. На пример, во 2014 година 304 лица добиле првостепена пресуда од Кривичниот суд, за во наредните 5 години да има континуиран пад на пресудите, па така во 2019 година заклучно со октомври да постои само 71 пресуда. Исто така, ако се погледне и бројот на примени и решени случаи на одделот на судот за организиран криминал може да се забележи надолен тренд. Во 2014 година, овој оддел решавал дупло повеќе предмети од што примил, што значи и решавал предмети и за минатите години. Но од 2016 па сѐ досега судот не успева да пресуди ни за онолку предмети колку што има примено. И покрај утврдувањето на вина од страна на Државната комисија за спречување на корупција во 2019 година, Јавното Обвинителство сѐ уште нема постапено во случајот со Кочо Анѓушев кој во 2017 година кога функционирал како вицепремиер за економски прашања и имал конфликт на интереси кога се носела одлуката на Владата да се намали укинувањето на царината за увоз на електрични литиум-јонски акумулатори. Комисијата констатираше дека Анѓушев се наоѓал во судир на интереси затоа што учествувал во одлука од која имал приватен интерес, односно, од одлуката за укинувањето на царината на акумулаторите неговата фирма остварила директна финансиска корист. Континуирана недостижност од правдата на функционерите и преставниците на крупниот капитал ја признаваат и самите обвинители од највисокиот ранг. Јавната обвинителка Лиле Стефанова, во гостување на една државна телевизија изјави дека „луѓето со политичка, социјална и економска моќ, преку службени лица од судскиот систем наоѓаат начини, да ги модифицираат своите позиции во кривични предмети и да преговараат за ослободување од обвиненија.“[124]

---

[124] Николовска, Б. Телма. (2020, јануари). “*Тешки сведочења, навреди и солзи меѓу Јанева и Стефанова на судењето за случајот Рекет*” , arhiva.telma.com.mk/teshki-svedochena-navredi-i-solzi-megu-janeva-i-stefanova-na-sudeneto-za-sluchajot-reket/ [14 септември 2020]

# 6 КАКО ОВА ВОДИ ДО ЛОШ ЖИВОТ ЗА ЛУЃЕТО?

## 6.1. Економско-социјални политики во прилог на привилегираниот крем

Кога мал круг на богати луѓе одлучуваат за економско-социјалните политики, политиките се исклучиво во нивен интерес, што понатаму генерира голема сиромаштија и класни разлики.

Кога ваквите политики ќе се применат во општеството, се случува голем трансфер на богатството, кој може да се анализира низ низа на примери. Еден од нив е нееднаквоста на доходот, во кој што претставниците на крупниот бизнис заработуваат огромен дел од вкупиот доход во една земја. Македонија во 2016 година била лидер во регионот и во цела Европа со највисока нееднаквост во која најбогатите 1 отсто од граѓаните заработиле дури 14 отсто од вкупниот доход во земјата, што е повеќе од високо развиени капиталистички земји како Англија и Германија. Ако го споредиме просечниот личен доход од 4180 евра на месечно ниво на најбогатите 1% со просечниот личен доход во земјата, кој изнесува 304 евра, може да заклучиме дека просечниот граѓанин треба да работи 14 месеци за да ја достигне сумата што најбогатите 1% ја земаат за еден месец. Во една текстилна фирма, месечната плата на директорот изнесувала 73 000 евра, додека просечната плата на работниците во фирмата изнесувала 140 евра, односно, директорот земал повеќе пари од сите 376 вработени заедно. Доходот на најбогатите 1% во Македонија бил стабилен до 2005 година, па потоа почнал сериозно да се зголемува, и учеството на најбогатите 1% во вкупниот доход се дуплира во период од 5 години, од околу 6% во 2006 на околу 12% во 2010. И додека профитите за најбогатите растат со голема брзина, доходот за останатите останува скоро ист. Растот на просечниот доход помеѓу 2014 до 2016 година на 99% од населението бил само 18 евра по човек во просек, додека за најбогатите 1% изнесувал 392 евра. Една од најголемите причини за ваквата распределба, т.е акумулација на богатството се даночните политики со кои најбогатите 0.1% плаќаат

ефективна стапка на данок на доход од 13%, додека најсиромашните 50% плаќаат 18%.[125]

Сиромаштијата претставува еден од најзначајните развојни проблеми во светот и таа како таква е неодделив дел од детерминантата за квалитет на живот. Со сиромаштијата како проблем се соочуваат и далеку поразвиени земји од нас, но во земја како нашата - каде што имаме силно влијание на економската елита врз политиките во државата - таа е далеку поприсутна и повлијателна. Во 2017 година, според податоците на Светска Банка, 4.4 % од населението живеело со помалку од 1.9 меѓународни долари на ден (40 денари), или со други зборови - влегува во економската категорија на апсолутно сиромашни. Ваквата бројка е една од најлошите во Европа, само Грузија со 4,5 и Србија со 5,5 отсто имаат повисока сиромаштија од нас.[126]

Уште еден податок за сиромаштијата кај граѓаните е последниот податок од Државниот завод за статистика врз основа на податоците од Анкетата за приходите и условите за живеење кој пресметува сиромаштија врз база на приходите а прагот на сиромаштијата е дефиниран на 60% од медијалниот еквивалентен приход. Според ваквото мерење - стапката на сиромашни лица во 2018 година во Република Македонија изнесуваше 21.9.%, или околу 450 000 граѓани.[127] Овој процент е далеку над ЕУ просекот од 17%[128].

Големата невработеност отсекогаш била континуиран проблем во македонското општество. Во време на СФРЈ, од 1975 година до 1990 година, невработеноста во Македонија се движеше помеѓу 22% и 24%, но после приватизацијата која не ги даде најавуваните економски благодети, невработеноста во 1995 година достигна

---

[125] Министерство за финансии на РСМ. (2017). „*Доходна нееднаквост во Македонија*", finance.gov.mk/neednakvost [20 декември 2020]
[126] The world bank, „*Poverty headcount ratio*" data.worldbank.org/indicator/SI.POV.DDAY?most_recent_value_desc=false [14 септември 2020]
[127] Државен завод за статистика, ДЗС. (2020) *Лаекенски индикатори за сиромаштијата во 2019 година* *http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115* [20 декември 2020]
[128] European commission, Eurostat. (2020). *Income poverty statistics* ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Income_poverty_statistics&oldid=440992 [20 декември 2020]

дури 35,6%.[129] Во 2006 година, кога ВМРО ја презеде власта изнесуваше 36%, но оваа бројка континуирано опаѓаше, за во првото тримесечје на 2020 година невработеноста да изнесува изнесува 16.2%, односно од вкупното активно население од 967 733 лица, 156 627 лица се невработени. Иако овој тренд на намалување на невработеноста е секако позитивен, ако Македонија се спореди со просекот на невработеност во Европската Унија кој изнесува 6.9%, нашата земја е далеку под тој просек, дури и има највисок степен на невработеност споредбено со сите земји од ЕУ и нашите соседи кои се кандидати за ЕУ.[130][131]

Но, вработеноста не гарантира секогаш излез од сиромаштијата. Во Македонија, стапката на сиромаштија кај вработените изнесува дури 9%, што се должи на ниските плати. Повеќе од 20 години во земјата немаше воведено минимална плата, а кога тоа се направи, во 2012 година, Македонија беше последната земја од Балканот која го направи тоа. Но, иако се воведе минимална плата, нејзиното ниво беше поставено прениско за да има некој позначаен ефект. Висината на минималната плата изнесуваше 39,6% од просечната бруто плата во државата за претходната година или 8 050 денари, но тоа не важеше за еден од најинтезивните трудови сектори - кожарскиот и текстилниот - таму минималната плата беше утврдена на 6 263 денари. Во 2014 година Владата одлучува да го смени концептот за минимална плата и наместо процент од платата остварена во минатата година одлучи да се утврди фиксен износ и тоа 13.140 денари во бруто или 8.800 денари во нето износ за 2014 год или 7 700 денари за текстилниот и кожарскиот сектор.

Владата на СДСМ во септември 2017 година конечно ја израмни минималната плата во сите сектори и таа изнесуваше 12 000 денари нето. Но поради притисок

---

[129] Универзитетот Св. Климент Охридски – Битола, УКЛО. (2015) „*Невработеноста во Република Македонија најголем социоекономски проблем*", стр. 7 www.uklo.edu.mk/filemanager/trudovi/2ro%20mesto%20trud.pdf [20 декември 2020]

[130] Државен завод за статистика, ДЗС. (2020) „*Активно население во Република Северна Македонија Резултати од Анкетата за работна сила, I тримесечје од 2020 година*" http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=98 [20 декември 2020]

[131] European Commisson, Eurostat. (2019). „*Unemployment in the EU regions in 2018*", p. 12. ec.europa.eu/eurostat/documents/2995521/9746862/1-29042019-BP-EN.pdf/329a9132-20c0-485b-aa22-b34864c22fde [22 декември 2020]

од стопанските комори се воведе нормиран учинок при исплата на минималната плата - условување со остварување на работната норма наметната од работодавачот - што во пракса значеше дека стопанствениците им ја зголемуваа нормата на своите вработени за да им исплатат пониска плата од минималната.[132] По бројни злоупотреби на нормираниот учинок, Сојузот на синдикати достави постапка за оценка на уставноста на одредбите за нормираниот учинок од Законот за минимална плата до Уставниот суд, и во мај 2019 година Уставниот суд го укина целосно нормираниот учинок како дел од Законот за минимална плата.[133]

И додека во светски рамки се дискутираат идеи за намалување на 8 часовното работно време, газдите на текстилните фабрики во Македонија бараат зголемување на ова време за половина час, за да можат работниците ефективно да работат цели 8 часа и згора на тоа, некои од газдите, најавија и штрајк ако не се промени бизнис климата во овој сектор.[134] Барањето за 8 и пол часовно работно време е запрепастувачки регрес на праксата за кои синдикатите се избориле пред повеќе од 100 години.[135] Ваквите барања уште повеќе го покажуваат големото влијание на работодавците врз економските политики во Македонија.

---

[132] Ристовски, Т. Сител. (2018, јануари) „*Нормираниот учинок ја урива исплатата на минималната плата*" sitel.com.mk/normiraniot-uchinok-ja-uriva-isplatata-na-minimalnata-plata [22 декември 2020]

[133] Сојуз на синдикати на Македонија, ССМ. (2019, мај) *„ССМ успеа ,,нормираниот учинок'' – падна на уставен суд!*". http://www.ssm.org.mk/mk/ssm-uspea-normiraniot-uchinok-padna-na-ustaven-sud [22 декември 2020]

[134] Томиќ, А. Фактор. (2019, октомври). „*Газдите текстилци бараат подолго работно време: Работниците ги плаќаме за осум часа, а работат седум ипол*" faktor.mk/ako-e-platena-pauzata-rabotnoto-vreme-da-se-prodolzi-gazdite-na-tekstilnite-fabriki-baraat-pogolema-produktivnost-od-rabotnicite [22 декември 2020]

[135] Првата земја што усвои осумчасовен работен ден на национално ниво беше Уругвај на 17 ноември 1915 година, додека во 1919 година Меѓународната Организација на Трудот (МОТ) донесе конвенција во која се бара од сите земји на Обединете Нации ратификација на 48-часовното работно време во една недела. Во периодот од 1917 до 1920 година, сите поголеми земји (освен Англија) ја ратификуваа оваа конвенција. Конвенцијата е достапна на: www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_INSTRUMENT_ID:312146 [22 декември 2020]

## 6.2 Јавни институции кои не обезбедуваат јавни добра

Според сите странски и домашни извештаи и анализи за состојбите во земјава, еден од најистакнатите проблеми е **корупцијата**. Со континуирано неказнување на високата корупција, се создава коруптивна пракса во сите слоеви на општеството, се праќа порака дека корупцијата нема да биде санкционирана, со што таа станува нормализирана на сите нивоа, масовно се употребува и продолжува да се шири.[136] Светската организација Amnesty International која се бави со мерење на корупцијата, според степенот на перцепција на корупцијата на граѓаните во 2018 година ја рангира Македонија на 93-тото место од вкупно 186 земји, и со тоа ја позиционира на самото европски дно.[137] Ваквиот резултат не е само овогодишна аномалија, Македонија низ годините наназад котира слично со минимални падови и подеми.

Во високо корумпирана држава институциите систематски се контролирани, т.е. се приватизирани и се користат за потребите на партиско-економомските елити. Државната комисија за спречување на корупција, Јавното обвинителство, Кривичен и Врховен суд се главниот бедем за спречување на корупција, но тие во заробените држави тотално потфрлаат и се инертни. Дури во некои случаи главните државни анти-корупционери ги обесхрабруваа новинарите да прашуваат за богатството на политичарите. Таков е случајот со поранешниот претседател на Антикорупциска комисија, Горан Миленков, кој во 2016 година ги замоли новинарите да престанат да прашуваат зошто анкентниот лист на долгогодишниот премиер Груевски беше достапен накратко па потоа веднаш повлечен по неколку дена од веб страницата на Антикорупциската комисија.[138]

---

[136] Нурединоска, Е., Камиловска Трповска, С., Иваноска, Н., Поповиќ, М. Македонски центар за меѓународна соработка, МЦМС. (2018, декември). „*Извештај за проценка на корупцијата во Македонија*", стр. 46 http://www.mcms.mk/images/docs/2018/izveshtaj-za-procenka-na-korupcijata-vo-Makedonija-2018-g.pdf [22 декември 2020]

[137] Transparency International. (2019). „*Corruption perception index 2018*". www.transparency.org/files/content/pages/2018_CPI_Executive_Summary.pdf [22 декември 2020]

[138] МКД. (2016, април). „*Антикорупциска комисија: А зошто ве интересира имотот на Груевски?*" www.mkd.mk/makedonija/politika/antikorupciska-komisija-zoshto-ve-interesira-imotot-na-gruevski [23 декември 2020]

Ваквите тенденции се присутни и во другите сфери на општеството, како здравството. Јавното здравство во Македонија во изминатите децении постојано систематски се уништуваше, со цел да се развива приватното. Платите се држеа на ниско ниво и не се инвестираше во болниците, што предизвика одлив на квалитетни кадри во приватното здравство. Тоа го спушти квалитетот на услугите и здравството стана „геноцидно по македонскиот народ“.[139] Перинаталната смртност (стапката на умирање во интраутериниот период на сè уште неродените фетуси по навршени 22 гестациски недели од бременоста и стапката на умирање во првата недела од животот) е незанемерлив индикатор за состојбата на нашето здравство. Во 2014 година според Државниот завод за статистика, стапката на смртност на новороденчиња непосредно после раѓањето беше 14,3 отсто што е на највисоко ниво во Европа и тројно повисоко од Европскиот просек кој изнесува 5,2.[140][141] Според УНИЦЕФ, и во однос на стапка на смртност на новороденчиња котираме катастрофално по европски стандарди - единствено Молдавија од сите европски држави има повисока стапка на морталитет на новороденчиња. Во Македонија има стапка на смртност од 8,3 новороденчињата во просек од 1000 случаи кои починале во првите 28 дена од животот, додека најблискиот сосед пред нас, Албанија има просек на 6.2. Од Уницеф оценуваат дека ваквата лоша состојба не е одраз не само на ефикасноста на здравствениот систем, туку и на развиеноста, сиромаштијата, нееднаквоста и квалитетот на животната средина во земјите меѓу другото.[142]

---

[139] Изјава на Дејан Ставриќ, поранешен синдикален лидер на лекарите во Клиничкиот центар во Скопје. МКД. (2016, декември) *Македонија останува без лекари*. www.mkd.mk/makedonija/politika/makedonija-ostanuva-bez-lekari [23 декември 2020]

[140] Министерство за здравство. (2010, август) „*Стратегија за безбедно мајчинство на Република Македонија за период 2010 –2015 годинасо акционен план*“, стр. 5. http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2012/12/strategija-bezbedno-majcinstvo.pdf [23 декември 2020]

[141] Државен завод за статистика, ДЗС. (2015) „*Статистички годишник*“. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PDFSG2015/03-Naselenie-Population.pdf [23 декември 2020]

[142] United Nations Children's Fund, UNICEF. (2018). *Every Child Alive: The urgent need to end newborn deaths*, p. 33 www.unicef.org/publications/files/Every_Child_Alive_The_urgent_need_to_end_newborn_deaths.pdf [23 декември 2020]

Најголем дел од смртните случаи на доенчињата се случуваат во местата каде што нема правилна функционалност или воопшто нема матични гинеколози. Во Македонија, тоа е огромен проблем, земајќи го предвид фактот дека во 2017 година од вкупно 80 општини во државата во 35 немало матични гинеколози.[143] Немањето гинеколози е дел од поголем проблем кој дојде во израз во последната декада. Според некои податоци од 2011 до 2018 година се иселиле 1 200 доктори, од кои најголем дел поради лошите политики, небезбедната работна атмосфера и системската негрижа.[144] Уште еден здравствен индекс во кој имаме континуиран пад е Euro health consumer index (EHCI) изработен од шведска тинк-тенк организација во кој се прави годишна споредба на европските здравствени системи засновани на времето на чекање и резултатите. Македонија во 2014 година од 36 земји била рангирана на 16 место кое ја правела подобро рангирана од земји како Словенија, Шпанија и Италија, додека во 2018 година паднала за 9 позиции, односно на 25 место.[145]

Слична е состојбата и во образованието. Образованието е основно човеково право и има клучна улога во социјалниот и економски развој. Во Македонија образованието низ годините систематски се уништува воглавно поради лошото менаџирање на владите - намалени буџети за образование, лоши услови за работа, непотизам и корупција, ерозија на автономноста во високото образование итн.

Ако се погледнат разните меѓународни ранг-листи за високообразовните институции, македонските се секогаш на дното и на светско па и на балканско ниво. На Шангајската листа која е во светски рамки најприфатена и најчесто користена, ниедна македонска институција никогаш не била над 1000-то место. Во ранг-листата за 2018 година, дел од грчките и словенечките универзитети биле помеѓу

---

143 Макфакс. (2017, март). „*Во 35 општини во Македонија нема матични гинеколози*" makfax.com.mk/makedonija/во-35-општини-во-македонија-нема-матични [23 декември 2020]

144 Канал 5. (2018, ноември). „*Клуб на млади лекари: За седум години 1.200 млади лекари ја напуштиле Македонија*" kanal5.com.mk/articles/355339/klub-na-mladi-lekari-za-sedum-godini-1-200-mladi-lekari-ja-napushtile-makedonija [23 декември 2020]

145 Health Consumer Powerhouse. (2019). „*Euro health consumer index*", healthpowerhouse.com/publications/ [23 декември 2020]

200-тото и 300-тото место, а најдобриот македонски универзитет „Св. Кирил и Методиј" на светската ранг листа е 1.624-ти. Сите останати 24 балкански универзитети, освен крагуевачкиот биле биле пред нас.[146]

Покрај дното во ранг листите за квалитет, Македонија се наоѓа на самото дно и во однос на висина на нето плати на редовни универзитетски професори што се исплаќаат од буџетот на Министерството за образование и наука. Додека во регионот нема земја што исплаќа нето плата под 1000 евра, во Македонија таа изнесува 550 евра.[147] Ниските плати во македонското високо образование се директно поврзани со комодификацијата на академското знаење и истражување и со тоа кратење на финансиите на јавните услуги, како што е во овој случај во јавното образование. Оваа неолиберална мерка што се инсталира со тек на време во високото образование ги тера универзитети да бараат и средства од други извори, од самофинансирање (т.е. наплаќање разни услуги), од фондации и од фондови од Европска Унија за да можат нормално да функционираат, затоа што според неолибералната призма државните универзитети треба да се натпреваруваат со приватните универзитети, т.е. слободниот пазар да го одреди неговиот квалитет и неопходност, а не да се спонзорирани од државниот буџет. Дури и некои од универзитетите да не се согласуваат со ваквата поставеност, ако неолибералната идеја во општеството има целосна хегемонија како што е случајот кај нас - и тие ќе почнат да ги применуваат неолибералните практики како што се спуштање на стандардите за да привлечат повеќе студенти, аплицирање на проекти за повеќе финансии, компетитивност помеѓу самите колеги, катедри и факултети, кратење на образовниот и административен кадар и вработување на нови кадри преку краткорочни договори за да може да ги држат во неизвеснот и со тоа сериозно да им ја скратат можноста за членување во синдикат и барање за подобрување и почитување на нивните работнички права.

---

[146] Милевски, И. Игеографија. (2018, август). „*Што е тоа Шангајска листа, како се изготвува и каде е Македонија на неа?*" www.igeografija.mk/Portal/?p=8015 [23 декември 2020]

[147] Атанасоска-Манасиева, М. Факултети. (2019, ноември). „*Доцент на ДУТ има поголема плата од редовен професор на УКИМ*". www.fakulteti.mk/news/22112019/docent-na-dut-ima-povisoka-plata-od-redoven-profesor-na-ukim-frapantni-razliki-vo-platite [23 декември 2020]

Не се состојбите вакви само во високото образование, туку и во сите други степени. Во 2015 година, Македонија е рангирана меѓу последните земји во светот по знаење на учениците на 15-годишна возраст, според меѓународното тестирање ПИСА, реализирано од Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД). Македонија била на 66 место од вкупно 70 земји, со тоа што сме биле подобри само од Алжир, Косово и Доминиканската република.[148] Во 2018 година, на истото тестирање, во математика и во читање 70% од македонските ученици се под или на ниво 1 додека, пак, ОЕЦД-просекот во двете подрачја е многу помал, односно е околу 20%. Ако се споредат резултатите од 2015 и 2018 година, бројките што се однесуваат за читање со разбирање се подобрени за 41 поен, односно од 352 поени во 2015-та на 393 поени во 2018 година, но сепак и таквото подобрување не остава многу простор за радување затоа што во регионот, само Косово котира полошо од Македонија, а сите останати 8 земји се пред нас.

## 6.3 Уништување на природата за профит на малкумина

Уништувањето на животната средина во капитализмот е неизбежно поради неговата логика која бара неограничен раст на профити на планета која има ограничени ресурси. Климатските промени, загубата на биодиверзитетот, намалениот квалитет на вода, плодност на почва и аерозагадувањето се само дел од еколошките елементи кои се значително влошени од 1950 година па наваму.[149] Кај нас, поради инертните и корумпирани институции, блиските врски на сопствениците на фабриките и комплексите кои загадуваат со политичарите и сервилност кон странскиот капитал, сите еколошки витални елементи се значително полоши од европскиот па и балканскиот стандард. Според Индексот за

---

[148] Organisation for Economic Co-operation and Development, OECD Library. (2016). „PISA 2015 Results“,стр 334. read.oecd-ilibrary.org/education/pisa-2015-results-volume-i_9789264266490-en#page334 [23 декември 2020]

[149] Stockholm Resilience Centre. (2015, January). „*The nine planetary boundaries*“ www.stockholmresilience.org/research/planetary-boundaries/planetary-boundaries/about-the-research/the-nine-planetary-boundaries.html [23 декември 2020]

животна средина (ИЖС) за 2018 година кој рангира 180 земји преку 24 индикатори во десет категории, на теми кои го опфаќаат здравјето на животната средина и виталноста на екосистемот, Македонија е на 44 место, што ја прави претпоследна на Балканот заедно со Албанија која е на 48-то место.

Бизнисот со малите хидроцентрали совршено ја опишува спрегата на капиталот и политиката. Иако малите хидроцентрали се побезбедни од големите и од вештачките езера, сепак, тие прават промени во протокот на реките, бариери за движењето на животните, намален водостој, уништување на почва и загуба на биодиверзитетот. Владата во 2012 година иако свесна за овие последици сепак потпиша 21 договор со 10 компании за концесии за мали хидроелектрични централи. Тогаш еден од добитниците на концесијата беше вицепремиерот во идната влада на СДСМ - Кочо Анѓушев. За дел од хидролошките проекти Советот на Европа во декември 2014 година отвори случај против Македонија поради основано сомневање дека со носењето на одлука за спроведување на хидроенергетските проекти во Маврово, Владата ги прекршила одредбите за заштита на природата. Еко-активистите покренаа петиција за стопирање на активностите која достигна 100 000 потписи. Европските реномирани весници како Шпигел и Гардијан интензивната и масовна градба на малите хидроцентрали во Балканот ја оценија како закана за последните „диви“ водотеци во Европа“ и изјавија дека поради потребата за пари, „екологијата се става на задно седиште“.[150][151]

Членот 43 од Уставот на Република Северна Македонија им гарантира на граѓаните право на чиста животна средина и обезбедување услови за практикување на ова право од страна на Републиката,[152] но од гледна точка на бизнисот, загадувањето

---

[150] Neslen, A. The Guardian. (2015, February) *Balkan dam boom threatens Europe’s last wild waterways* www.theguardian.com/environment/2015/feb/20/balkan-dam-boom-threatens-europes-last-wild-waterways#maincontent [24 декември 2020]
[151] Bethge, P. Speigel. (2014, February) *Dams Threaten Europe's Last Wild Rivers* www.spiegel.de/international/europe/hydropower-dams-threaten-river-wildlife-in-balkans-a-943318.html [24 декември 2020]
[152] Устав на Република Македонија, (2019,мај). Стр. 8 www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf [24 декември 2020]

што тој го предизвикува е поевтино да се реши со корумпирање на институциите или со расфрлање на штетните материи во животната средина отколку да се инвестира во опрема која ќе гарантира високи еколошки стандарди или тотално нови процеси без загадување. Најдобар пример за ова во Македонија е аерозагадувањето.

Аерозагадувањето е една од најболните точки на македонското општество. Но македонските институции, почнаа да го мерат загадувањето на воздухот од 2002 година. Битола, Тетово и Скопје се често на топ 10 листите на најзагадени градови Европа според концентрација на ПМ 2.5 и ПМ 10 честички. Во 2018 година, Светската Здравствена Организација го прогласи Скопје за најзагаден град во Европа според концентрацијата на ПМ 2.5 и ПМ 10 честичките.[153] Поради загадувањето, истата организација пресмета дека во Македонија умираат по 2 574 луѓе годишно. Загадувањето доаѓа од различни фактори, но едни од најзначајните се користењето на јаглен како главен извор за производство на струја и неисполнувањето на еколошки стандарди од страна на индустриите.

Една од таквите големи загадувачки индустрии кои не ги следат еколошките стандарди е индустријата за производство на струја. Македонија околу 80 % од својата енергија ја добива од термоелектраните на јаглен. Најголемата термоелектрана во Македонија е РЕК Битола која произведува околу 70% од целата енергија, но исто така е и најголем загадувач во земјата. Оваа термоелектрана годишно испушта околу 2.700 тони ПМ 2,5 честички во воздухот, со што е на второ место во Европа веднаш после термоелектраната „Косово А“ во Косово. Исто така, РЕК Битола е на европскиот врв и според емисијата на сулфурен диоксид СО2, со околу 67 илјади тони годишно. Пелагонискиот регион ја има

[153] World Health Organisation, WHO, (2018, април). „*Air quality database* “,http://www.who.int/airpollution/data/aap_air_quality_database_2018_v13.xlsx?ua=1 [24 декември 2020]

највисоката стапка на заболени на рак во Македонија, а аерозагдувањето е директно поврзано со ова заболување.[154][155]

Битолската термоелектрана сè уште работи без соодветна еколошка А интегрирана дозвола со децении а финансиски е најбогатата компанија која ја поседува државата. Секоја власт ветува дека ќе го опреми РЕК Битола со сопствена механизација, но досега тоа не е направено, што значи повторно се користи приватна механизација во најголем дел, и на тој начин продолжуваат да се делат државни пари во приватни џебови.[156] Високите финансиски суми кои се вртат во РЕК Битола, секоја власт преку тендери најчесто им ги доделува на свои блиски луѓе, а некогаш се случува и да се доделат тендери на истите фирми кои биле обвинувани дека се блиски со претходната власт. Таков е случајот со Силјан Мицевски, кој беше битолски градоначалник од редовите на СДСМ но и бизнисмен кој добиваше уште поголеми тендери во РЕК Битола кога ВМРО-ДПМНЕ беше на власт. Исто како и Силјан Мицевски, фирмата „Марковски" во 2017 година беше обвинувана од Васко Ковачевски кој беше тогаш во опозиција а сега е директор на ЕЛЕМ, дека фирмата „Марковски" се блиски соработници со Сашо Мијалков, претходниот шеф на УБК. И Силјан Мицевски со неговата фирма „Пелистер ДОО" и „Марковски" од јуни 2017 до мај 2019 година добиле заедно 34 милиони евра од вкупно 44.5 милиони евра што ги потроши власта за ископување на јаглен и позајмување на механизација.[157]

---

[154] Охриднет. (2018, февруари). „*Најмногу заболени од рак во Пелагонискиот регион*" http://ohridnet.com/vesti/makedonija/14477-najmnogu-zaboleni-od-rak-vo-pelagoniskiot-region [25 декември 2020]

[155] Блажевска, А. Публикум. (2018, мај). „*Во Битола за шест години бројот на болни од рак пораснал за 410*" www.publikum.mk/vo-bitola-za-shest-godini-brojot-na-bolni-od-rak-porasnal-za-410/ [25 декември 2020]

[156] Делимтов, К. Дојче Веле. (2018, февруари). „*Копање во РЕК Битола- милионски зделки со старо нови партнери!*" /www.dw.com/mk/копање-во-рек-битола-милионски-зделки-со-старо-нови-партнери/а-42624327 [25 декември 2020]

[157] Димитриевски, А. 360 степени. (2019, јуни) „Владата влезе во третата година од мандатот, а ветувањето дека РЕК Битола ќе купи сопствена механизација останува неисполнето" 360stepeni.mk/vladata-vleze-vo-tretata-godina-od-mandatot-a-vetuvaneto-deka-rek-bitola-ke-kupi-sopstvena-mehanizatsija-ostanuva-neispolneto/ [25 декември 2020]

### 6.4 Еднакви можности за сите, малку поеднакви за некои

Големите класни разлики што ги има во Македонија ја продолжуваат и зацврстуваат постечката класна структура. Нееднаквоста во приходите е правопропорционална со малата социјална мобилност т.е. можноста за излегувања од својот класен статус. Со други зборови, ригидната економска структура која ја перпетуира нееднаквоста им овозможува предодреденост на богатите деца да продолжат да бидат богати кога ќе пораснат, а сиромашните деца да останат сиромашни кога ќе станат возрасни. Ваквата корелација помеѓу генерациската подвижност и нееднаквоста на приходите во економијата се нарекува кривата на Големиот Гетсби и е презентирана и именувана од поранешниот економист на Белата куќа, Алан Кругер. Тој во 2012 година покажал дека Американците чии родители имаат ниски примања многу им се поголеми шансите и самите тие да имаат ниски примања, а многу помала е веројатноста да напредуваат погоре кон средната или повисоката класа, особено споредено со граѓаните на другите развиени земји.[158] Исто така, според Кругер и неговата крива, луѓето од сиромашните слоеви имаат најголеми шанси да ја сменаат кон подобро својата социјална позиција во нордиските земји како Финска, Норвешка и Данска кои неслучајно имаат ниска нееднаквост и поголема социјална правда и социјален систем. Нордиските земји се познати по големите влади, универзалната здравствена заштита, бесплатното или барем делумното бесплатно студирање и високи даноци за големите приходи и даноците за луксуз. Од друга страна, најмала социјална мобилност имаат земјите како Америка во кои нема универзален здравствен систем, има скапо високо образование и мали даноци за големиот капитал.

Во слична ситуација е Македонија каде што во последните 15 години се отворија приватни средни школи и универзитети, приватни болници а паралелно со тоа постепено се намалува државното инвестирање во здравството и образованието.

[158] Krueger, A. (2012). „The Rise and Consequences of Inequality in the United States“ obamawhitehouse.archives.gov/sites/default/files/krueger_cap_speech_final_remarks.pdf [25 декември 2020]

Со ваквата поставеност, богатите имаат пристап до поквалитетно образование и здравство од сиромашните и следствено на тоа поквалитетен и подостоинствен живот со поголема шанса за напредок.

Големиот јаз во приходите во едно општество е во директна корелација со многубројни негативни психосоцијални и здравствени појави. Анализирајќи податоци од Светка Банка, Вилкинсон и Пикети наоѓаат дека во земјите од ЕУ и земји како Америка, Јапонија и Австралија колку е поголема нееднаквоста во приходите во даден регион, толку е поголем бројот на случаи на ментални заболувања, бременост кај тинејџери, морталитет кај децата, агресија, криминал, употреба на дроги и лекарства, краток или просечен животен век, нарушено физичко здравје, слаби училишни резултати, намалена општествена подвижност, како и сеприсутното чувство на недостиг на сигурност и среќа.[159]

[159] Wilkinson, R., Pickett, К (2010). *The Spirit Level: Why Greater Equality Makes Societies Stronger*. New York: Bloomsbury Press.

# 7 КАКО ДА СЕ ОСЛОБОДИ ЕКОНОМИЈАТА?

## 7.1. Редистрибуција од богатите кон сиромашните

Ако се земат предвид показателите на меѓународните финансиски институции, Македонија не е економски сиромашна земја. Според последните податоци од Меѓународниот Монетарен Фонд, Македонија со БДП по глава на жител од 6.200 американски долари годишно спаѓа во рангот на државите со средно-високо ниво на доход.[160] Но овој доход не е рамномерно распределен. Од една страна, 22% од населението, односно 455.000 лица, живеат во сиромаштија, а од друга, најбогатите 1% од населението добива 14,4% од сите приходи (најмногу во цела Европа).

Причината за ваквите разлики лежи во постојниот економско-социјален модел, заснован на мали државни буџети и ниски и рамни даноци. Рамните и ниски даноци ја зголемуваат економската нееднаквост помеѓу луѓето, која пак му штети на економскиот раст, и на краток и на долг рок. Бројни студии од изминативе години тоа уверливо го документираат, вклучувајќи и неколку студии објавени од Меѓународниот монетарен фонд[161], како и од ОЕЦД[162].

Главниот инструмент за намалување на нееднаквоста е прогресивниот данок. Иако воведувањето на прогресивниот данок кај нас во 2018 година наиде на многу отпор од бизнис заедницата, со втора стапка од 18%, тој беше многу маргинален. Во европските и светските научни кругови се даваат предлози за прогресивен данок за

---

[160] International Monetary Fund, IMF. (2019). „*Real GDP growth*“. www.imf.org/external/datamapper/NGDP_RPCH@WEO/OEMDC/ADVEC/WEOWORLD/MNP/NGA/NIU/MKD [25 декември 2020]

[161] International Monetary Fund ,IMF. „The IMF and income inequality“, www.imf.org/en/Topics/Inequality [25 декември 2020]

[162] Organisation for Economic Cooperation and Development, (OECD). (2015). *In it together: why less inequality benefits all* www.oecd-ilibrary.org/employment/in-it-together-why-less-inequality-benefits-all_9789264235120-en [25 декември 2020]

најбогатите од дури 82%, и глобален данок на богатство од 2% на тие со богатство над 5 милиони евра.[163] Историски гледано, во развиените држави како САД или Велика Британија, во голем дел од 20-тиот век највисоката стапка на данок на доход изнесувала 90% или повеќе. Стапките почнуваат да се намалуваат од крајот на 1970-тите, по доаѓањето на власт на Тачер во Британија и Реган во САД.

Освен што ја зголемуваат нееднаквоста и му штетат на економскиот раст, рамните и ниски даноци ја оставаат и државната каса без значајни финансиски средства[164], поради што страдаат и ресурсите за системот за социјална заштита кој треба да ги помогне најранливите категории. Така, кај нас средствата кои државата ги вложува во социјална заштита (исклучувајќи ги пензиите) изнесуваат околу 1,5% од БДП. Просекот во земјите од ОЕЦД изнесува околу 4,3% од БДП. Затоа и не изненадува толкавата стапка на сиромаштија кај нас.

Оттука, со повисоки и попрогресивни даноци, би се постигнале неколку ефекти истовремено – би се намалила нееднаквоста, би се намалила сиромаштијата и би се поттикнал економскиот раст. Поради сето ова, политиките на редистрибуција се наметнуваат како императив за нашата земја во годините кои следуваат.

### 7.2 Обезбедување квалитетни јавни услуги

Државните инвестиции во образованието и здравството го подобруваат создавањето на човечкиот „капитал“, односно реализирањето на потенцијалите кои секој човек ги поседува. Човечкиот капитал е една од главните причини зошто посиромашните земји немаат стабилен и квалитетен економски раст. Во Македонија, според индексот за човечки капитал на Светска Банка, човечкиот потенцијал се реализира само малку над половина од она што би се реализирало

[163] Piketty, T. „Capital in the Twenty-first Century“, Belknap Press (2014), p. 512
[164] Поповски, Н. Фактор. (2018, октомври). „*Македонија рај за богатите*“ faktor.mk/makedonija-raj-za-bogatite-1-otsto-od-najbogatite-zarabotuvaat-14-otsto-od-site-prihodi-vo-drzavata [26 декември 2020]

доколу државата има квалитетно образование и здравство, и овој резултат нè става повторно под просекот во регионот.[165] Квалитетните и бесплатни витални јавни услуги како што се здравството, образовнието и судството се битен елемент за ослободување и демократизирање на економијата, а со тоа и на општеството.

Здравството е примарен стабилизатор на социјалната благосостојба и со тоа на здравиот економски прогрес во една држава. Ако се направи анализа колку проценти од бруто домашниот производ се одделуваат за јавното здравство ќе видеме дека Македонија треба многу повеќе да вложува за да се приближи до европскиот просек. Последните податоци од 2017 година покажуваат дека просекот во ЕУ бил 7.42 отсто, додека Македонија одвојувала речиси двојно помалку - само 4.07 отсто. Овој просек нè става на последно место во Балканот, и исто така помеѓу последните земји во европските пошироки рамки. Ако не се земе предвид 2013 година, Македонија од 2006 па сè до 2017 година никогаш не одделувала повеќе од 4.2 отсто за јавното здравство.[166]

Поради ниското вложување во јавното здравство, граѓаните се приморани при своето лекување да платат голем дел од свој џеб. И покрај универзалната опфатеност на македонскиот здравствен систем, една третина од трошоците за своето лекување граѓаните мораат да го платат сами иако биле здравствено осигурани. Здравствените трошоци кои нашите граѓани ги покриваат од својот џеб изнесуваат 35,41 проценти од вкупните здравствени трошоци, што е двојно повеќе од просекот на ЕУ од 15,69 проценти, што го зголемува финансискиот ризик на нашите граѓани и ја продлабочува сиромаштијата.[167]

---

[165] Светска Банка, СБ. (2018, октомври). „Ако ПЈР Македонија преземе мерки сега, децата родени денес би можеле да бидат поздрави, побогати, попродуктивни“ worldbank.org/mk/news/press-release/2018/10/11/if-macedonia-acts-now-children-born-today-could-be-healthier-wealthier-more-productive [26 декември 2020]
[166] World Bank, WB. „ Domestic general government health expenditure (% of GDP)“, data.worldbank.org/indicator/SH.XPD.GHED.GD.ZS?most_recent_value_desc=false [26 декември 2020]
[167] World Bank, WB. (2017). „Out-of-pocket expenditure (% of current health expenditure)“ data.worldbank.org/indicator/SH.XPD.OOPC.CH.ZS [26 декември 2020]

Уште еден проблем што се јавува во последната декада а што го урива угледот, довербата и финансирањето во јавното здравство е јавно-приватното партнерство (ЈПП) што на голема врата се најавува а дел е и имплементирано во здравството. Со ваквата агенда полека но сигурно основните здравствени услуги како примарната здравствена заштита и итната помош стануваат сè понедостапни за посиромашните, кои не можат да си дозволат да ги користат услугите на приватните болници. Уште една директна последица на ЈПП е губењето на реткиот здравствен кадар кој се префрлува од државните болници во приватните поради поголемите плати и поквалитетната инфраструктура. Иако овој модел сè повеќе е присутен во домашните партиски програми, резултатите од ваквиот метод во здравството во светот не ги дава саканите резултати и ја немаат ветувачката ефикасност. Затоа советите на дел од научната фела е владите да се воздржат од ваквите штетни авантури.[168]

Македонија малку вложува и во образованието. Кога се стекна нашата независност во 1991 и 1992 година, 4,73 проценти од вкупниот БДП се одделуваа за образование, за по 10 години тоа да се намали на 3,30 што е за една четвртина помалку. Во 2016 година, јавните вложувања во образование во Македонија како процент од БДП изнесуваа 3,7 проценти што е помалку од просекот на ЕУ од 4,8 проценти. Но, земји во регионот што имаат слични вложувања во образованието како нас, на европските рангирања и ПИСА тестовите имаат подобри резултати, што значи дека покрај ниското финансирање, образовните политики што се спроведуваат немаат темелна идеја и имплементација и просветните работници не се мотивирани поради условите и ниските плати. Во нашата држава и самите згради на училиштата се во лоша состојба, толку лоша што според ОЕЦД, на една третина од училиштата им е потребно сериозно реновирање.[169] Сето ова го потврдува

---

[168] Parker, L.A., Zaragoza, G.A., Hernández-Aguado, I (2019). Promoting population health with public-private partnerships: Where's the evidence?. BMC Public Health 19, 1438 bmcpublichealth.biomedcentral.com/articles/10.1186/s12889-019-7765-2#Abs1 [26 декември 2020]

[169] The Organisation for Economic Co-operation and Development, OECD. (2019). „The education system in the Republic of North Macedonia" doi.org/10.1787/9b99696c-en [26 декември 2020]

фактот дека кај нас нема внимателно системско планирање во образованието и образованието не се гледа како државен приоритет.

## 7.3 Поголеми државни инвестиции во инфраструктура

Мнозинството економски теоретичари ја поддржуваат тезата дека државните инвестиции во инфраструктурата имаат позитивен економски стимул, т.е. имаат изразен ефект врз растот на БДП. И тоа не само на растот на краток и на долг рок, туку и на работничката продуктивност.[170] Ефектите од државните инвестиции во средно и ниско развиените земји секогаш ќе бидат подобри доколку јавната потрошувачка и капиталните инвестици бидат насочени кон нови патишта, железници, енергетика, канализација, информатичка инфраструктура и посебно за кај нас поради големото аерозагадување и помалите сметки - гасификација. Освен самиот износ на инвестиции, многу е важна и нивната структура. Кај нас во изминатите 10-ина година голем дел од јавните инвестиции се однесуваше на проектот „Скопје 2014“, во кој голем дел од парите беа искористени за административни згради и споменици, завршувајќи во голем дел надвор од државата.[171] Овие вложувања никако го немаат ефектот кој би го имале вложувањата во гореспоменатите области.

Голем проблем што државата го има со капиталните инвестиции е нивната слаба реализација. Секоја година имаме по стотици милиони евра нереализирани државни капитални инвестиции. На пример, за 2019 година биле предвидени 422 милиони евра, за со ребаланост тие да се намалат на 370 милиони, а од нив да бидат реализирани само 290 милиони евра, или само 68 отсто од првично

---

[170] Fournier, J-M. (2016), „*The Positive Effect Of Public Investment On Potential Growth*“, published by OECD, available at: www.oecd.org/economy/public-finance/The-positive-effect-of-public-investment-on-potential-growth.pdf [26 декември 2020]

[171] Македонска академија на науките и уметностите , МАНУ. (2017, септември). *Макроекономските ефекти на фискалната политика во Република Македонија* http://manu.edu.mk/wp-content/uploads/2017/03/Taki-Fiti-Makroekonomski-efekti-_-za-mail.pdf [26 декември 2020]

планираните. Во последните 12 години бележиме и послаб степен на реализација како што е 2009 година каде што имаме само 47 проценти реализација. Според некои проценки и сценарија, економските трошоци поради нереализираните капитални инвестиции во периодот од 2010 до 2018 година ја чинат Македонија околу 700 милиони евра.[172] Ваквите очигледни пропусти кои веќе имаат своја традиција помеѓу сите владејачки партии ја прават нашата држава место со лоша инфраструктура и услови, а тоа директно влијае на нашата продуктивност, регионалната конкуретност и општо на животниот стандард на граѓаните.

### 7.4 Индустриска политика

Поради хегемонската логика на неолиберализмот многу економски теоретичари од Западот остануваат песимисти кога е во прашање ефикасноста и иновативниот капацитет на државните претпријатија[173]. Но, ако се погледне во блиското минато, растот на Кина преку државните претпријатија и државната вклученост во информатичката и воената иновативност во Америка јасно го демантираат тоа тврдење. На листата на Форбс на 2000 најмоќни компании во светот, во првите 10 има 4 државни кинески компании, од кои едната - Индустриска и трговска банка на Кина  - е 7 години по ред на прво место.[174] А во Америка, голем дел од информатичките и технолошки иновации се помогнати или директно креирани од државата. Секако најпознатата иновација на нашата доба е интернетот, кој беше првпат прототопизиран во октомври 1969 година од страна на ARPANET (Advanced Research Projects Agency Network) а беше финансиран од американското Министерство за одбрана. Најпознатата интернет страница на светот, Google.com во својот зародиш, кога сè уште беше именувана како google.stanford.com беше

---

[172] Гарванлиева Андонова, В. Республика. (2019, декември). „*Доколку ги реализиравме јавните капитални инвестиции можеби ќе имавме и поголем економски раст*" respublica.edu.mk/blog/2019-12-23-09-17-17 [26 декември 2020]

[173] За државни претпријатија се сметаат претррijатијата во кои државата директно или индиректно поседува над 50.01 процент  од акциите на национално или субнационално ниво.

[174] Forbes. (2019). „*GLOBAL 2000 - The World's Largest Public Companies*" www.forbes.com/global2000/#564e7df335d8 [26 декември 2020]

спонзорирана од повеќе државни федерални агенции, од која најпозната е Националниот Научен фонд која и ден денес спонзорира речиси 90% од академските истражувања од областа на информатичките науки.[175] Наспроти логиката на „слободниот пазар“ која најпрво ја калкулира профитабилноста и ризикот на инвестицијата, државата со своите институции, логистика и компактност има најефикасни механизми да ја приоретизира економијата и да го насочи нејзиниот правец кон јавното добро.

Веднаш откако Македонија ја доби својата независност во 1991 година започна процес на приватизирање на државните фирми. Тој процес за многумина беше единствениот начин за нашата држава да транзитира од социјалистичка во либерално-демократска држава. Иако со начинот на кој се направи приватизацијата се обезвреднија самите фирми, и дел од граѓаните ги загубија своите работни места и акциите во фирмите, скепсата кон ефикасноста на државните фирми и државните интервенции е актуелна до ден денес. Досега сите влади во нашата држава, наместо системски и искрено да ги помагаат државните претпријатија, најчесто се дел од партиско-коалиционите пазари и функционирајќи на тој начин сѐ повеќе ја губат довербата помеѓу граѓаните. Во минатото најуспешните државни претпријатија како ЕВН и Македонски Телеком беа приватизирани, а денес дел од преостанатите државни фирми кои се помалку профитабилни како Македонска пошта и Македонски Железници се спремаат за приватизирање. Наместо да има системска реорганизација и модернизација, владите за ваквите претпријатија се одлучуваат да ги трансформираат по принципот на јавно-приватно партнерство.

Македонија за прв пат ја промовираше својата Индустриската стратегија во 2009 година. Таа за разлика од индустриските стратегии на другите земји, немаше конкретно зацртани цели и поради тоа беше тешко да се измери нејзината успешност. Европската комисија во 2014 година ја оцени како стратегија со мал успех, а пак самото Министерство за економија во 2018 година ја оцени како

[175] Larson, R. (2020). „Bit Tyrants: The Political Economy of Silicon Valley“,Fernwood Publishing Company, Limited. p.140

широка, генеричка и со низа на слабости.[176] Новата Индустриска стратегија на РМ за 2018-2027 година делува поструктуирано од старата со нови зацртани цели, индикатори и мерливост, нови легислативи како Законот за финансиска поддршка на иновации и фокус на преработувачката индустрија. Но коруптивните практики, т.е. „бракот од интерес“ помеѓу функционерите и бизнисмените и злоупотребата на своите функции ја подриваат секоја стратегија. Таков е и случајот со грантовите од повикот на Фондот за иновации и технолошки развој. Во 2018 година имаше низа скандали поврзани со фирми на 6 тогашни функциониери кои добиле грантови од Фондот. Двајца од нив беа вицепремиерот Кочо Анѓушев и пратеникот од СДСМ Хари Локвенец, па под притисок на јавноста тие и дел од другите мораа да ги повлечат понудените проекти за кои добија пари.[177] Но логиката на заробена држава не познава партии, туку бизнис интереси, така што на овој конкурс средства добија и функционери од претходната власт. Јавното обвинителство за овој конкурс веднаш отвори предистражна постапка за да се утврди дали е сторен криминал. Во следниот повик за учество на истиот конкурс во 2019 година, иако имаше услов за забрана за учество на функционери, повторно имаше скандали и обвинувања за добиените грантови, дека условот бил изигран преку промена на сопствеништво.

Ваквите коруптивни практики при државните интервенции, безусловното фаворизирање на странските инвеститори врз грбот на работниците и државата и неприоретизирањето на државните фирми ја прават Македонија земја со многу слаба конкурентност, толку слаба што според Глобалниот индекс на конкурентност за 2019 година на Светскиот Економски Форум е последна во регионот.[178]

---

[176] Министерство за економија на Република Македонија. (2018, октомври). „*Индустриска стратегија на Република Македонија 2018-2027*“, стр 5. http://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf [26 декември 2020]

[177] Беловски, П. Телма. (2018, август). „*Уште 4 фирми признале пред Фондот за иновации дека имаат сопственици функционери*“. arhiva.telma.com.mk/ushte-4-firmi-priznale-pred-fondot-za-inovatsii-deka-imaat-sopstvenitsi-funktsioneri/ [26 декември 2020]

[178] World Economic Forum, WEF. (2019) „*The global competitevness report 2019*“ http://www3.weforum.org/docs/WEF_TheGlobalCompetitivenessReport2019.pdf [26 декември 2020]

## 7.5 Економска демократија

Економската криза од 2008 година укажа дека постоечкиот социо-економски систем не е компатибилен со основните демократски начела, т.е. не работи за мнозинството туку за мала бизнис-политичка елита. За време на кризата, продажбата на „Капиталот“ на Маркс се зголеми за 300 проценти, бидејќи луѓето почнаа да се сомневаат дека демократија не е можна во услови на ваков економски систем кој произведува само поголема концентрација на моќ и ресурси за елитите. Затоа како одговор се појавија нови движења па и официјални мејнстрим политики кои повикуваат на нови сопственички модели во претпријатијата, т.е. поголема вклученост на самите работници во водењето на фирмите и добивање на дел од акциите од самите фирми во кои работат. За нашите генерации тоа можеби е некоја новост, но нашиот претходен систем имаше слична форма на организирање на општеството. Денес, тоа кај нас речиси да го нема, но во Америка и Британија постои широко распространета практика на сопственост на акците од страна на вработените. Една од најголемите студии што се направени за ваквата практика доаѓа од британското Министерство за Бизнис, Иновации и Вештини во 2012 година која правела анкета на работници од 41 бизниси со работничко-сопственичка структура и работници од 22 работници со регуларна капиталистичка структура. Заклучокот од студијата е дека работниците кои се вклучени во одлучувањето имаат посилен долгорочен фокус, подобри перформанси и претпочитале да имаат поголем внатрешен раст одошто надворешен.[179] Откако Британија почна вистински да ги чувствува последиците од економската криза од 2008 година, дури и еден од економските најлиберални функционери заменик-премиерот Ник Клег во 2012 година ја искритикува тогашната економска ситуација дека е „монополизирана од тесно малцинство кое ги гледа само своите интереси“ и повика на „декада на

[179] Department for Business Innovation and Skills. (2012, јули) „The Employee Ownership Advantage, Benefits and Consequences“, p. 5 assets.publishing.service.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_data/file/31668/12-929-employee-ownership-advantage-benefits-and-consequences.pdf [26 декември 2020]

работничко-сопственичка економија“.[180] Водачот на Лабуристите, Џереми Корбин во изборната програма за 2019 година повика и на порадикален чекор во ваквото организирање со гарантирана ⅓ од местата во управните одбори на фирмите да им припаѓаат на работниците. Еден од демократските кандидати за претседател во Америка во 2020 година, Берни Сандерс, исто така ја застапуваше истата идеја. Додека останува песимизмот кон тоа колку може работниците вистински да ја контролираат насоката на компаниите преку вклучување во нејзините одбори, овој чекор е поттик за натамошен развој на моделот преку воведување на нови попрогресивни системи на демократска контрола.

### 7.6 Алтернативни економски форми на организирање

Постојат различни варијации на работничко сопственишто врз средствата за производство, од добивање само минорен дел од акциите на фабриката, без никаква контрола во управувањето и распределбата на профитите, до целосна сопственост на фирмата од страна на вработените, а во некои случаи и на потрошувачите, со демократско управување. Претпријатијата кои се одлучуваат за целосно сопственишто од страна на работниците се нарекуваат **задруги или кооперативи**. Тие иако создаваат профит и се стремат кон ефикасност како и другите фирми, немаат како своја примарна цел максимизација на профитот, туку работничка партиципација и омоќување за меѓусебна распределба на профитот од услугите или добрата, како и раководење на фирмата преку демократски механизми за одлучување.[181] Авторитети како Обединетите Нации и Европската комисија го потврдуваат сентиментот дека задругите може да имаат позитивна и унапредувачка улога во општеството, посебно во одржливиот развој. И дел од домашните автори набројуваат низа на придобивки од работничко-сопственичките структури како што се: стабилност и континуитет, доброволна партиципација,

---

[180] Wintour, P. The Guardian. (2012, January) „Nick Clegg pushes 'John Lewis'-style economy“ www.theguardian.com/politics/2012/jan/15/nick-clegg-john-lewis-economy [26 декември 2020]

[181] Menke, J. D. and Buxton, D. C. (2010), ‘The Origin and History of the ESOP and Its Future Role as a Business Succession Tool’, Jour-nal of Financial Service Professionals

создавање работни места и фер распределба на вишокот профит, подигнување на класната свест и зголемена политичка партиципативност, зголемена финансиска сигурност итн.[182] Денес кооперативите низ светот вработуваат над 279 милиони луѓе, а најпознатата кооператива е шпанската Мондрагон која вработува дури 74.355 луѓе и има годишен обрт од 12 милијарди евра. Разликите во третманот на работниците помеѓу ваквите организации и организациите кои се засновани на максимизирање на профит се повеќе од очигледни. Менаџерите во американските корпорации во просек земаат 400 пати повеќе од работниците, додека во Мондрагон соодносот е само 5. Мондрагон има своја кооперативна банка која им овозможува на вработените да подигнуваат кредити по најповолни стапки, идентичен родов сооднос во платите а и добар сооднос во застапеноста - 43 проценти од вработените се жени. Сепак, светското и европското искуство не кореспондира со искуствата и моменталната состојба во Македонија. Моментално има регистрирано околу 40 земјоделски задруги, и неколку потрошувачки и информатичарски задруги. За ваквиот мал број делумно е виновна и државата, која нема донесено национална стратегија или мерки за помош и создавање на кооперативи. Во овие 30 години немаше план и визија за да создаде институционален план и политичка култура за да развива кооперативи како што го правеа тоа другите европски земји. Ваквите модели кои ја намалуваат невработеноста која е вечен проблем кај нас, можат лесно да се креираат и да обезбедат егзистенција и прогрес во нашето општество но тоа е невозможно ако бидат системски игнорирани.

Уште една алтернативна форма на економска организација се **социјалните претпријатија**. Ваквите претпријатија според својата визија и мисија покрај генерирање на профит се заложуваат и за постигнување на одредени социјални и еколошки цели. Делуваат по принципите на инклузивност и солидарност и често одлучуваат базирано на „еден човек - еден глас“. Социјалните претпријатија имаат широк концепт и под него може да спаѓаат кооперативи, формални колективи и

---

[182] Шишовски, Ј., Ѓорѓиоска, А., Јанев, Г. Левичарско движење Солидарност (ЛДС). (2016). „Задруги за 21 век : алтернативен модел за економска демократија и развој во Македонија“

асоцијации. Во Европската Унија 2 милиони социјални претпријатија вработуваат повеќе од 11 милиони луѓе или околу 6 проценти од вкупната работна сила. Според Европската Комисија, 160 милиони луѓе во Европската Унија на еден или друг начин се дел од социјалните претпријатија и придонесуваат за вклучување во работен однос на маргинализирани и стигматизирани лица, одржлив раст, регионален и рурален развој, заштита на потрошувачите, фер однос кон животната средина и зголемување на вработеноста и со тоа - зголемување на социјалната безбедност.[183]

Во Македонија поради немањето на соодветна законска рамка, многу е тешко да се определи бројот на социјалните претпријатија. Според некои пресметки, има од 40 до 70 социјални претпријатија кои имаат економски активности, без притоа да се сметаат земјоделските кооперативи. Најголем дел од нив имаат помалку од 5 вработени, годишен приход под 100 000 евра и главно зависат од грантовите на странските донатори.[184] Законската форма за социјалните претпријатија е присутна во разни државни стратешки планови и агенди, дури во една од нив - „Стратегија за соработка на владата со граѓанскиот сектор 2012-2017“владата се обврзува да направи нов закон за социјално претприемништво во периодот од 2014 до 2016 година, но и по 8 години од објавувањето на оваа стратегија и смена на неколку влади, до денес не е донесен ваков закон. Поради немањето на законска дефиниција за социјалните претпријатија и посебни фондови владата им дава приоритет на типичните претпријатија. На конкурсот од владината Програма за конкуретност, иновации и претприемништво до 2017 година се помогнати 37 компании, од кои само 4 имаат висока социјална компонента. И ретките анализи за социјалното претприемништво во Македонија и луѓето кои се вклучени во социјалните претпријатија го имаат истиот став - дека за ваквата лоша состојба

[183] European Commission, EC. „Social Economy “, ec.europa.eu/growth/sectors/social-economy_en [26 декември 2020]
[184] Varga, E. (2017). „Social Enterprise Ecosystems in Croatia and the Western Balkans“. Nonprofit Enterprise and Self-sustainability Team

првенствено е виновна државата поради недостатокот на политики и законска рамка, ексклузивни фондови и линија за поддршка на овој бизнис.[185]

Голем дел од социјалните претпријатија се помогнати од **етичките банки**, кои се голем сојузник на овие фирми и имаат слична идеологија и крајна цел. Наместо да се подигаат кредити од конвенционалните банки каде дел од профитите ќе завршат кај нив, етичките банки нудат најповолни кредитни услови, поголема толерантност кон исплаќањето, транспарентност во функционирањето и поширок спектар за луѓе кои можат да подигнат кредит - луѓе кои најчесто кои не би добиле шанса во типичните банки. Етичките банки исто така им даваат шанса на малите и средни претпријатија кои во друг случај би биле маркирани како ентитети со среден и висок ризик поради голема конкуренција и со тоа би добивале полоши каматни стапки, разни гаранции за банкрот и помали заеми. Покрај кредитирањето, овие банки имаат и свои социјални и еколошки проекти кои имаат за цел да ѝ помогнат на заедницата а со тоа и да го прошират своето влијаније и да имаат поголем раст. Како и кооперативите и етичките банки секогаш овозможуваат и стимулираат висока партиципација на вработените, акционерите и членовите на банката во своите управни органи. Првите нео-етички банки во Европа се појавија пред 30 години, а најпознатите се наоѓаат во Холандија, Италија и Франција. Сите овие банки се здружени во „Европската Федерација на Етички и Алтернативни Банки и Финансиери", која брои 28 членки од 15 земји, има над 3 300 вработени и вкупен капитал од 30.5 билиони евра.[186] Во регионот кај нас има три етички банки - Cooperative for Ethical Financing - Ebanka од Хрватска која функционира од 2014 година и две етички банки во Грција кои се активни од 1993 и 1994 година. Во Македонија освен ретко медиумско присуство за етичките банки, нема дискусија ни на теоретско ниво.[187]

---

[185] Фондација Фридрих Еберт - Скопје, ФФЕ. (2016). „Анализа на состојбите и предизвиците за развој на социјалното претприемништво во Република Македонија" https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/12619.pdf [26 декември 2020]
[186] European Federation of Ethical and Alternative Banks, Febea. (2020). „*Our numbers*", www.febea.org/febea/news/our-numbers [26 декември 2020]
[187] М.В., Академик. (2016, јуни). „*Луѓето се поважни од профитот - Горан Јерас, етичкиот банкар кој му се спротивстави на класичното банкарство*", akademik.mk/lugjeto-se-povazhni-od-

*Работничка окупација: случајот на VioMe*

Еден од најрадикалните демократски чекори во денешно време е работничката окупација и рестартирање на фабриките после нивно банкротирање и нефункционирање. Тоа е еден вид на градење на паралелен систем во самиот капитализам и надеж дека на овој систем граѓаните ефективно може да му се спротивставaт. Ваквата акција нуди нови креативни начини за реобмислување и реорганизација на трудот и животот општо. Ваквите окупации не се некоја новост, тие беа дел од работничкото рестартирање на фабриките во Италија во 1920 година и во Франција за време на мајските протести во 1968 година. Но во поново време, инспирирани од успехот на движењето за работничкото рестартирање Empresa recuperada во Латинска Америка каде после 2000 година имаше 235 рестартирани фабрики од страна на работниците,  имаме и успешен пример во регионот - фабриката за градежни материјали VioMe во Солун.[188] Фабриката прогласи банкрот во 2011 година, оставајќи ги работниците на улица со неисплатени плати и бенефици со вкупна сума од 1.5 милиони евра, но во исто време не ги отпушти и со тоа им оневозможи да ги користат бенефициите за невработеност. Работниците за прв пат влегувааат во фабриката во 2013 година за да го спречат продавањето на машините и целата инфраструктура. После овој првичен успех, работниците се решаваат да ги преземат машините во свои раце и да го пренасочат производството од градежни материјали во еко сапуни и детергенти, кои се безопасни за средината и човековото здравје. Фабриката е регистрирана како кооператива, континуирано работи изминатите 7 години, брои 30 работници кои имаат исти плати и по принципот на директна демократија хоризонтално одлучуваат за плановите за производство. И покрај големата легална и економска неизвесност, со солидарноста и поддршката од грчкиот народ,

---

profitot-goran-jeras-etichkiot-bankar-koj-mu-se-sprotivstavi-na-klasichnoto-bankarstvo/ [26 декември 2020]

[188] Martin, J. Marxist. (2005, November). „*First Latin American gathering of worker-recovered factories - Chavez announces further expropriation*“ www.marxist.com/gathering-worker-factories021105.htm [26 декември 2020]

отпуштените работници успеаја да си ја подобрат својата финансиска состојба и да послужат за инспирација во останатите делови од општеството. Така, земајќи пример од VioMe, откако владата на Самарас ја затвори државната радио и телевизија ЕРТ во 2013 година и остави 430 работници на улица, дел од нив одбија да го напуштат своето работно место и со самоуправувачки манир продолжија со емитување на програмата преку интернет. Зградата на ЕРТ остана окупирана од работниците сè до 2015 година кога владата на левичарската Сириза повторно ја врати во државна сопственост и пак ги вработи работниците. Ваквата пракса иако изглеа утописка се покажува практична во реалноста и ги модифицира потребите кон создавање на заедничко добро, поддршка, солидарност, еднаквост и социјална правда.

## 8. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

*„Сиромаштијата беше природа која преживеала во општеството; а фактот што конечноста на храната и бесконечноста на човекот влегоа во конфликт баш тогаш кога ветувањето на безграничното растење на богатството се распрсна над нас само ја направи иронијата уште погорчлива.“*[189]

— Karl Polanyi, The Great Transformation: The Political and Economic Origins of Our Time

*„...Ако му се дозволи на механизмот на пазарот да биде единствениот диригент на судбината на човечките суштества и нивната природна средина, еднаков на количината и употребата на куповната моќ, тоа ќе резултира со уништување на општеството. Бидејќи таканаречената „моќ на трудот” не може да биде изгазена, користена несовесно, или дури и оставена воопшто неискористена без да му влијае на човечкото суштество кое од некоја причина е носителот на оваа чудна стока. Ако ја отфрли моќта на човечкиот труд системот инцидентно ќе го исфрли и физичкиот, психолошкиот и етичкиот ентитет на „човекот” кој е на етикетата. Ограбен од заштитната обвивка на културните институции, човечките суштества би исчезнале поради општествената изложеност; би умреле како жртви на една акутна општествена дислокација низ пороците, перверзиите, криминалот и изгладнетоста. Природата би се редуцирала на своите елементи, населбите и пејсажите би биле осквернавени, реките би биле загадени, воената безбедност загрозена, моќта да се произведува храна и сирови материјали уништена*.“[190]

Аристотел рекол „Сиромаштијата е мајка на револуцијата и на криминалот“. Кај нас преставниците на крупниот капитал направија своја револуција и станавме

---

[189] Polanyi, C. (1944). *The great transformation: the political and economic origins of our time.* Beacon Press books (2014), p. 88.
[190] Ibid стр. 76

хронично сиромашна земја. Приватизацијата во 90-тите и авторитарното и коруптивно владење на ВМРО ДПМНЕ од 2006 година до 2015 година се еклатантен пример за осиромашувањето на народот преку економски политики од кои полза има само мала привилегирана група. Тоа што колективно се градеше децении наназад, властите во Македонија за 30 години успеја да си го присвојат и во тој процес да ја заробат државата.

Заробувањето на државата е термин креиран од европските центри, кај нас популаризиран од Рајнхард Прибе, германскиот експерт за владеење на правото, термин кој конвенционално се сфаќа како тест и рамка за политичката стабилност и функционирање на демократијата во земјите во транзиција. Покрај најчесто споменуваните елементи кои го сочинуваат заробувањето на државата како што се невладеење на правото, корупција, намалување на човековите права, гушење на слободата на медиумите, авторитарно владеење на извршната власт и неконтролирана моќ на разузнавачките служби, елементот без кој не може да се согледа целосно заробувањето на државата е економскиот интерес на преставниците на крупниот капитал кои заедно со политичарите креираат политики кои одат исклучиво во нивна корист. Поради распространетата корупција која ги зафаќа речиси сите државни институции наместо тие да ја извршуваат нивната примарна функција - да служат во интерес на граѓаните, преку занемарување на правдата и измена на законите стануваат алатка за зачувување и унапредување на моќта и богатството на една мала но многу моќна елита. Во достапната литература и научни трудови кога се нудат начини за одзаробување на државата се спомнуваат решенија како поголема демократија, поголемо вклучување на ЕУ заедницата, нулта толеранција кон корупцијата, реформи во правосудството, дури и поефикасни мерки за либерализација на пазарот, но ретко се нудат решенија кои ќе почиваат на различни економски системски принципи. Дури и партиите кои се декларираат како левичарски, социјал-демократски, кога ќе дојдат на власт ја напуштаат таа реторика и се приклонуваат кон бизнис заедницата.

Операцијата за ваквото заробување на институциите, дел од економските теоретичари ја поврзуваат со глобалниот социо-економски систем наречен неолиберализам кој донесе нови форми на експлоатација и акумулација. Дејвид Харви го опишува неолиберализмот како глобален проект кој започна во крајот на 70-тите години, во кој централна идејна точка е фундаментализамот на слободниот пазар и намаленото влијание на државата во регулирањето на пазарот. Саад-Фиљо се надоврзува на Харви и го објаснува неолиберализмот како проект за глобална интеграција на бизнис елитата на чело со Америка, додека Лапавицас во неолиберализмот ја издвојува финансијализацијата како процес на структурна реконструкција на капитализмот, при што финансискиот капитал се одделува од продуктивната сфера и со тоа се создава голема економска нееднаквост која ја плаќаат работниците насекаде во светот. Иако девизата на неолиберализмот е систем во кој што сите ќе можат индивиудално и рамноправно да се натпреваруваат во еден претприемнички дух, резулатите го покажуваат спротивното: во 2017 година најбогатите 8 луѓе на светот поседуваале исто колку и најсиромашните - 3,8 милијарди луѓе. Ваквиот трансфер на богатството не може да се случи легално без промена на законите и манипулација на регулациите. Дел од ваквата манипулација која може да биде синонимна со концептот на заробена држава, некои економисти како Стиглер ја нарекоа „заробување на регулаторите" – корумпирање на регулаторите од страна на групите што треба да ги регулираат, со цел да ги натераат да им служат на нивните приватни интереси наместо јавните.

Во случајот со Македонија, индикациите за економското заробување на државата може да се анализираат преку повеќе канали од кои извира политичка и правна моќ. Клучните економски позиции во секоја влада во последните 15-ина години се доверени на претставници на крупниот бизнис, додека синдикатите никогаш немале претставник на висока позиција во извршната власт, а и многу поретко остваруваат средби со функциониерите за разлика од стопанските комори. Кога преставниците на крупниот бизнис се блиску до владата може да ги диктираат економските политики кои одат во нивни прилог. Таков е случајот со смената на министерот за финансии Тевдовски кој се бореше за поголеми социјал-демократски мерки. Под

притисок од стопанските комори, набрзо беше сменет со нова министерка која го укина прогресивниот данок по само 9 месеци од неговото воведување. Ваквиот епилог не е исклучок, туку капиталистичко правило под кое се потчинуваат сите влади. Работниците во ваквата констелација се континуирани губитници, со неефикасен трудов инспекторат, мали плати, несигурни работни договори и небезбедни работни места. Синдикализмот тешко се изборува со сопствениците на домашните и странските компании кои се заштитени од владата. Владините привилегии на странските компании не се само во ослободување од даноци и добивање грантови, туку и дозвола имплицитно да го забранат синдикалното организирање во нив. Во последните 15 години уште еден систем кој ја следи бизнис логиката е јавното приватно партнерство во кој што приватниот сектор се вклучува во обезбедување јавни услуги. Наместо да се обезбедат јавни услуги кои ќе бидат достапни за сите, се отежнува пристапот до нив за многумина и се создава поголем јаз.

За ваквата трансформација да ја наметне својата хегемонија во општеството потребни се инструменти од повеќе страни. Медиумите кои имаат сопственици кои се дел од крупниот бизнис или блиску до нив имаат интерес да се зборува за неолиберални реформи, невладините организации кои се занимаваат со економска политика претежно прават истражувања кои ја следат бизнис логиката, дури и професорите, т.е. академската фела кога пласира свои економски мислења во јавност најчесто дава поддршка на центристички или конзервативни идеи. Тука не може да се заборават меѓународните финансиски институции, европските бирократи и амбасадорите кои со својот авторитет сугерираат имплементација на слични мерки од кои корист ќе имаат странските компаниите кои ќе инвестираат во Македонија. Јавната администрација, и судството посебно, е потребно да се партизирани и непрофесионални за да можат да ја одиграат улогата во економското заробување на државата. Правосудството е еден од најбитните фактори за ситуацијата во која се наоѓаме затоа што најголемите економски криминали во државата остануваат неказнети исто како и високите функционери и бизнисмени за кои има позитивни пресуди од повеќе судски инстанци, но сепак не

поминале ни ден во затвор. Нивната правна недопирливост ги деморализира граѓаните, создава чувство на беспомошност и го отвора теренот за обиди за подмитување на локално и останато административно ниво.

